УНИВЕРЗИТЕТ "СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ"-СКОПЈЕ

*ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ*

*ИНСТИТУТ ЗА ОДБРАНБЕНИ И МИРОВНИ СТУДИИ*

# *ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПОПОЛНУВАЊЕТО НА ВООРУЖЕНИТЕ СИЛИ ВО ФУНКЦИЈА НА ПРЕСТРУКТУИРАЊЕТО НА АРМ И МОТИВИРАНОСТ НА МЛАДИНАТА ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ ВО ВООРУЖЕНИТЕ СИЛИ*

## ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА

**Ментор**
**Проф. Д-р.**
**Митко Котовчевски**

**М-р**
**Зорица Салтировска**

**Скопје,2007**

## СОДРЖИНА

страна

ВОВЕД ........ 3

I ДЕЛ ........ 7

*МЕТОДОЛОГИЈАТА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО* ........ 7

1. ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ОСНОВНИТЕ ПОИМИ И ПРЕДПОСТАВКИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ........ 8

2. МЕТОДОТ И ПОСТАПКИТЕ ПРИМЕНЕТИ ВО ИСТРАЖУВАЊЕТО ........ 18
   - *2.1. Приод кон проблемот на истражувањето* ........ 18
   - *2.2. Примерок* ........ 19
   - *2.3. Извори на податоци* ........ 22
   - *2.4. Постапки применети при анализа на податоците* ........ 23

II ДЕЛ ........ 31

*ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ВООРУЖЕНИТЕ СИЛИ ВО ФУНКЦИЈА НА ПРЕСТРУКТУИРАЊЕ НА АРМ* ........ 31

1. ПОПОЛНУВАЊЕ НА ВООРУЖЕНИТЕ СИЛИ НИЗ ИСТОРИЈАТА НА НАРОДИТЕ И ДРЖАВИТЕ ........ 32
   - *1.1. Национално-историските искуства значајни за воената организација на Република Македонија* ........ 35
     - *1.1.1. Македонското воено организирање во периодот од* 1903 до 1944 година ........ 38
     - *1.1.2. Организацијата на пополнувањето на вооружените сили во Република Македонија до нејзиното осамостојување* ........ 44

2. ПОПОЛНУВАЊЕ НА ВООРУЖЕНИТЕ СИЛИ ........ 49
   - *2.1. Поимот воена организација и основни типови воена организација* ........ 49
     - *2.1.1. Професионални воени организации* ........ 51
     - *2.1.2. Масовни армии и општа воена обврска* ........ 56
   - *2.2. Насоките за развој на воената организација кон професионализација и нејзиното влијание врз пополнувањето на вооружените сили* ........ 64
   - *2.3. Трансформација на Европските армии кон професионализација* ........ 71
   - *2.4. Пополнување на вооружените сили на Република Македодинја по нејзиното осамостојување* ........ 80
     - *2.4.1. Изградба на автентичен систем на одбрана и формирање на АРМ* ........ 80

*2.4.2. Определбата на Република Македонија за интегрирање во НАТО и превземени активности во таа насока* ........ 82
*2.4.3. Реформите во АРМ во функција на достигнување на критериумите на НАТО* ........ 87
*2.4.4. Регрутацијата и мобилизацијата* ........ 107

III ДЕЛ ........ 124

МЛАДИТЕ И НИВНАТА МОТИВИРАНОСТ ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ ВО ВООРУЖЕНИТЕ СИЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ........ 124

1. ПОТРЕБАТА ОД ИСТРАЖУВАЊЕ НА МОТИВАЦИЈАТА, СТАВОВИТЕ И ИНТЕРЕСОТ НА МЛАДАТА ПОПУЛАЦИЈА ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ ВО ВООРУЖЕНИТЕ СИЛИ ........ 125
*1.1. Значењето на мотивацијата* ........ 125
*1.2. Мотивираност на војниците во процесот на обуката и нејзиното значење* ........ 128
*1.3. Мотивираност на младата популација за вклучување во вооружените сили* ........ 133
*1.4. Ставовите и мотивацијата* ........ 136

2. РЕЗУЛТАТИ ОД ИСПИТУВАЊЕТО НА СТАВОВИТЕ НА МЛАДИНЦИТЕ КОН ВОЕНАТА ОБВРСКА ........ 142
*2.1. Степенот на поврзаност на варијаблите* ........ 142
*2.2. Резултати од испитувањето на ставовите на младинците кон АРМ* ........ 146
*2.3. Резултати од испитувањето на ставовите на младинците кон војничката професија* ........ 164

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА ........ 182

БИБЛИОГРАФИЈА

# ВОВЕД

Случувањата во светот, а посебно оние од последната деценија на 20^{ти} век па наваму, покажуваат дека безбедноста на народите и државите е мошне ризична и дека светот во кој живееме е опасен и несигурен кога е во прашање безбедноста на луѓето. Од стекнатите искуства, јасни се неколку фактори:

- Меѓународната безбедносна ситуација се менува мошне брзо;
- Надворешните опасности се појавуваат неочекувано и од непредвидени извори;
- Малите непровокативни нации и новите независни држави често се жртви на агресија;
- На надворешни напади не се имуни дури и големите земји со развиени воени капацитети;
- Внатрешните напади се честа појава ширум светот.

Заклучокот е неизбежен: постои потреба од одбрана. Но кога еден народ се соочува со напад, или со опасност од напад, воопшто не е лесно да се спроведе ефикасна одбрана, т.е. зачувување и заштита на независноста и суверенитетот на тој народ. Проблемите на сигурноста и на ефикасноста во одбраната се посебно акутни за помалите и посиромашни држави, како и за тие кои неодамна се стекнаа со независност и прават огромни напори да воспостават демократски системи. Прашањето за изнаоѓање ефикасен модел на национална одбрана бара да се води сметка за:

- Опасностите од војна и внатрешно насилство;
- Ризикот од губење на самостојноста ставајќи ја сопствената одбрана во рацете на странски, моќни држави; и
- Високата економска цена на модерното воено организирање кое ги отежнува и онака сериозните економски проблеми.

По своето осамостојување, Република Македонија се определи за изградба на сопствен одбранбен систем, како и сопствена армија, која во изминатиот период во чекор ги следеше предизвиците на времето и постојано ја зајакнуваше својата борбена оспособеност. Свесна за нерационалноста и недоволната ефикасност на изолираните одбранбени системи на малите и економски неразвиени земји, Република Македонија уште од самиот почеток

на создавање сопствен одбрамбен систем се ориентираше кон политичка и воена интеграција во колективните системи за безбедност. Секако, крајна цел е зачленувањето во овие системи, а посебно во ЕУ и НАТО. Поради тоа, уште од самото формирање на АРМ, една од главните цели беше достигнувањето на стандардите кои важат за современите армии и создавање на армија која според својата структура и модалитет ќе биде компатибилна на НАТО и западните армии, што е и еден од условите за влез во Алијансата.

Имајќи ја во предвид потребата од преструктуирање на Армијата според нормите, критериумите и стандардите на НАТО, Министерството за одбрана во изминатите години разви широка воено - политичка соработка со земјите членки на НАТО, што ќе овозможи да извлечеме поуки и да превземеме чекори за подобрување и понатамошно преструктуирање на Армијата. Компатибилноста на АРМ со армиите на земјите членки на НАТО мора да биде воспоставена во сите сфери на воена организација и акција. Иако Република Македонија својата армија треба да ја изградува врз принципи кои се прифатени во земјите членки на НАТО, не треба да се заборават и националните особености на државата кои се значајни за изградбата и организацијата на Армијата. За да се изгради таква армија, неопходно е да се комбинираат сопствените искуства со искуствата на класичната одбранбена организација применета во земјите членки на НАТО. Притоа треба да се земат во обзир и специфичните услови, интереси и потреби на државата. Имајќи го тоа во предвид, основна задача на македонската одбранбена стратегија е да дефинира воен одбранбен систем со мала, современа, мобилна и добро опремена армија, изградена според стандардите на НАТО. Таквата армија треба да има реални можности да ја одбрани независноста и територијалниот интегритет на Република Македонија , но во исто време ефикасно да учествува во одбранбените акции на НАТО за одбрана на демократскиот свет од сите облици на загрозување.

Стремежот за изградба на мала, но моќна армија, само по себе го повлекува и прашањето на организацијата на пополнувањето на вооружените сили. Ова е едно од поспецифичните актуелни прашања во речиси сите држави на светот. Со брзиот развој на воената технологија и вооружувањето, пред човекот се поставуваат нови барања кои се однесуваат и на начинот на

кој ќе се пополнуваат вооружените сили. Колку стопанството ќе може да го издржи оптоварувањето кое произлегува од потребата за издвојување на материјални средства за воени цели, зависи од економскиот потенцијал на државата. Покрај ова, условите на воено организирање и начинот на пополнување на воените формации, значително ги менува и вооружената борба со своите законитости и карактеристики, начинот на нејзиното водење и улогата која му се придава на човекот како фактор. Според тоа, обликот на воената организација е условен од повеќе фактори, но пред сè од општествено - економските и техничко - технолошките карактеристики на општеството. За да се добие целосна слика за овој проблем, потребна е анализа на спомenатите фактори и нивното влијание врз организацијата на пополнувањето на вооружените сили.

Веќе неколку децении, во поголем број држави во светот, а особено во државите во транзиција, присутна е тенденција за укинување на масовните армии и создавање на мали професионални или полупрофесионални армии. Насоките кон таквата трансформација и нивното одобрување од страна на јавноста, се повеќе го актуелизираат ова прашање, без оглед на можностите на државата за негово решавање. Затоа е потребна компаративна анализа на тенденциите и можностите за професионализација на армиите во Европските земји членки на НАТО и кај нас, бидејќи професионализацијата на нашата армија е во функција на достигнување на критериумите на НАТО.

Отсуството на конвенционални закани кон Република Македонија и зголемените опасности кои произлегуваат од неконвенционални и глобални асиметрични закани, ја потврдува определбата за здружување на ресурсите со регионалните партнери и засилен ангажман во контекст на Алијансата. Поради тоа, трансформацијата на вооружените сили е круцијален интерес за Република Македонија и основен дел на критериумите за членство во евроатланската структура. Новите безбедносни предизвици и закани по мирот и меѓународната стабилност, бараат брз и ефикасен одговор, а за таков одговор е потребна добро обучена, опремена и оспособена армија, способна за распоредување и одржување и целосно професионална. За Република Македонија таквата армија е веќе сосема реална за во блиска иднина. Пополнувањето на единиците со професионални војници е процес кој трае повеќе години што овозможи бројот на воените обврзници постепено да се

намалува, за сметка на бројот на професионални војници. Така, до крајот на 2005 година бројот на воените обврзници е намален на 4 000. Бидејќи луѓето од секогаш биле и ќе бидат од суштинска важност за одбранбената способност на земјата, безбедноста е токму во способноста на општеството и надлежните органи да го привлечат, мотивираат и задржат најквалитетниот човечки потенцијал во единиците на АРМ, а посебно во професионалните. Мотивираноста на човечкиот потенцијал за вклучување во вооружените сили, а посебно мотивираноста во процесот на обуката има огромно значење и влијание врз способноста на Армијата да ги реализира своите задачи и цели.

Мотивацијата е појдовна основа на вкупниот успех на војниците во тој процес. Ставовите содржат мотивациона компонента, па и самите ставови се мотиви и со нивното мерење може да се дојде до мотивите кои се значајни за разбирање на човековото однесување. Затоа ставовите се најблизок пат за разбирање на мотивацијата. Со оглед на големото значење на мотивацијата на војниците во процесот на обуката потребно е да се согледаат основните фактори на мотивацијата на војниците во обуката, а посебно ставовите на младите и нивната мотивираност да се вклучат во тој процесс, бидејќи влијанието на ставовите врз постапките и мотивацијата не се ограничува само на судови и оценки, туку се манифестира и во одредени постапки. Тоа дава можности за предвидување на дејствувањето на луѓето врз основа на утврдување на нивните ставови. Војниците се млади луѓе и нивното општествено битие се толкува со интересите на младите. Во функција на проучувањата на мотивацијата на војниците, а и заради добивање сеопфатна слика за мотивираноста на младите за вклучување во процесот на обука во вооружените сили, треба да се испитаат ставовите на младите кон вклучувањето во вооружените сили како професионални војници. Добиените резултати ќе овозможат анализа на можните решенија околу зголемувањето на нивната мотивираност за вклучување во вооружените сили.

Секако дека во овој труд нема да бидат разрешени сите проблеми, но се надевам дека барем ќе се откријат и опишат состојбите и појавите, ќе се систематизираат и во рамките на можностите ќе се предложат и одредени решенија за подобрување и унапредување на состојбата во областа на пополнување на вооружените сили.

# I. ДЕЛ

# МЕТОДОЛОГИЈАТА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

# 1. ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ОСНОВНИТЕ ПОИМИ И ПРЕДПОСТАВКИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Во истражувачката практика, познато е дека теоријата не може да се разбере, ниту да се промени, ако не се дефинираат клучните поими кои ќе бидат застапени во истражувањето, бидејќи тие се основно средство за комуникација и научно мислење.
Поради тоа, потребно е прецизно дефинирање и определување, на поимите кои во понатамошната разработка (теоретска и емпириска) ќе бидат предмет на анализа.

а) Ако се запрашаме, што е тоа што го определува однесувањето на луѓето, делумен одговор би бил дека тоа се мотивите. Мотивите се двигатели што го активираат организмот и што ја насочуваат неговата активност кон определена цел. Тие ја побудуваат активноста и создаваат енергија која е неопходна да се реализира активноста. Значи, тие ја побудуваат, одржуваат или прекинуваат активнсота.

Според Рот Н [1], "Мотивите се фактори кои предизвикуваат , насочуваат, одржуваат и завршуваат одредено однесување. Тие се двигатели на човековото однесување и претставуваат извесно тежнеење да се постигне некоја цел". Доколку постои свест за поставената цел, за неопходноста да се постигне целта, свест за својата должност, обврска и одговорност, тешкотиите кои се јавуваат на патот кон постигнувањето на целта ќе бидат полесно совладани.

Во истражувањето кое е елаборирано во овој труд, мотивите се силите кои го побудуваат човекот на работа, постапки и дејност воопшто, кои овозможуваат задоволување на неговите материјални и духовни потреби. Секако дека има и мотиви кои го тераат човекот да се откаже или привремено да се воздржи од некои постапки или дејства или пак да ја промени насоката на дејствувањето, но благодарение на мотивите се насочува практичната

[1] Рот Н., (1988), "**Психологија група**", Београд: ВИЗ, стр.87.

дејност на луѓето. Без разбирање на мотивите на дејноста, не може правилно да се оценат постапките.

б) Посебно зачајно за трудот е дефинирањето на поимот мотивација, кој не е "чист" поим, туку "теоретска синатагма која се состои од идеи, извори, процеси, факти и слично".[2] Поради тоа, емпириски добиените факти нема да имаат никакво значење ако не можат да се објаснат со тероретската синтагма "мотивација".

Според Пајевиќ,[3] мотивацијата е процес на предизвикување, насочување и одржување на нашата активност заради постигнување на одредена цел со која може да се задоволи одредена потреба. Проблемите на мотивацијата, спаѓаат меѓу најзначајните проблеми во психологијата, бидејќи даваат клуч за разбирање на причините за човековата активност и однесување.

Преднаучните теории за мотивација причините ги барале во најразлични мистични и магиски сили кои дејствуваат во човекот или во слободната волја. Научните обиди, поаѓаат од барањето на вродени инстикти кои би биле вечен и непроменлив дел од човечкото биолошко наследство и кои го тераат на одредени облици на активност. Мора да се каже дека областа на мотивациајта не е доволно истражувана од страна на теоретичарите и истражувачите, кои сеуште дивергираат во своите настојувања да придонесат во нејзиното објаснување. Ефект од тоа е големата разновидност во пристапите кон мотивацијата од кои ниту еден сам по себе не е доволен. "Мотивацијата е многу покомплексна од кумулираниот збир на одговори добиени на прашањето: Зошто организмите се однесуваат на определен начин?"[4]

Факт е дека и при еднакви надворешни услови, постојат разлики во однесувањето на луѓето. Со поимот мотивација се објаснува зошто луѓето во определени услови избираат определен начин на однесување. При тоа тргнуваме од претпоставката дека тие се статични сè додека некој мотив не ги поттикне на активност. Објаснувањето на направениот избор на однесување е

[2] Дамјановиќ, Д., (1989), " Мотивација војника у обуци и васпитању", Београд: ВИЗ, стр.86.
[3] Пајевиќ, Д., (1983), "Мотивациони чиниоци избора војне професије", 1983, Београд: ВИЗ, стр. 63.
[4] Еванс, Ф., (1978), " Мотивација", Београд: Нолит, стр.14.

поврзано со мотивациајта. Во приближувањето кон целта, луѓето ги вршат активностите од кои очекуваат непријатни, т.е. аверзивни ефекти.[5]

Според Јанаков, "мотивацијата е целокупност на внатрешни својства и состојби што го поттикнуваат и одредуваат поведението или пошироко, активноста. Тоа е енергетска основа на активноста. Мотивацијата не е самостојна и независна од чувставата, познанието и телото".[6]

Најприфатлива е дефиницијата која ја дава Николовски[7], според која "под мотивација се подразбира внатрешна состојба на лицето која што го наведува да се обносува на специфичен начин". Придвижувачкиот аспект на мотивацијата е нејзина основна карактеристика. Мотивацијата ги тера луѓето да се ангажираат во определено дејствување. При тоа, мотивираните лица се чувствувааат обврзани да превземаат одредена акција, а немотивираните не чувствуваат таква обврска.

Основна карактеристика на свесното мотивационо однесување е целисходноста, истрајноста и насоченоста кон одредени цели. За позитивна мотивација зборуваме тогаш кога активноста е насочена кон цели кои се лично и општествено корисни. Но и за негативните облици на однесување може да се зборува како за мотивациони.

в) Има повеќе обиди да се дефинира поимот став. "Ставот е тенденција за позитивно или негативно реагирање кон одредени лица, објекти или ситуации"[8]. Оваа дефиниција не ги одредува посебните карактеристики на поимот став, па го изедначува ставот со други сродни поими (мнение, уверување, навики и сл.).

Според English и English (1958) "ставот е трајно стекната предиспозиција за доследно однесување кон некоја група на објекти".[9] Иако оваа дефиниција укажува на некои посебни карактеристики на ставот, не ги нагласува значајните моменти и не овозможува јасно разликување на ставот од другите поими кои се користат за објаснување на однесувањето на луѓето.

[5] Исто...,стр.12.
[6] Јанаков, Б., (2004), " Личност", 2 издание, стр.40.
[7] Николовски, Т., (2005), " Психологија на трудот", Скопје: филозофски факултет, стр 193.
[8] Маслов, А., (1982), "Мотивација и личност", Београд: Нолит, стр. 56.
[9] Исто, стр. 58.

Според Креч, Кречфилд и Балаки (D. Krech, R.S. Cratchutield и Z.E. Ballachey, 1972),[10] "ставовите се трајни ситеми на позитивно или негативно однесување, чувства и тенденции да се превземе акција за или против, а во однос на различни објекти". Овде се укажува на сложеноста на ставовите која многу автори ја истакнуваат како значајна карактеристика на ставовите.[11] При тоа се нагласува когнитивната, емоционалната и конативната функција на ставовите. Когнитивната компонента ја сочинуваат знаењата и сфаќањата за објектот кон кој постои ставот. Емоционалната компонента ја сочинуваат чувствата во врска со тој објект, а конативната компонента се состои во тенденциајта да се стори нешто во однос на објектот.

Според Звонаревиќ,[12] ставот содржи мотивациона компонента, па спред тоа и самиот став е мотив. Ставовите се најблизок пат за разбирање на мотивацијата, што во пракса има првостепено значење. Со мерење на ставовите, доаѓаме до мотиви кои се најзначајни за разбирање на човековите постапки. Ниту една друга психичка карактеристика на човекот, не влијае толку многу на политичките, културните и други случувања во општеството, како што влијаат ставовите. Луѓето не доаѓаат во судири и сомнежи, не водат војни и револуции поради разликите во интелигенцијата, паметењето и слично, туку поради разликите во ставовите. Тие се мошне значајни "динамички" карактеристики на личноста и имаат големо влијание на сите психички процеси и однесувањето. Познавајќи ги ставовите на луѓето најефикасно може да се влијае и предвиди нивното однесување. Ставовите имаат силна мотивациона сила.

Во истражувањето, како најприфатливо е дефинирањето на ставот според кое ставот е усвоена тенденција за позитивно или негативно реагирање кон некој предмет, личност или содржина, кое вклучува и тенденција за акција во однос на објектот кај кој постои ставот. Ставовите се учат и се стекнуваат во животот, може да се менуваат, но сепак имаат извесен квалитет на стабилност.

---

[10] Krech, D., Cratchutied, R.S., Ballachey, z.c., *1972). **"Pojedinac u društvu"**, Beograd: Nolit, str. 92.
[11] Рот, Н., (1972), " Основи социјалне психологије", Београд: Завод за уџбенике и наставна средства СР Србија, стр.86.
[12] Звонаревиќ, М., (1976), "Социјална психологија", Загреб: Школска књига, стр.56.

г) Покрај ставовите, и интересите имаат силна мотивациона сила. Може да се означат како подготвеност да се обрати внимание и да се истакнува активност во однос на одредени предмети и појави. Интересите придвижуваат на активнсот со физичко ангажирање или само со ментално учество. Тие се трајна диспозиција за одредени активности. Најопшти и најпознати интереси се:

- Социјален интерес (за луѓето и нивните проблеми);
- Уметнички интерес (за дела на духовната култура);
- Теоретски интерес (за сознавање и откривање на научни вистини);
- Економски интерес (за материјални добра, пари и заработувачка);
- Политички интерес (за постигнување на моќ и власт);
- Литературен, спортско – рекреативен , технички, религиозен и слично.

Испитувањата покажале дека кај кандидатите за воена професија, најизразен е политичкиот, социјалниот и техничкиот интерес.

Интересирањата се дел од активната човекова природа и често се разгледуваат во рамките на динамиката на личноста, како мотивациони својства и "освестени потреби". Големото општествено значење на интересирањата произлегува од фактот дека од нив најмногу зависи изборот на професијата. Затоа е потребно при професионалната ориентација и селекција да се земат во предвид и интересирањата.

Според Пантиќ,[13] интересирањата се облик на вредности за кои е карактеристична преокупираноста на свеста со омилените содржини и бавење со одбраните активности.

Според Петровиќ,[14] "интересите се освестена актуелна цел на мотивите".

Според Рот,[15] " интересите претставуваат тежнение на поединецот редовно да го свртува своето внимание на одредени објекти и содржини и со нив да се бави ментално или активно".

Според Звонаревиќ.[16] "интересите се повеќе или помалку трајна насоченост на човековата свест и активностите на одредени содржини, а

[13] Пантиќ, Д., (1980), "Природа интересовања", Београд: Истраживачки центар ССО Србије и Институт друштвених наука, стр.121.
[14] Исто, стр. 123.
[15] Рот, Н., (1988), "Психологија група", Београд: ВИЗ, стр. 36.
[16] Звонаревиќ, М., (1981), "Социјална психологија", Загреб: Школска књига, стр. 57.

самото бавење со тие содржини субјективно е поврзано со задоволувањето на некои внатрешни потреби кај тој поединец".

Интересите се објективизирани потреби, мотиви кои се кристализирале околу некој предмет и како и ставовите и потребите, и интересите може да бидат основни мотивациони единици кај личноста.

Од сите дефиници кои се погоре наведени, може да се заклучи дека интересите се одраз на моменталниот однос на поединецот кон некои објекти и содржини, како и тежнеење да се бави со нив. Но, поединецот може да има интерес и истиот да го задоволи само со мислите (пасивно учество). Интересот за армискиот живот може да се задоволи и со читање на воени списанија и пратење на ТВ – емисии за животот на припадниците на Армијата. Но, таквиот интерес често добива своја содржина и во активно учество во некоја дејност, па и во професионалното определување на поединецот кога станува мотив за дејствување кој е повеќе или помалку траен. Интересите одржуваат позитивен однос кон работите и појавите и затоа имаат мотивациона сила која може да се зголеми до таа мерка да прерасне во мотив за дејствување.

Интересот е карактеристична насоченост на човекот на објекти, појави и вредности кои за него имаат посебно значење и со кои сака да се запознае.

Праксата покажала дека постои висок степен на поврзансот меѓу заинтересираноста на војникот и неговата мотивираност. Интересирањето е условено од сознавањето на целите и значењето на обуката и емоционалната привлечност на истата кај војникот.

д) Во ова истражување како најприфатлива се прифаќа дефиницијата на Дамјановиќ[17] според која мислењата се "ставовски диспозиции со доминантна когнитивна компонента која е во интеракција со послабо развиената емоционална компонента и со практично неразвиена мотивациска компонента". Тие се трајна организација на перцепции и осознавање. Некои автори, пак, мислењето го сметаат за рационализација на ставот, вистински верувања за спорните предмети на разговор, со оглед на толкувањето на вредностите или на моралното значење на извесни факти.

[17] Дамјановиќ, Д., (1989), " Мотивација војника у обуци и васпитању", Београд: ВИЗ, стр.18.

ѓ) Една од најзначајните социјални групи е нацијата. Нејзините дефиниции истакнуваат низа објективни и субјективни карактеристики на овој феномен кои се прифатени од речиси сите автори. Како објективни карактеристики се истакнуваат следните:

- Територијален континуитет, што значи дека припадниците на една нација, живеат на една континуирана територија во која нема поголеми воннационални групации. Идејата на територијален интегритет повеќе се однесува на континуитетот на државната територија;

- Природни граници – овој принцип вели дека секоја нација има свои "природни граници" кои се "неповредливо право" на дотичната нација. Барањето за природни граници во својата суштина е империјалистичко и обично се сведува на барање на стратегиски граници во одреден историски момент;

- Јазична заедница – тоа е еден од главните аргументи на идејните основачи на модерните нации: "Сите луѓе кои зборуваат на ист јазик, припадници се на една нација".

- Културно единство – оваа теза подразбира единствена култура која ги поврзува сите припадници на една нација. Вистина е дека секоја нација има специфични елементи на својата култура, но од друга страна , пак, луѓето со вистинска и широка култура имаат малку слух за тесните национални проблеми и повеќе се наклонети кон идентификација со општочовечките културни вредности:

- Историско единство – кое го подразбира заедничкото потекло, заедничките интереси, заедничките непријатели, државноста, вечноста на нацијата и слично.[18]

Свеста на луѓето за припаѓање на една нација го одредува самиот поим "нација". Природен и нормален облик на приврзаност на луѓето кон својата нација и чувство на припадност на таа нација, е патриотизмот.

Нацијата поседува норми како карактеристични правила на однесување на членовите, карактеристични ставови, уверувања и начини на однесување. Националната и етничката припадност многу често го детерминира

[18] Салтировска, З., (1997), "Воената обврска во системот на одбрана...", Магистерски труд, Скопје, стр.110.

однесувањето на луѓето во сите останати потесни и пошироки социјални групи на кои истовремено им припаѓаат.

е) Општествено – економската положба го претставува "основното занимање на индивидуата што го завзема во определена општествена поделба на трудот и кое му донесува материјални средства за неговата и на семејството - животна егзистенција и од што зависи нивниот начин на живот".[19]

Општествено – економската положба на индивидуите, го определува начинот на живеењето, општествената моќ, ја определува свеста и припадноста на определен социјален слој кој може, но и не мора да биде дел од определена класа.

Бидејќи во примерокот од истражувањето кое ќе биде елаборирано во овој труд, испитаниците (средношколци од IV година) не се вработени и немаат материјални примања, како основа за утврдување на материјалната положба на испитаниците ќе ги земам просечните месечни приходи за едно четири члено семејство. Минималните месечни животни трошоци за едно семејство, според Заводот за статистика на Република Македонија изнесуваат 12 800 денари. Сепак, нема да тргнам од оваа минимална категорија, бидејќи реалноста е поинаква и многу семејства го немаат овој минимум. Затоа се определив најниската граница да биде 5 000 денари, а наредните категории постепено да се зголемуваат:

I до 5 000, оо денари

II од 5 001 – 10 000,оо денари

III од 10 001 – 15 000,оо денари

IV од 15 001 – 20 000,оо денари

V од 20 001 – 30 000,оо денари

VI од 30 001 – 50 000,оо денари

VII над 50 000,оо денари

Општествената положба се одредува врз основа на основното занимање на испитаниците, а во истражувањето тоа се средношколците – матуранти кои се пред крај на средното образование и веќе доволно размислуваат за тоа: "Што понатаму?", а имаат и доволно оформени мислења и ставови кон проблематиката што овде се анализира.

[19] Георгиевски, П., (1981), Докторска дисертација, Скопје, стр. 268.

## Формулација на основните хипотези

Тргнувајќи од разработката на основните поими и претпоставки на истражувањето, конкретно се формулира следнава општа хипотеза:

Стремежот за изградба на мала, но ефикасна и модерна армија, сам по себе го наметнува прашањето за организацијата и пополнувањето на вооружените сили. При утврдување на моделот на пополнување, треба да се земат во предвод специфичните услови, интереси и потреби на државата, и истите да се комбинираат со искуствата на класичната одбранбена организација применета во земјите членки на НАТО. Нивната анализа ќе даде одговор на прашањето за пополнување на вооружените сили на Република Македонија по нејзиното осамостојување, како и достигнатиот степен на компатибилност на АРМ со армиите на земјите членки на НАТО.

Пополнувањето со луѓе е многу значаен сегмент во изградбата на воената организација. Организацијата на пополнувањето треба да обезбеди квантитет и квалитет на човечкиот фактор кои не зависат само од големината на регрутниот контингент со кој располага државата, туку и од мотивираноста на младите да се пријават како кандидати за пополнување на професионалните единици на АРМ. Се претпоставува дека мотивираноста на младите за вклучување во вооружените сили е мошне слаба, што ќе се покаже со нивните (главно негативини) ставови кон АРМ, воената обврска и војничката професија. Сепак, треба да се земат во предвид различните категории на испитаниците - средношколци, поради кои примерокот не може да се набљудува како хомогена целина, па и нивните ставови (иако во најголем процент негативни) не ќе бидат хомогени.

Од основната хипотеза ќе се извлечат следниве посебни хипотези:

1. Системот на одбрана на Република Македонија се соочува со предизвикот од длабока трансформација, предизвикана заради негово неопходно преструктуирање според нормите и стандардите на НАТО. Сегашната поставеност и состојба во организацијата на пополнувањето на вооружените сили, сеуште ги нема достигнато критериумите на НАТО, а процесот на професионализација на Армијата тече постепено и врз основа на социјалната прифатливост и економските можности на државата. Поради тоа,

процесот на прилагодување кон западните модели на пополнување, сеуште бара вложување на огромни напори за постојано следење на потребите и можностите на нашиот одбранбен систем и тенденциите на ова поле во земјите членки на НАТО, како и превземање активности на тој план.

2. Интересот на младите за вклучување во вооружените сили е многу слаб, што може негативно да влијае врз процесот на пополнување на вооружените сили.

3. Материјалната положба на младите значително влијае на нивните ставови кон АРМ и вклучувањето во вооружентие сили.

4. Националната, религиозната и политичката припадност немаат значително влијание врз формирањето на ставовите кон АРМ и војничката професија.

Во анализата што следи, ова влијание ќе се разгледува низ следните чинители како независни варијабли:

- Национална припадност;
- Религиозна припадност;
- Политичка припадност; и
- Материјална положба на младите.

# 2. МЕТОДОТ И ПОСТАПКИТЕ ПРИМЕНЕТИ ВО ИСТРАЖУВАЊЕТО

## *2.1. Приод кон проблемот на истражувањето*

Истражувањето е производ на размислувањата и настојувањата, да се согледа важноста на организацијата на пополнувањето на вооружените сили во конципирањето на воената организација, усогласувањата на начинот на пополнување со моделот на воената организација , како и можностите на државата да го воспостави тој модел. Бидејќи Република Македонија е ориентирана кон интеграција во колективните системи за безбедност, посебно кон интеграција во НАТО, треба да ги исполни условите кои ѝ се поствени за влез во Алијансата. Еден од условите е да создаде армија која според својата структура и модалитет ќе биде компатибилна со западните армии. Токму поради тоа, во истражувањето настојував да направам анализа на напорите кои се направени од формирањето на АРМ па до денес, а кои се во функција на создвање на Армија која ќе ги достигне стандардите на НАТО и до кој степен се истите достигнати. За тоа е потребна подлабока теоретска анализа на воените организирања и пополнување на армиите во повеќе држави, а посебно во земјите членки на НАТО и компарација на нивните воени организации со АРМ од аспект на оргнизацијата на пополнувањето.

И покрај професионализацијата на АРМ, успешноста и ефикасноста на пополнувањето зависи директно од човечкиот фактор кој и понатаму останува фактор број еден во вооружената борба, но и во подготовките за одбрана. Од мотивираноста на младите за вклучување во вооружените сили, зависи можноста на единиците да бидат во целост пополнети и успешно да ги извршуваат задачите кои им се доверени. Мотивацијата е исто така појдовна основа на вкупниот успех на војниците во совладувањето и успешното реализирање на обуката во вооружените сили, од што повторно зависи ефикасноста на единиците во извршувањето на своите задачи. Затоа, во вториот дел од истражувањето, настојував да ги согледам основните фактори кои може да имаат влијание врз мотивацијата на младите за вклучување во

вооружените сили, а преку анализа на ставовите на младите кон Армијата и кон војничкиот позив како професионална ориентација, да добијам сознанија за нивната мотивираност да се вклучат во вооружените сили. Влијанието на ставовите врз постапките и мотивацијата не се ограничува само на судови и оценки, туку се манифестира и во одредени постапки, што дава можности за предвидување на дејствувањето на луѓето врз основа на утврување на нивните ставови. Врз основа на добиените резултати ќе се направи анализа на можните решенија околу зголемувањето на мотивираноста на младите за вклучување во вооружените сили.

Истражувањето го започнав во 2001 година, запознавајќи се најнапред со литературата од оваа област, теоретска анализа на проблемот преку проучување и анализа на соодветната литература, проучување на можностите и начините да се испитува мотивацијата, како и проучување на потребните постапки за анализа на добиените податоци. Емпириското прибирање на податоци е извршено во мај 2004 година, со што е добиен емпириски материјал кој е комплетно компјутерски обработен.

Истражувањето е во функција на определување насоки за понатамошни испитувања на оваа појава или појави кои ќе произлезат од самото истражување. Исто така, со него ќе се откријат причинските врски меѓу ставовите како зависна варијабла и другите независни варијабли. Бидејќи одредени независни варијабли не може да се измерат во чиста форма и квантитативно да се изразат, тие само условно ќе бидат разложени на одделни белези.

## *2.2. Примерок*

Целите на примерокот за истражувањето произлегуваат од целите на истражувањето. Целта на примерокот се состои во тоа да се овозможи релативно брзо и поефтино да се приберат податоци кои ќе бидат релевантни и прецизни. На тој начин се создава основа за статистичка анализа на ставовите на младите (средношколци) кон АРМ и војничката професија, и влијанието на одредени фактори врз формирањето на нивните ставови.

Основниот збир го сочинуваат средношколци од IV година, што значи младинци на возраст од 17- 18 години. Причина што се одлучив за оваа категорија на младинци е тоа што тие се во период кога треба да донесат одлука за своето вработување и како алтернатива да ја одберат војничката професија, т.е. да се вработат како професионални војници.

Вкупниот број на средношколци од IV година во 2004 година, според статистичките податоци изнесува 20 000.

Согласно методолошките напомени, настојував да конструирам примерок кој ќе обезбеди репрезентативност, сигурност и точност на податоците, а во исто време да го прилагодам на материјалните и временските можности.

Најнапред одбрав хотомичен примерок, со издвојување на еден дел од основниот збир, а потоа одбрав примерок само за тој дел. Во хотомичниот примерок влегувааат средношколците од територијата на град Скопје, што беше најсоодветно бидејќи во Скопје се наоѓаат голем број на средни училишта во кои учат ученици од сите градови на Република Македонија. При тоа ги опфатив речиси сите гимназии и стручни средни училишта, посебно оние во кои има ученици од сите етнички групи кои се најзастапени во Република Македонија. По утврдувањето на големината на примерокот, пристапив кон случаен избор на единици во сите средни училишта, настојувајќи при тоа да ги обезбедам сите категории кои треба да послужат како независни варијабли во истражувањето.

Големината на примерокот е одредена според формулата:

$$n = \frac{t^2 \times \delta^2}{I^2}$$

Каде: n - број на единици кои треба да влезат во примерокот

t - t – омер кој одговара на нашето барање за прецизност на проценката

$\delta$ - варијанца (квадрат на стандардната девијација за дадената варијабла во основниот збир)

I - дозволениот интервал на проценка изразен во единици на мерење

За t – омер е земена вредноста 2.58 која одговара на 99% прецизност на проценката.

Дозволениот интервал на процена се одредува по субјективна одлука на истражувачот, а јас настојував да биде помал, (за да биде примерокот поголем), па се одлучив за интервал 2.5.

За одредување на варијанца, применето е сондажно испитување на 100 единици, при што е пресметан квадратот на стандардната девијација и истиот изнесува 18.

$$n = \frac{2{,}58^2 \times 18^2}{2{,}5^2} = \frac{6{,}66 \times 324}{6{,}25} = 345{,}25 \approx 350$$

Добиената стапка на избор е

$$\frac{n}{N} = \frac{350}{20000} = 0{,}0175 \times 100 = 1{,}75\%$$

А интервал на избор $\frac{n}{N} = 57$

Со примерокот се опфатени:

| | | | |
|---|---|---|---|
| - Македонци | 247 | - | 70,57% |
| - Албанци | 45 | - | 12,86% |
| - Турци | 14 | - | 4% |
| - Роми | 6 | - | 1,71% |
| - Срби | 14 | - | 4% |
| - Власи | 6 | - | 1.71% |
| - Други | 18 | - | 5.15% |
| | 350 | | 100% |

## *2.3. Извори на податоци*

Во теоретската разработка на предметот на истражувањето, основни извори на податоци се:

1. Стручната литература од оваа област;
2. Статистичката документација:
3. Устав на Република Македонија;
4. Закон за одбрана на Република Македонија;
5. Правило за мобилизација на АРМ;
6. Правилник за критериумите за распоредување на воените обврзници во резерва за потребите на пополнување на АРМ;
7. Службени весници на Република Македонија;
8. Списанија;
9. Интернет.

Во емпириското истражување основен извор на податоци е анкетниот лист, кој се состои од три дела. Првиот дел е прашалник, од кој ќе се добијат сите потребни податоци за испитаникот, а кои во исто време се независни варијабли во емпириското истражување. Вториот дел е Ликертова скала за мерење на ставовите кон војничката професија, т.е. вклучувањето на младите во вооружените сили како професионални војници. Оваа скала се состои од 12 тврдења, а испитаниците за секое тврдење означуваат колку се сложуваат со тоа тврдење со помош на пет ставки. Третиот дел е Ликертова скала за мерење на ставовите кон АРМ и се состои од 15 тврдења.

Основна цел на анкетата е да се добијат релевантни, доволно систематски и доверливи податоци за испитаниците и нивните ставови кон војничката професија и АРМ.

При изработката на прашалникот и скалите, водено е сметка за поконкретно формулирање на ставовите, посебно за јазичната форма, јасноста и прецизноста на прашањата и тврдењата, нивната структура и распоредот. Анкетниот лист беше тестиран на 100 испитаници меѓу кои имаше средношколци од сите категории потребни за истражувањето. Проверката

покажа дека испитаниците се мотивирани да дадат точни податоци, дека не постои проблем во јазичната формулација на прашањата, дека самиот прашалник не им одзема многу време и не ги заморува испитаниците, а нивната заинтересирансот се задржа до крајот. Исто така, испитани се и мерните карактеристики на анкетниот лист и истите се на задоволително ниво. Валидноста (точноста) на инструментот е проверена со помош на техниката на познати групи. Постојаноста е испитана со примена на експериментална група од 23 испитаници и при тоа пресметан е коефициентот на стабилност кој покажа дека примената на инструментот во двете примени дава речиси исти резултати, а коефициентот на корелација е 0,90. Инструментот е исто така објективен бидејќи за секој одговор следува утврден број бодови, па било кој да го оценува, ќе добие ист резултат. Пробното истражување покажа дека инструментот содржи контрадикторни тврдења кои се исклучуваат, а испитаниците кои се сложувале со едните тврдења, не се сложувале со другите. Тоа значи дека инструментот е осетлив. Дискриминативната вредност на инструментот е одредена со бисериски коефициент на корелација меѓу резултатот од секое тврдење во скалите, со резултатот во целиот инструмент, и истиот изнесува 0,68. Покрај ова, утврдена е и интерна конзистентност на ставовите и истата е задоволителна.

## *2.4. Постапки применети при анализа на податоците*

Во анализата на податоците, применети се следниве постапки:

1. Средна вредност, т.е. аритметичка средина, според формулата:

$$\bar{x} = \frac{\sum x}{N}$$

Аритметичката средина ги дава основните карактеристики кои укажуваат на општата состојба на добиените резултати. Тие карактеристики претставуваат вредност околу која се сврстуваат сите останати вредности. Освен тоа, аритметичката средина е основна и неопходна постапка во емпириските истражувања, со помош на која може да се примат останатите постапки.

2. Стандардна девијација, според формулата:

$$\delta = \sqrt{\frac{\sum x^2}{N}}$$

Стандардната девијација има најголемо теоретско значење и ги дава карактеристиките кои укажуваат на дисперзијата на податоците околу дадената вредност, укажуваат во колкава мера податоците се хомогени. Тоа е постапка која е неопходна во понатамошната обработка на податоците.

3. Тестирање на хипотезите со помош на $\chi^2$ тест според формулата:

$$\chi^2 = \sum \left[ \frac{(fo - ft)^2}{ft} \right]$$

Тоа е непараметриска проценка на дистрибуциите и со неа се испитува согласноста на две дистрибуции. Се употребува на тестирање на хипотезите и значајноста на разликите меѓу облиците на првобитната и новата асиметрична дистрибуција

*fo* – емпириска фрекфенција

*ft* – теоретска фрекфенција

Нивото на значајноста на хи – квадратот е оценувано според таблицата на граничните вредности за хи – квадратот, со веројатност на ниво од 0,05 (95%).

4. Пирсонов коефициент на корелација според формулата:

$$r = \frac{\mathrm{N}\Sigma xy - (\Sigma y) \bullet (\Sigma y)}{\sqrt{\left[\mathrm{N}\Sigma x^2 - (\mathrm{E}x^2)\right] \bullet \left[\mathrm{N}\Sigma y^2 - (\Sigma y)^2\right]}}$$

Со него се пресметува степенот на поврзаноста на појавите (варијаблите).

5. Коефициент на контингенција – C, според формулата:

$$C = \sqrt{\frac{\chi^2}{\mathrm{N} + \chi^2}}$$

Овој коефициент на корелација се употребува кога варијаблите се атрибутивни, но не се поделени само во две, туку во повеќе категории. Се изведува од статистичката големина $X$-квадрат. Во ова истражување е најпогоден на одредување на степенот на корелација бидејќи варијаблите се атрибутивни.

Покрај статистички методи и постапки, во теоретската разработка на организацијата на пополнувањето на вооружените сили, применети се и следниве методи:

1. Дескриптивен метод
- Анализа на содржина на стручна литература
- Анализа на документација
- Анализа на планови и програми
2. Компаративен метод
3. Статистички метод

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
ИНСТИТУТ ЗА ОДБРАНБЕНИ И МИРОВНИ СТУДИИ
СКОПЈЕ

АНКЕТЕН ЛИСТ - СКАЛЕР

Почитувани матуранти!

Уште еден месец Ве дели од завршувањето на средното училиште. Тоа е голем чекор за Вас, чекор кон светот на возрасните во кој Ве очекуваат многу обврски, работа и одговорност, пред сè. Како полнолетни и рамноправни граѓани на ова општество, Вие ќе донесувате бројни одлуки кои ќе имаат големо значење во Вашиот живот, и кои ќе бидат одраз на Вашите интереси и ставови кон многу значајни појави и процеси. Во ова истражување нас не интересираат Вашите мислења и ставови кон АРМ, како и Вашите размислувања, ставови и интерес за професијата - војник. Истражувањето е анонимно, па слободно можете да ги изнесете сите Ваши ставови и најискрено да одговорите на поставените прашања. Со тоа ќе дадете значаен придонес во расветлувањето на некои проблеми во врска со пополнувањето на вооружените сили. и во изнаоѓањето на посоодветни решенија на тој план. Ве молиме да го пополните анкетниот лист и во него да ги внесете Вашите вистински и искрени одговори и ставови кои ќе бидат користени исклучително за проучување на овој проблем.

Ви благодариме на соработката!

Најнапред Ве молиме дадете некои општи податоци за Вас:

1. Место на живеење: град (село) ______________________

општина ______________________

2. Училиште ______________________

3. Национална припадност:
   а) Македонец
   б) Албанец
   в) Србин
   г) Турчин
   д) Ром
   ѓ) Влав
   е) Друг ______________________

4. На која вероисповест припаѓате?
   а)православна
   б) муслиманска
   в)католичка
   г) протестантска
   д) други христијански групи
   ѓ) други нехристијански групи
   е) атеист

5. Степен на образование:
   а) основно
   б) средно
   в) вишо
   г) високо

6. Колкави се вкупните месечни приходи во Вашето семејство?
   а) до 5.000,00 денари
   б) од 5.001 - 10.000,00
   в) од 10001 - 15.000,00
   г) од 15001 -20.000,00
   д) од 20001 - 30.000,00
   ѓ) 30001 - 50.000,00
   е) над 50.000 денари

7. Дали сте член на некоја политичка партија?

а) да

б) не

8. Колку браќа и / или сестри имате?

а) единец сум

б) еден ( а)

в) два (е)

г) три

д)четири

ѓ) пет и повеќе

9. Дали сакате да го продолжите школувањето и да се стекнете со повисок степен на образование?

а) да

б) не

в) не знам

10. Дали материјалните можности Ви дозволуваат да го продолжите школувањето и да се стекнете со повисок степен на образование?

а) да

б) не доволно, но би се снаоѓал некако

в) не

11. Дали по завршувањето на средното училиште, кога ќе бидете повикани да го служите воениот рок, веднаш ќе ја исполните таа обврска?

а) Да б) Не в) Не знам

12. Дали би се одлучиле да бидете професионален војник, без оглед на причините кои би влијаеле на таа одлука?

а) Да б) Не в) Не знам

| ред-бр. | ТВРДЕЊА | сосема се сложувам | делумно се сложувам | неопределен сум | делумно не се сложувам | воопшто не се сложувам |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | АРМ е институција која одлично функционира | ++ | + | ? | - | - - |
| 2. | Меѓучовечките односи во АРМ се на завидна висина | ++ | + | ? | - | - - |
| 3. | Во АРМ нема многу можности луѓето да ги остварат своите лични желби како во цивилниот живот | ++ | + | ? | - | - - |
| 4. | АРМ е средина во која може да се афирмираат личните вредности на секој поединец | ++ | + | ? | - | - - |
| 5. | За време на својот престој и служба во АРМ, луѓето ги уживаат истите права и слободи како и во цивилниот живот. | ++ | + | ? | - | - - |
| 6. | Службата во армијата ги ограничува човековите слободи | ++ | + | ? | - | - - |
| 7. | Зо нашата армија грижата за здравјето на луѓето е на завидна висина | ++ | + | ? | - | - - |
| 8. | Армиската средина е место каде луѓето најдобро може да ги изразат своите способности. | ++ | + | ? | - | - - |
| 9. | Зо нашата армија многу малку се води грижа за безбедноста на луѓето. | ++ | + | ? | - | - - |
| 10. | Нашата армија нема доволно сили и средства со кои би можела да ја одбрани државата од агресија. | ++ | + | ? | - | - - |
| 11. | АРМ е доволно моќна, но меѓународниот фактор не дозволува нејзината моќ и ефикасност да дојде до целосен израз. | ++ | + | ? | - | - - |
| 12. | Само професионална армија може да биде доволно ефикасна во зачувувањето на мирот и безбедноста во државата. | ++ | + | ? | - | - - |
| 13. | Државата не води доволно грижа за задоволување на потребите и интересите на луѓето во армијата. | ++ | + | ? | - | - - |
| 14. | Во АРМ има висок борбен морал и желба за добро борбено оспособување за одбрана на државата. | ++ | + | ? | - | - - |
| 15. | АРМ е единствена институција во која нема мито, корупција и други негативни појави кои станаа вообичаени во нашето општество | ++ | + | ? | - | - - |

| реден бр. | ТВРДЕЊА | сосема се сложувам | делумно се сложувам | неопределен сум | делумно не се сложувам | воопшто не се сложувам |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | На моите лични способности и интереси најмногу им одговара војничката професија | ++ | + | ? | - | - - |
| 2. | Би ја одбрал војничката професија затоа што содржински е исполнета со многу привлечни и интересни активности. | ++ | + | ? | - | - - |
| 3. | Работата во армијата не е само занимање со кое се обезбедува егзистен-цијата, туку е и посебна чест на секој млад човек. | ++ | + | ? | - | - - |
| 4. | Војничкиот позив има висок углед во општеството. | ++ | + | ? | - | - - |
| 5. | Војничкиот позив ме привлекува бидејќи нуди можности за напредување. | +4- | + | ? | - | - - |
| 6. | Во вакви социјално-економски услови, војничката професија може да ни го реши прашањето за вработување. | ++ | + | ? | - | - - |
| 7. | Војничкиот позив ја намалува личната слобода | ++ | + | ? | - | - - |
| 8. | Работата во армијата не е привлечна, бидејќи од човекот се бара постојано психичко и физичко напрегање. | ++ | + | ? | - | - - |
| 9. | Најголем број од оние кои се вклучуваат во професионалните единици, го прават тоа поради паричните примања и обезбедувањето на својата егзистенција | ++ | + | ? | - | - - |
| 10. | Не би се одлучил да бидам професионален војник затоа што таа работа е исполнета со многу ризик и опасности | ++ | + | ? | - | - - |
| 11. | Немам никакви афинитети кон војничката професија. бидејќи таа за мене не е воопшто интересна. | ++ | + | ? | - | - - |
| 12. | Поради големата дисциплина и организира-ност во воените колективи, чувствувам одбивност кон војничката професија. | ++ | + | ? | - | - - |

# II ДЕЛ

# ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ВООРУЖЕНИТЕ СИЛИ ВО ФУНКЦИЈА НА ПРЕСТРУКТУИРАЊЕ НА АРМ

# 1. ПОПОЛНУВАЊЕ НА ВООРУЖЕНИТЕ СИЛИ НИЗ ИСТОРИЈАТА НА НАРОДИТЕ И ДРЖАВИТЕ

Воената организација претставува најстара и најпостојана организација на државата уште од времето на нејзиното настанување. Зависно од општествено - економските и техничко - технолошките карактеристики на општеството, таа се менувала, а промените биле условени пред сè, од промените и развојот на воената техника и технологијата за произведување на материјални добра. Затоа, недостатокот од посебна воена техника во бескласното општество, створил состојба во која немало можности за постоење на посебни организирани групи кои ќе ракуваат со оружјето. Со развојот на општеството и неговата поделба на класи, наместо дотогашниот "вооружен народ" настанува новата институција – армија, како составен елемент на државната организација. Тоа значи дека војската и нејзините институции се каузално и генетички поврзани со државата во целата историја на нејзиното постоење. Во еволутивниот развој на военото организирање на народите и државите, се издвојуваат неколку типа на воени организации и начини на нивно пополнување и ангажирање на граѓаните во воените дејности. Милицискиот тип е најстар тип на воена организација. До појавата на класното општество, милицијата била општонародна, а со појавата на класното општество се создала милиција на владеачката робовладетелска класа. Во робовладетелското општество, заради водење војни и разрешување на внатрешни конфликтни ситуации, државата формирала посебни непостојани вооружени одреди кои се пополнувале со слободни граѓани на кратко време, а во услови на воена опасност биле повикувани сите способни граѓани вклучувајќи ги и робовите. Тоа подразбира општ народен повик. Со интензивирањето на војната, се наметнала потребата од воспоставување на постојани вооружени сили, а нивен прв облик била робовладетелската милиција која опстојувала неколку века. Пополнувањето се вршело со слободни граѓани кои наполниле 18 години и имале обврска да служат воен рок две години, а потоа станувале воени обврзници до шеесеттата година.[20] Со

[20] Даскаловски, С., (1998), "Вооружените сили на Македонија", Скопје: НИП "Студентски збор", стр.31.

тоа, дошло до појава на воената организација како иманентен дел на државната организација. Постоечката граѓанска милиција набргу била трансформирана во наемна платеничка војска, а со тоа отворило нова страница во военото организирање кое влијаело на усовршувањето на вооружувањето и воената опрема, промените врз тактиката и карактерот на вооружените сили.

Раниот феудализам е карактеристичен по малите војски, а пополнувањето се вршело во рамките на воената обрска на која ѝ подлежел секој слободен граѓанин. Со зголемувањето на моќта и интересите на владеачката класа за збогатување и територијално проширување, се зголемило и значењто на војната, а со тоа и потребата од помногубројна војска. Феудалните војски почнале да се пополнуваат врз основа на феудална обврска која ги исклучувала кметовите и важела само за племството и земјосопственицитe. Во услови на војна, на повик на кралот, вазалите биле должни да ги доведат своите дружини - војски кои биле малубројни, тешко подвижни поради оклопите и тешкото оружје и слабо подготвени за војување. Војската се собирала од случај до случај, а по завршувањето на воениот поход војниците се распуштале. Феудалните воени сили не биле цврсто структурирани целини. Бавењето со воените работи не било специјализирана професија, туку составен дел на активноста на владеачката класа.

Први зачетоци на стоечката армија биле француските ордонанс - компании и јаничарите. Стоечката армија била израз на класната структура во доцната фаза на феудализмот. Функцијата на регрутирање која во периодот на наемништвото им припаѓала на офицерите, сега била монополизирана од страна на кралот и ја извршувале само негови специјални службеници, со што воените сили станале сопственост на круната.

Со усовршувањето на воената техника, воената дисциплина станува сè позначајна, а според Кауцки (Kautsky)[21] само во стоечките армии во кои војничкиот занает е посебна професија, може да се постигне воена дисциплина и само професионалните војници може да ја применуваат новата техника и тактика бидејќи тие имаат време и можност да се подготвуваат за тоа. Во формирањето на стоечките армии предничеле поразвиените држави, бидејќи

[21] Vjatr. J.. (1987). "**Sociologija vojske**". Beograd: Vojnoizdavacki i novinski centar. str.200.

тие можеле да ја купат новата техника и оружје и да ги платат војниците. Оттогаш, главно средство за водење на војните биле парите.

Брзиот развој на капитализмот создал потреба за развој на масовни армии во кои се вклучувало и населението. Воведувањето на општата воена обврска и настанувањето на масовните национални армии, историски е поврзано со остварувањето на класните интереси на прогресивната буржоазија, кои биле пресуден фактор за нивното формирање и социјално обликување, но и будењето на националната свест одиграло значајна улога.

Со воведувањето на општата воена обврска во Франција, започнал процесот на трансформација на вооружените сили. Обврзниците се делеле на постојани кадри и резерва. Рокот на воената служба бил скратен, се усовршил системот на регрутирање, се вовела евиденција на воените обврзници, започнало систематско школување на старешинскиот кадар и друго.

Во I Светска војна поради потребата од формирање на голем број нови единици и големите загуби од жива сила, системот на општа воена обврска го воведе и државите кои дотогаш го немале. По завршувањето на војната, некои од државоте се вратиле на поранешните принципи на пополнување на вооружените сили, додека други пак ја задржале општата воена обврска.

Иако буржоарските армии до Втората светска војна биле главно масовни армии, со развојот на воената техника, неопходни биле еволутивни промени. Нивото на квалификациите неопходни за извршување на воената обврска се зголемувало, а тоа ја поттикнало професионалната специјализација на војската. "Современата војска станала сложен организационен механизам кој во голема мерка е копија на компилицираната професионална структура на цивилното општество".[22] Поради тоа, голем број на буржоарски вооружени сили преминувале на воена организација која во целина или во голема мерка се базирала на доброволна служба, како и на развивање на професионална војска.

Во II Светска војна системот на општа воена обврска повторно бил воведен во некои држави (Велика Британија и САД), а во останатите држави бил проширен на помлади и постари лица, па дури и жени. Но, по завршувањето на

[22] Исто... стр. 223.

војната овој систем се менувал во согласност со промените во развојот на меѓународните односи и доктрините во поедини земји.

Изменетите меѓународни односи, внатрешните промени во поедини земји, мошне големите издатоци за издржување на масовните армии, сè помалку популарниот воен позив и друго, влијаеле на напуштање на системот на општа воена обврска и преоѓање на систем на професионална војска.

### *1.1. Национално-историските искуства значајни за воената организација на Република Македонија*

Обидите да се создаде словенска држава во Македонија потекнуваат уште од VII век, но и во подоцнежните периоди на македонската историја, а се тесно поврзани со обидите за воено организирање. Во периодот на населувањето на Словените на просторот на Македонија, воената организација содејствувала родовско-племенското уредување и одговарала на т.н. "воена демократија"[23] што претставувал највисок степен на воено организирање во рамките на родовско-племенската заедница и прв степен во развојот на државата како повисок степен на политичко организирање. Во почетокот, воената организација била постојана, а конфликтните ситуации ги решавал старешинскиот совет на чело со еден од кнезовите. Подоцна, поради појавата на класно раслојување и постојаниот конфликт со Византиската Империја, се зголемила потребата од постојана воена организација која ќе биде способна да ѝ се спротивстави на помоќната и помодерна византиска војска. Таква воена организација македонските Словени успеале да изградат до крајот на VII век и истата постоела и успешно се спротивставувала на честите византиски воени походи сè до почетокот на IX век кога независните македонски склавинии подпаднале под власта на Византија.[24]

Во периодот од 970 до 1018 година, односно за 40 години на постоењето на македонската држава, речиси постојано траела македонско византиска војна во која се воделе 13 големи битки и повеќе помали вооружени судири.

[23] Даскаловски, С., (1998), "Вооружените сили на Македонија", Скопје: НИП "Студенски збор", стр. 71.
[24] Исто, стр. 73.

Остварувањето на својата стратегиска воено - политичка задача, односно создавањето силна самостојна држава, Самоил ја започнал веднаш по завладувањето на Византија со источните делови на Бугарија.

Прв чекор во остварувањето на таа цел била изградбата на голема, организирана, добро обучена и опремена војска, способна за реализација на офанзивните концепции. Во таа смисла, Самоил регрутирал војници од најразличен социјален состав, при што најзастапени биле слободните селани,[25] а старешинскиот кадар го сочинувале аристократите кои биле должни да одговорат на повикот на владетелот за учество во војна и одбрана на територијата со која управувале во мир.

Македонската војска што ја создал и со која командувал Самоил во својот состав имала припадници речиси од сите балкански народи. Најбројни и главните раководни и командни места ги зазеле Македонците, а врховен командант бил кнезот, подоцна царот Самоил. Центарот на моќната средновековна македонска држава и Главната команда на силната македонска војска биле во Преспа. Како главен стратег, тој лично ја предводел војската речиси во секоја позначајна битка, стратегијата ја разработувал на местото избрано за битка и откако ќе ги соберел сите потребни податоци за противникот.[26]

Основни родови во Самоиловата војска биле пешадијата и коњаницата, но Самоил имал и телесна гарда како посебен род на војска, а тактиката на војување ја карактеризирале брзи и ненадејни напади, како и смислена и упорна одбрана.

Самоиловата војска успешно војувала и постоела сè до 1014 година, кога во битката на Беласица била изненадена и поразена од страна на византиската војска. Поради немоќта на Самоиловата држава да ја реорганизира воената организација, таа се распаднала, со што престанала да постои како политички облик на организирање на народот.

Од аспект на воено - одбранбеното организирање во рамките на стремежите за национално ослободување на македонскиот народ, особено се значајни крајот на 19 и почетокот на 20 век. Всушност, изнаоѓањето на

[25] Исто, стр. 73
[26] Стојчев, В., (2000), "Организацијата и воената вештина на Самоиловата македонска војска". Скопје: "Култура", стр. 38.

сопствен, самостоен пат кон остварување на национално - ослободителните стремежи, започнува со појавата на ајдутското движење кое има најшироки размери во текот на 17 и 18 век. Ајдутството претставува најстара форма на вооружен отпор и прв облик на национално - ослободително движење на македонскиот народ против отоманското владеење.

Во рамките на политичките подготовки на Разловечкото востание во 1876 година биле поставени политичките цели на востанието, а посебно се истакнувало дека востанието треба да стане масовно во разни краеви и да стане Народно Македонско востание. Под раководство на револуционерните комитети започнало воено организирање, т.е. создавање на вооружени сили како воена моќ на македонското револуционерно движење што произлегувале од народот.[27] Четите биле формирани според десетинскиот систем, односно од одделенски состав. Со четите раководел војвода. Вооружувањето било од сопствени извори. Покрај формирањето и вооружувањето на четите, под воено организирање се подразбирала и изработката на знаме, кое како симбол на востанието ќе ги содржи нациoнлното обележје и целта на востанието.

Воената компонента на Кресненското востание била регулирана со правилата (Уставот) на Македонскиот востанички комитет во одделот "Воените правила за македонската војска". Според членот 82 од правилата, таа била составена од целото население од ослободените и неослободените краишта, а се состоела од редовна и територијална војска. Редовната ја сочинувале: востаници, доброволци (учесниците во српско-турската и руско-турската војна) и ајдути приклучени во македонската војска. Учеството во редовните востанички сили било поставено на доброволен принцип, кој по дадената заклетва станувал обврска. И покрај доброволноста во приемот на востаниците, постоеле ограничувања за доброволците кои од нечесни намери сакале да се вовлечат во војската. Тоа посебно се однесувало на доброволците од другите земји. "Во востанието учествуваат луѓе од самата Македонија кои се чувствуваат Македонци и ја сакаат слободата на својата татковина" (член 2).

[27] Атанасовски, Т., (2005), " За македонската воена стратегија во НОВ и антифашистичката борба, 100 години Илинден 1903-2003", Прилози од научниот собир одржан на 6-8 Мај 2003, Том1,Скопје: МАНУ, стр.79.

"Во востанието може да учествуваат и сите македонски жители без разлика на вера и народност, стига да ја сакаат слободата" (член 3).[28]

Територијалната или просторната војска ја сочинувале сите селани способни за борба или за вклучување во неа на друг начин. Основна формациска единица била четата, која броела до 100 лица и со неа раководел капетан, т.е. сатник. Четата била составена од десетини со кои раководеле десетари. Повеќе чети сочинувале одред со кој раководел војвода.

Основна мотивираност на востаниците и доброволците била национално ослободување на македонскиот народ, создавање македонска држава и промена на постојните феудални односи во Македонија[29].

Со развојот на востанието се зголемувала и бројната состојба на востаниците. Според военото искуство и мотивираноста за борба, раководниот и борбениот состав, востаничките чети претставувале значајна борбена сила способна да се бори со помногуброен непријател.

Вака конципирана и организирана востаничка војска по карактер била општонародна македонска војска, што е значајно искуство и за поновата историја, а особено за малите народи чија одбрана се потпира врз силите на сопствениот народ.

Без оглед на тоа што Кресненското востание било изманипулирано од надворешните сили и што во воена смисла било неуспешно, сепак, според политичките цели и военото организирање тоа ги постави темелите на идната борба на македонскиот народ за слобода и за своја држава и стана патоказ за военото организирање на идните институции на македонското револуционерно и национално ослободително движење.

### *1.1.1. Македонското воено организирање во периодот од 1903 до 1944 година*

Стекнатите искуства од Разловечкото и Кресненското востание биле инспиративни во поставувањето на основите на воената организација на

[28] Пепељугоски, П., (1988), "Прилози за воената историја", Скопје: НИО "Студентски збор", стр. 89.
[29] Исто... стр.27

Македонската револуционерна организација во периодот кога македонското револуционерно движење постапно прераснувало во национално ослободително движење. Револуционерната организација уште од самиот почеток на нејзиното постоење го поставувала прашањето на воената организација на востанието.

"Појавата на револуционерните чети на ТМОРО претставувала необично важен настан во постојниот растеж на Револуционернта организација зошто тие потепено прераснувале во воена сила на организацијата, во народно - ослободителна војска која заедно со селската милиција веќе била во состојба да го заштитува мирното население..." [30]

Покрај селските чети кои биле основна мобилизациска сила во селата, постоеле и околиски, центрови и инспекторски чети. Се смета дека до почетокот на востанието имало 700 - 800 чети кои ја покривале целата територија на Македонија. Ваквата воена организација создавала поволни услови за мобилизирање, организирање и развој на вооружените сили на вооруженото востание.[31]

Со приближувањето на денот на востанието, растел и борбениот дух и патриотизмот сред народните маси. Има бројни сведоштва за високиот морал на народот и за самоиницијативните групни излегувања кои не можело да ги контролира ни раководството. Востаничките сили биле распределени во центрови и селски чети, а овие во десетини, но и целокупното способно население било вклучено на некој начин во востанието. Била извршена една широка мобилизација на сите човечки и материјални потенцијали со кои располагал македонскиот народ. Посебно значајно е тоа што тој бил длабоко поврзан кон ослободителното дело и верувал во сопствените сили, а востаничките органи покажале голема способност за мобилизирање и организирање на сите расположливи сили за востание. Исто така, значајно е и тоа што во Илинденското востание зеле учество сите национални и етнички заедници кои рамноправно биле повикани во борба против поробувачот. Со тоа, во целиот период на востанието се изградувал борбен сојуз и единство меѓу Македонците и другите народности во Македонија, а во востаничките

[30] Дамјаноски, Р.,(1990)," Востаната Македонија, Скопје: Култура, стр.105.
[31] Салтировска, З., (1997), " Воената обврска во системот на одбрана на РМ", Магистерски труд, стр.29.

редови се вклучувале голем број Власи, Албанци и угнетени маси од другите народносни заедници.

Искуствата и традициите од Илинденскиот период, нашле своја примена и во НОБ на македонскиот народ од 1941 година, а посебно во мобилизирањето на масите во ослободителното движење. Клучно било прашањето за воената организација, т.е. за создавање вооружени сили во НОБ. Како што МРО во предилинденскиот период морала од темел да создава сопствени вооружени сили и свое воено раководство, така и раководството на националноослободителното движење (НОД) на македонскиот народ, односно ПК КПЈ за Македонија од март 1943 година КПМ бил принуден да го започне формирањето на сопствените вооружени сили од основа, односно од групи па до армија, истовремено да создава и сопствено воено раководство. Основната цел на раководството на НОД била да создаде таква воена организациона структура што ќе може постепено да го мобилизира македонскиот народ, односно граѓаните на Македонија за борба против окупаторите.

Покраинскиот комитет на КПЈ за Македонија на почетокот на востанието, покрај политичката, ја вршел и воената раководна улога и едновремено барал можности за создавање на првите јадра на воената организација. Создавањето на воената организација започнало во услови на окупација на Македонија и во услови на присилна мобилизација на македонското население во окупаторските армии.

Во почетокот на војната во некои месни комитети било формирани воени комисии чијашто основна задача била подготовка за вооружено востание. Тие воени комисии организирале собирање на оружје, воена опрема, создавале магацини и работилници за поправка на оружје. Покрај тоа, воените комисии, заедно со политичкото раководство, т.е. комитетите формирале диверзантски групи како први јадра на воената организација. Се планирало диверзантските групи да прераснат во партизански одреди. На тој начин биле формирани Скопскиот, Прилепскиот и Кумановскиот партизански одред. При крајот на септември 1941 година е формиран Покраински воен штаб на Македонија, а во месните комитети биле формирани месни воени штабови. Нивна основна задача била да започнат подготовки за создавање партизански одреди како носители на вооружената борба.

Во текот на 1942 година Покраинскиот воен штаб на Македонија е реорганизиран и бил формиран Главен штаб на народноослободителната војска и партизанските одреди на Македонија. За поефикасно координирање на дејствата на партизанските одреди бил формиран и Оперативен воен штаб, а се правеле обиди да се формираат и окружни воени штабови. Во оваа година биле формирани девет партизански одреди со чии борбени дејства била создадена слободна територија во повеќе реони.

За поцелосно развивање на солободителната борба, македонската територија во пролетта 1943 година била поделена на пет оперативни зони. По формирањето на оперативните зони, биле формирани и штабови на оперативните зони, со задача да излезат на терен и оттука да раководат со борбата.[32]

Со засилувањето на вооружената борба се создале нови слободни територии, се зголемила бројната состојба, се формирале повеќе партизански одреди, па се создала можност за формирање тактичко оперативни воени формации. На Преспанскиот состанок од 2 до 4 август 1943 година била анализирана новонастанатата состојба и била донесена одлука за создавање регуларни воени единици кои ќе бидат политички и воено подготвени да дејствуваат на целата територија на Македонија. По решенијата на Преспанскиот состанок, Главниот штаб изработил формациски прегледи за воените единици и се пристапило кон нивното формирање.[33] Формацискиот состав и организациската структура на единиците на македонската војска биле регулирани со наредба на ГШНОВ и ПОМ. Според Наредбата бр. 2 на ГШНОВ[34] и ПОМ, македонските вооружени сили се состоеле од народноослободителна војска и од партизански одреди.[35]

Врз основа на одлуката на Преспанскиот состанок и наредбата на Главниот штаб на 18 август 1943 година на планината Славеј Штабот на

---

[32] Организационо - правните аспекти на воеcivното раководење на Илинденското Востание, Темелко Ристевски, - 100 години Илинден 1903-2003 - прилози од научниот собир одржан на 6-8 Мај 2003, МАНУ, Том 1, Скопје 2005 година

[33] Илинденската кауза во народноослободителната и антифашистичката војна - Вера Весковиќ - Вангели - 100 години Илинден 1903-2003 - прилози од научниот собир на 6-8 Мај 2003, МАНУ, Том 2, Скопје 2005 година

[34] Генерал Штаб на Народно Ослободителната Војска

[35] Документи за воената организација во Македонија 1941-1945, - 100 години Илинден 1903-2003 - прилози од научниот собир одржан на 6-8 Мај 2003, МАНУ, Том 2, Скопје 2005

Втората оперативна зона го формирал Првиот баталјон, "Мирче Ацев" како прва регуларна единица на македонската војска. Во составот на овој баталјон влегле борците на партизанските одреди "Дамјан Груев" и "Димитар Влахов" и борци од Првата Оперативна Зона.

Главниот штаб на македонската војска ги формирал оперативните единици со основна цел да водат борба со покрупните окупаторски воени формации, заради проширување на вооружената борба и востание низ целата територија, но истовремено и за одбрана на слободните територии. Меѓутоа, по формирањето на оперативните единици се појавила потреба покрај баталјонот и бригадите да се формираат воено-територијални команди, територијални вооружени формации и други органи во задницата на фронтот. Без оглед на тоа што на слободната територија се формирале легални органи на народната власт на сите нивоа (месни, општински и околиски), сепак, останувале бројни проблеми што народноослободителните одбори не можеле само да ги решаваат. Меѓу таквите проблеми спаѓале: непосредната заштита на населбите и населението од упади на помали окупаторски групации, заштита од разни ограбувачки групи, мобилизација на борци, организација на снабдување на воените единици и на партизанските одреди, обезбедување на железничката и патните комуникации, изградба на разни објекти, разузнавачка и пропагандна дејност и други активности со кои се засилувала одбраната на слободната територија.

Во летото 1944 година, по пролетната офанзива и особено по извршувањето на противофанзивата, националноослободителната и антифашистичка војна се разбранила речиси низ целата територија на Вардарскиот дел на Македонија. Се создавале нови слободни територии, се формирале нови партизански одреди, баталјони, бригади и дивизии. Покрај тоа, политичкото и военото раководство преземале бројни мерки за засилување на борбата, за воспоставување на народната власт на слободните територии, но и за меѓународно признавање. Додека ЦК КПМ и Иницијативниот одбор главно се занимавале со свикувањето и одржувањето на АСНОМ, Главниот штаб на македонската војска ги вршел подготовките за конечно ослободување на Македонија.

ГШ ма македонската војска, поради големиот прилив на нови борци, проценил дека е потребна нова воено-територијална поделба на Македонија. Новата воено-територијална поделба била извршена според планот што го изработил Главниот штаб во кој се предвидувала и соодветна реорганизација на македонската војска. Според овој план територијата на Вардарскиот дел на Македонија била поделена на четири оперативни зони, а се предвидувало во првите три оперативни зони да се формираат по две дивизии. Истовремено се предвидувало да се формираат повеќе помали партизански одреди за извршување помали борбени задачи во заднината на окупаторските сили и одредени специјални акции.

Силниот подем на народноослободителната и антифашистичка војна на македонскиот народ го принудил Главниот штаб на македонската војска кон крајот на септември 1944 година да изврши нова воено-територијална поделба на Вардарскиот дел на Македонија на три корпусни области. Во секоја корпусна област требало да се формира политичко, односно партиско и воено раководство, односно Штаб на Корпусната област. Во некои документи и извори корпусните области се именуваат како Прва, Втора или Трета оперативна зона, а се среќаваат и како Скопска, Битолска и Штипска воена област на НОВ и ПОЈ. Во почетокот на октомври 1944 година сп посебна телеграма на Врховниот командант, македонските корпуси биле преименувани во корпуси на југословенската војска поради тоа што било проценето дека во зборовите македонска војска биле содржани сепаратистички тенденции. Поради тоа македонското воено и политичко раководство биле критикувани за сепаратизам, а македонските корпуси биле преименувани во 15, 16 и Брегалничко-струмички корпус на НОВ и ПОЈ.

Во време на завршните операции за ослободување на Македонија, Главниот штаб располагал со три корпуси во чиј состав влегувале седум дивизии, а во нивниот состав влегувале 23 пешадиски, четири артилериски и една коњаничка бригада. Покрај наведените, била формирана и воено-територијалната мрежа на тој начин што биле создадени 8 команди на подрачја и 34 месни команди. До крајот на војната, речиси во секое поголемо место била формирана месна команда. Во командите на подрачјата биле формирани по еден баталјон, а во секоја месна команда по една чета. Ваквата

воена организација овозможувала изведување на посложени дејствија. Во завршните операции на НОВ на македонија се наоѓале 66.000 борци.

Виталноста и способноста на воената организација за прилагодување на воено - политичката ситуација, може да се објасни пред сè, со фактот дека раководечките кадри и целиот борчки состав биле мобилизирани на доброволна основа и се бореле со голем ентузијазам. На II заседание на АВНОЈ, била донесена одлука за воведување на општа воена обврска, со која биле опфатени сите граѓани од 18 - 50 години старост, но и понатаму било задржано правото за доброволно стапување во НОВ. Со тоа се постигнала поголема ефикасност во пополнувањето на војската.

### *1.1.2. Организацијата на пополнувањето на вооружените сили во Република Македонија до нејзиното осамостојување*

По завршувањето на војната, потребата од доброволно вклучување во вооружените сили престанала, но потенцијалните опасности за повторно загрозување на мирот ја наложувале потребата од конципирање на масовна армија која ќе биде секогаш подготвена во случај на потреба. Така, општата воена обврска се задржала како начин на пополнување на вооружените сили во Федеративна Југославија, во чиј состав влегувала и Република Македонија. Првиот закон за воена обврска бил донесен во 1946 година и според него должината на служењето на воен рок во копнената војска изнесувало две години, во военото воздухопловство – три години, а во воената морнарица - четири години. На вака долгиот рок на служење влијаеле повеќе фактори меѓу кои и нискот степен на образование на обврзниците, недостатокот од регрутен континуитет во повоениот период, како и предвидената јачина на вооружените сили. До крајот на 1947 година, милионската Југословенска воена армија била намалена на 400.000 војници и ја имала физиономијата на класична - стоечка армија која претставувала јадро на формирање на воена

армија.[36] По кризата во 1949 година и притисоците од страна на СССР, се јавила потребата, воената организација да се потпира врз сопствените потенцијали, бригадниот систем бил заменет, се формирале полкови, а место воените подрачја и армии, биле формирани корпуси. Исто така, во почетокот на педесеттите години, била создадена нова одбранбена политичка и сопствена воена стратегија. Новата воена организација подразбирала создавање на партизански бригади, чети и водови на територијалната одбрана, како и реорганизација на ЈНА. Територијално-партизанската компонента била производ на новата воена доктрина и самоуправување во рамките на политичкиот систем.

Вооружените сили претставувале единствена целина составена од ЈНА (заедничка вооружена сила на сите народи и народности и на сите работни луѓе и граѓани) и од територијалната одбрана како најширока форма на организиран вооружен општонароден отпор.[37]

Од овој кус преглед на национално-историските искуства значајни за воената организација на Република Македонија може да се издвојат неколку значајни сознанија:

1. Обиди да се создаде словенска држава во Македонија има уште од VII век и сите поголеми обиди се поврзани со создавање на воена организација која треба да го помогне и обезбеди создавањето на државата.

2. Напори за воено-одбранбено организирање имало уште од VI век кога на територијата на Македонија живееле Македонските Словени. Станува збор за народ во Македонија кој имал своја субјективност, чувствувал своја посебност и веќе од VI век инсистирал на своја политичка организација и на создавање сопствена држава. Резултат на таквото настојување било Самоиловото Царство и создавање на воена организација на Македонските Словени во VII век која успешно се спротивставувала на византиските воени походи сè до почетокот на IX век. Борбата на македонскиот народ за сопствена држава продолжила со нивното спротивставување на продорите на Бугарите, Србите и османлиите, но и по паѓањето на Македонија и македонскиот народ под османлиска власт. Тоа значи дека и во услови на

[36] Даскаловски, С., (1998) "Вооружените сили на Македонија" Скопје, НИП Студентски збор, стр. 118
[37] Устав на СРМ, Службен весник на СРМ, (1974), Скопје, стр. 118

непостоење на македонската држава, постоеле организирани воени формации кои го носеле македонското име и кои биле формирани од народ кој се идентификувал како македонски.

3. Од аспект на воено-одбранбеното организирање во рамките на стремежите на национално ослободување особено се значајни кон крајот на 19 и почетокот на 20 век. Всушност, изнаоѓањето на сопствен самостоен пат кон остварување на национално-ослободителните стремежи, започнува со појавата на ајдутското движење, како и организираното создавање на македонската востаничка војска во втората половина на 18 и почетокот на 19 век.

4. Разловечкото, Кресненското и Илинденското востание се посебно значајна за македонскиот народ, бидејќи во нив тој ги истакнувал своите политички цели, а тоа е создавање на сопствена држава. За таа цел биле формирани сопствени вооружени сили, именувани како македонска војска или македонски чети. Стекнатите искуства од Разловечкото и Кресненското востание послужиле на поставување на основите на воената организација на Македонската революционерна организација во периодот кога македонското револуционерно движење постапно прераснување во национално-ослободително движење. Појавата на самостојни здруженија т.н. "компании" кои се бореле главно против разбојнички банди, го навестиле военото организирање на т.н. "револуционерни комитети". Во исто време низ цела македонија се појавиле многубројни самонародни чети.

5. Неуспехот на дотогашните обиди за создавање на држава, се должел на влијанието на разни надворешни и внатрешни фактори, но најзначајна причина претставувала неможноста да се воспостави трајна воена организација која би требало да им даде постојаност државата организација и политичкото организирање на македонскиот народ.

6. За време на Илинденското востание причина за лошата воена организација било, пред сè, недоволното познавање и примена на воената вештина како и несоодветната воена организација зафронтално спротивставување на противникот. Основа за формирање на политичка и воена стратегија во тој период е отпорот и борбата на македонскиот народ за остварување на воениот стремеж да формира сопствена држава и да постигне национално и социјално ослободување. Раководењето и командувањето е

чиста класика, со строга хиерархија, со едностарешинство и со строго поставени права, должности и обврски. Во такви тешки услови, командниот кадар сепак успеал да ги исполни улогата и задачите кои стоеле пред нив. (со делумни познавања на воената научна и практика, со скудни средства и во наполно блокирана и контролирани територија).

7. Македонското револуционерно и националноослободително движење започнало да се развива и се формирало како политичко движење откако со политички и дипломатски акции станало носител на идејата за формирање политичка самостојност, односно за формирање македонска држава. Остварувањето на политичките цели претпоставувало соодветно воено организирање во согласност со принципите на современите војски, односно армии. Создавањето и развојот на македонската војска претставува процес чии корени се вдлабени во историјата и во традициите на македонскиот народ.

8. Македонското националноослободително движење го започнало создавањето на македонската војска потпирајќи се на традициите, на искуствата и на поуките од Разловечкото, од Македонското (Кресненско) и од Илинденското востание. Македонската револуционерна организација (МРО) во Илинденското востание и Комунистичката партија на Македонија (КПМ) во периодот на Национално ослободителната и антифашистичката војна на македонскиот народ (НОАВМ) се појавиле како политичка сила која ја предводела ослободителната борба и која ја формирала македонската војска како воена сила на македонскиот народ и како гарант за остварување на политичките цели, односно за создавање македонската држава.

9. Формирањето на единиците започнувало од диверзантски или ударни групи, прераснувале во чети и одреди, а со омасовувањето на борбата се формирале или повеќе одреди или покрупни оперативни единици (баталјони, бригари итн.). Политичката раководна структура на МРО и КПМ хиерархиски ја сочинувале: централен комитет, околиски (областен) комитет, реонски и месни (градски и селски) комитети. Во овој континуитет на создавањето на македонската војска, штабовите и четите како воени и политички раководства на македонското револуционерно и националноослободително движење постојано ја имале поддршката од македонскиот народ.

10. Во Втората светска војна, македонскиот народ учествувал рамноправно со другите народи на југословенскиот простор во единствената политичка и воена структура. Во таа борба македонскиот народ формирал сопствена воена организација која ќе ги содржи сите облици на воено организирање со цел да ги достигне најкрупните организациски состави, и со свои сили успева да се избори за создавање на слободна македонска држава во рамките Федеративна Југославија.

11. На ниво на заедничката федерација постоела ЈНА, во која македонските регрути го отслужувале својот воен рок. Со измените на законот на народна одбрана од 1969 година вооружените сили се трансформирале во Оперативна армија и територијална одбрана, со цел да се пренесе одговорноста на одбраната на сите сегменти на општественото и работно организирање во федерацијата, што значи и поединечно за секоја република. На 19 март 1969 година бил формиран Главниот штаб за народна одбрана на СРМ. Територијалниот принцип на воено организирање во 1970 година придонесувал територијалната одбрана да има можност за вклучување на околу 74.000 македонски воени обврзници, а во 1974 година се формирале 14 територијални партизански бригади. Територијалната одбрана на Македонија престанува да функционира со донесување на законот на одбрана на Република Македонија во 1992 година, кога е формирана АРМ.

12. Општата воена обврска е основен начин на пополнување на вооружените сили во повоениот период, војската е политизирана, партиска, идеологизирана, масовна и затворена, а нејзината функција не е само надворешна (зачувување на независноста и територијалниот интегритет), туку и внатрешна (заштита на општественото уредување со Уставот).

13. Во процесот на осамостојувањето на Република Македонија, територијалната одбрана одигрува незаменлива историска улога во превземањето на обезбедувањето на границата. Од друга страна, оружјето и опремата на територијалната одбрана, кои беа купувани од средствата на македонските граѓани, претставуваа основа за вооружување на новоформираната АРМ.

# 2. ПОПОЛНУВАЊЕ НА ВООРУЖЕНИТЕ СИЛИ

## - Модели и трансформација -

### *2.1. Поимот воена организација и основни типови воена организација*

Поимот воена организација го среќаваме во употреба и како армија, вооружена сила, редовна војска, регуларана армија, стоечка војска, кадровска армија и др.[38] Самиот збор организација означува споени делови во целина, која е така организирана и уредена, за да може да функционира и да биде способна за живот. Припадниците на организацијата извршуваат одрени специјализирани функции со кои ги остваруваат своите цели кои се исто така специјални. При тоа, припадниците на организацијата се менуваат, но суштината на функциите на организациајта и нејзините цели не се менуваат. Според социолошкиот пристап, организацијата претставува целина составена од повеќе избрани елементи заради остварување на определени цели и структура која ќе овозможи поголема ефикасност. Целите, рационалноста и специјализацијата се основните карактеристики на организацијата.[39]

Поимот воена организација во основа ја има организациајта, а атрибутот воена укажува на посебен вид активности, цели и карактеристики на таа организација по кои се разликува од другите организации. Всушност, таа целина има елементи и структура кои ѝ овозможуваат да биде ефикасна и да ги остварува целите кои ѝ се определени. Самиот факт што воената организација настанува со појавата на државите, укажува на тоа дека таа е државна организација. Атрибутот воена ја определува на некој начин намената на организацијата, а тоа е да води војна и да се подготвува за истата. Значи, воената организација е вооружена организација бидејќи војните се водат со средства за физичка принуда – оружје. Зависно од политиката на државата која ја конституира, воената организација може да остварува

[38] "**Vojna enciklopedija**", drugo izdanje, br.6, (1973), Beograd: viz, str.448.

[39] Даскаловски, С., (1998), "**Вооружени сили на Македонија**", Скопје: НИП Студентски збор, 1998 год. стр.19.

офанзивна или дефанзивна функција. Во некои држави (како на пример во бившата СФРЈ) воената организација може да има и функција на одбрана од внатрешни загрозувања, но поради можноста од манипулација со војската во услови на загрозување на општествено - политичкото уредување на државата, Република Македонија ја исклучи оваа функција на воена организација. Нејзиниот карактер е дефанзивен, т.е. има одбранбена функција за одвраќање на евентуалниот агресор од намерата да изврши агресија.

Кога се зборува за тип на воена организација се мисли, пред сѐ, на нејзините суштествени особини според кои припаѓа на одредена класа и кои ја прават различна од другите воени организации. Така, дадениот поим кој ги содржи основните карактеристики на таа воена организација се однесува и ѝ припаѓа само на таа воена организација. Типологиите на воените организации може да се извршат според повеќе критериуми. Според д-р Ејуб Кучук,[40] најмеродавен критериум за одредување на типот на воена организација е сопственоста над средствата за производство.

За д-р Јежи Вјатр најмеродавен критериум кој го определува основниот тип на воена организација е начинот на пополнувањето. Така, постојат армии кои се пополнуваат од целокупното население на таа држава, од редовите на еден, најчесто привилегиран слој и наемнички или професионални армии.[41]

Секоја држава го организира пополнувањето на своите вооружени сили во зависност од општественото уредување, воената доктрина, организациската структура на вооружените сили, големината на просторот, бројот на населението и економските можности. Поради тоа, разликите помеѓу државите во однос на начинот на пополнување на вооружените сили се поголеми или помали, но сепак се чувствуваат. Во секој случај има повеќе сличности, одколку разлики. Ако се тргне од мерките кои се превземаат и работите кои се вршат при пополнувањето на армиите, очигледно е дека тие во сите земји се исти, само не се извршуваат на ист начин и не ги спроведуваат исти органи и институции, а различно и се нарекуваат. Во некои држави, главните работи околу пополнувањето ги вршат цивилни, а во други пак воени органи. Но значајна карактеристика на пополнувањето на современите армии

---

[40] Kučuk, E., (1977), **"Militarizam"**, Beograd: VIZ, Rad, str. 57.

[41] Vjatr, J., (1987), **"Sociologija vojske"**, Beograd: Vojnoizdavački i novinski centar, str. 218.

е сè поголемото ангажирање на науката во поставувањето и решавањето на проблемите поврзани со него, примена на најсовремени начини и постапки при одбирањето и класификацијата на луѓето.

Многу е тешко да се зборува за чист тип на воена организација, бидејќи таков не постоел во ниту една држава, без разлика дали се работи за поблиското или подалечното минато. Секогаш преовладувачкиот модел се земал како репер при определувањето на основнот тип на воена организација. Иако постојат повеќе типови, денес во светот егзистираат главно три типа на воена организација:

- Професионални воени организации кои се пополнуваат со професионални војници;
- Комбинирани воени организации во кои дел од војниците се воени обврзници, а поголем или помал дел се професионални војници;
- Масовни воени организации кои се пополнуваат со општа воена обврска.

### *2.1.1. Професионални воени организации*

### - Пополнување на вооружените сили со професионални војници -

Пополнувањето на вооружените сили со професионални војници се остварува со ангажирање на луѓе за служба во вооружените сили на одредено време, со материјална, (најчесто парична) надокнада.

Професионализам е збор од латинско потекло (profession) и означува постојано бавење со една професија, заради заработување плата. Професија значи занимање, занает, струка, стручна работа, а професионалец е човек кој врши работа како свое постојано занимање.[42]

Според ова, професионален војник е човек кој работи во војската за да заработи пари. За разлика од него, регрутот, т.е. воениот обврзник е човек кој е повикан да помине извесно време во војската заради остварување на безбедносните интереси на државата.

---

[42] Вујаклија, М., (1992), "Лексикон страних речи и израза", Београд: Просвета, стр.760.

Трнувајќи од ваквото сфаќање на овие поими, за професијата војник може да се каже дека претставува еден вид занимање со чие извршување се зајакнува безбедноста на земјата или земјата се брани од надворешен непријател. Оваа професија не се извршува поединечно, туку како колективна активност, која се карактеризира со голема дисциплина и постојана обука како неопходни компоненти на војничката професионалност. Како членови на професионална организација, професионалните војници работат заедно и соработуваат користејќи го стекнатото знаење и прифаќајќи ја посебната одговорност. Тоа се критериуми по кои професионалецот се разликува од лаикот и кои го градат професионалниот мотив. Професионалното однесување се регулира со професионални навики и со правна регулатива, а професионалноста претставува морална вредност и идеал кој го дистанцира професионалниот војник од воениот обврзник.

Професионалната војска понекогаш се изедначува со наемничката, од која секако значајно се разликува. Во современи услови, припадниците на наемничката војска се по правило државјани на друга држава или на некоја организација. За воената служба се определуваат и доброволно се пријавуваат главно поради материјални причини. Припадниците на професионалните армии се граѓани на соодветна држава, го поминуваат процесот на одбирање и селекција, а нивната мотивација за воена служба не се базира само на материјана добивка, туку, во начело е и патриотска.

Професионалната војска, историски гледано има долга традиција. Во I век п.н.е., долготрајните војувања на Римската Империја надвор од матичната територија, ја наложуваат потребата од ефикасна професионална армија. Со воените реформи на Гај Марио се напушта воената обврска како начин на пополнување и доаѓа до професионализација на Римската војска. Пристап во војската имале сите слободни граѓани и пролетерите кои биле побројни. При крајот на средниот век професионалната војска неможела успешно да се бори против масовните армии, па била задржана само во Англија. Подоцна англискиот модел на воена организација го превзеле и Соединетите Американски Држави и други земји – бивши колонии по стекнувањето на независноста.

Со усовршувањето на воената техника, воената дисциплина станува сè позначајна, а тоа најдобро може да се постигне во армиите во кои војничкиот занает е посебна професија. Поразвиените држави имаат и поусовршена воена техника и економски се појаки, па затоа предничат во реформирањето на стоечките професионални армии. Според Кауцки (Kautsky)[43] новата техника и тактика може да ја применуваат само професионалните војници, бидејќи тие имаат време и можност да се подготват за тоа. Бидејќи само држава која има пари може да ги плати професионалните војници, главно средство за водење војна, оттогаш станале парите.

Кај граѓанската мисла се афирмира нов, конзервативен правец кој во средиште го става професионалниот модел на воено организирање и цивилна супремација и контрола на војската. Според Хантингтон, кога професионалниот војник ќе добие наредба од претпоставениот, тој не коментира, не се колеба, не се раководи од своето лично мислење, туку веднаш се покорува. Тој се цени врз основа на брзината и ефикасноста со која ја извршува наредбата.[44]

Морис Јановиц исто така, го претпочита професионалниот како оптимален модел на воена организација, и интегрирање на воената професија во општествените процеси. Професионалниот модел е производ на влијание на низа фактори од кои посебно место и улога има техничко – технолошкиот развој. Професионалната армија е резултат на условите и потребите на високоиндустријализираните општества. Скапата воена опрема многу порационално се користи во професионалните армии, бидејќи професионалните војници се подолго време на своите служби и со тоа оружје и опрема ракуваат подолго време. Поради тоа и школувањето повеќе се исплатува, бидејќи се намалуваат училишните капацитети, а се постигнуваат и заштеди во материјал. Професионалните трупи се мошне мобилни, а и мотивираноста, по правило, е висока. Бидејќи се составени од војници кои доброволно се определиле за воениот позив, нема одбивност кон него, а и дисциплината се спроведува ефикасно.[45]

---

[43] Vjatr, J., (1987). "**Sociologija vojske**", Beograd: Vojnoizdavacki i novinski centar, стр.200.

[44] Даскаловски, С., (1998), **"Вооружените сили на Македонија"**, Скопје, НИП, Студентски збор.

[45] Салтировска, З., (1997), **" Воената обврска во системот на одбрана на РМ"**, Магистерски труд, стр.96.

Велика Британија од секогаш била пример за држава чија воена организација е исклучиво базирана на платени доброволци. Англиската империја, со своите многубројни потреби имала одлучувачко влијание на примената на овој модел на воена организација. Во т.к.н. "Regular army" се наоѓаат офицери и помлади офицери со постојан статус, и војници по договор на 3, 6, 9 и 12 години. Граѓаните кои со договор се обврзуваат на 3 години служење, по престанокот на службата се преведуваат во резерва и обврзани се во рок од 9 години да се јавуваат при повикување во единиците (една седмица годишно, често кога се изведуваат поголеми вежби на НАТО).

Граѓанинот кој стапил во "Regular army" ужива престиж кај населението. Добрата пропаганда во училиштата и различните здруженија на доброволци по договор, исто така е ефикасен елемент за запишување на 20 000 доброволци за кои Велика Британија има годишна потреба. Секој вид на вооружените сили располага со по еден регрутен центар во кој доаѓаат кандидати и во кој се врши проверка и селекција. Доброволците по договор имаат многу посебни материјални погодности: плата, станови по поволни цени во близина на касарната (за оние со брачен статус), комфорни касарни и сместување (за неженетите), отпремнина по завршување на службата и пензија по 22 години активна служба, како и Канцеларија за повторно вработување на младите луѓе кои завршиле со својата служба.[46]

Посебно се води сметка за процесот на регрутирањето, квалитет во обуката, мотивација и задржување на воениот и цивилниот персонал на соодветно ниво на квалитет и задоволителна бројна состојба со најмалку трошоци. Поради тоа, Велика Британија останува на високо ниво на професионализираност на војската, добро обучена, модерно опремена со најсовремено оружје и опрема, целосно оспособена да ја заштити земјата и да ја покаже својата моќ во Европа и на евентуално идно воено поле.

Сепак трендот на намалување на вооружените сили ја зафати и Велика Британија. Најавените темелни реформи во британската армија опфаќаат опсежно скратување на вооружувањето и на армискиот состав, најголемо од завршувањето на II Светска војна. Според Цеф Хун ваквиот потег бил неопходен поради плановите за технолошко модернизирање на вооружените

[46] Rambaldi, E., (1990), " **Modeli kopnenih vojski u svetu"**, Informativni bilten IBP-4/1990,str.4.

сили и за приспособување на армијата за потребите на новото време и предизвиците на 21 век. Воените експерти сметаат дека сега е време за реформа, која за Велика Британија ќе значи технолошко усовршување на војската, неопходно за да ги следат во чекор САД, чија армија забрзано влегува во новата ера на "Hi – tech" во вооружувањето, но и за приспособување на британската армија на новото време и новите предизвици со кои се соочува денешниот свет. Практично, армиските сили ќе бидат намалени за над 10 500 луѓе и уште 10 000 службеници во Министерството за одбрана, како и граѓански лица кои сега работат во армиските единици и кои ќе бидат отпуштени до 2008 година. Копнената војска го намалува својот состав за 1 770 луѓе, воздухопловните сили за 7 500, а кралската морнарица ќе отпушти 1 500 луѓе. Врвот на армијата смета дека ваквото намалување на воениот состав и на цивилите во војската, ќе значи заштеда на пари кои ќе бидат пренасочени во технолошкиот развој и модернизација на воените сили.[47]

САД професионалната воена организација ја воведуваат веднаш по завршувањето на II Светска војна, но во 1950 година поради воените операции на исток ја воведуваат општата воена обврска. По завршувањето на Виетнамската војна, или поточно во јануари 1973 година, САД повторно преоѓаат на систем на добро платени професионални војници. Во 80[тите] години на XX век дел од силите се преструктуирани и оспособени за спротивставување на секоја кризна ситуација која би можела да се појави во иднина – од мали судири до судири кои бараат поголемо ангажирање на воени сили. Воените стратези на САД уште во 1979 година започнале со проучување на потребата за нов тип на сили кои ќе се одликуваат со голема подвижност. Ова соодветствува со зголеменото значење кое им се придава на евентуалните интервенции и во најодалечените региони во светот. Поради тоа се формираат силите за брза интервенција во кои лесните копнени дивизии завземаат посебно место. Во почетокот овие единици биле предвидени за извршување на задачи на боиште каде се одвиваат судири со низок интензитет и за ограничено време додека не пристигнат силите за поддршка. Сегашната американска доктрина овие единици ги разгледува како сили за брзо преместување и развивање во зоната на борбените дејства. Поради промените

---

[47] Ивановски, Т., (2004), Одбрана, бр. 101, стр. 25.

во меѓународната заедница и промените во проценката на силите на земјите во развој, воените аналитичари и планери на САД забрзано работат на прилагодување на овие сили кон новите стратегиски барања. Припадниците на лесните дивизии се професионални војници кои поминуваат општа и специјална обука, а постапката за селекција е според прецизно утврдени критериуми , од кои најзначајно е борбеното искуство.

САД имаат голем број на специјални и елитни професионални единици. Без сомнение, тоа се најбројните и најразвиени елитни сили во светот. Само во копнените сили, нивниот број е поголем од 20 единици со вкупно околу 400 000 луѓе.[48] Најголем број од нив, денес се обучуваат за противтерористичка борба и задушување на бунтови. Нивните припадници се доброволци и тоа се најдобро оспособените војници во светот. При приемот во единиците поминуваат низ најразлични проверки: психо-тестови, интервјуа и проверка на физичката издржливост. Нивното ангажирање на некој простор, обично ѝ претходи на воената операција од пошироки размери.

### *2.1.2. Масовни армии и општа воена обврска*

Масовните армии настанале со воведувањето на општата воена обвска, која е пак историски поврзана со остварувањето на класните интереси на прогресивната буржоазија. Иако настанале во граѓанската епоха, идејата за нив е многу постара. Уште Аристотел[49] во своето дело "Политика" зборува дека само демократски уредените полиси може да организираат вооружена сила врз принципот на општа воена служба на сите слободни и способни граѓани, и дека таква воена сила ѝ е потребна на државата и во мир.
Многу време пред создавањето на масовните национални армии, Макијавели,[50] правејќи поделба на војските, укажува на предностите на сопствената војска на владетелот составена од народот, а со тоа и навлегување на народните маси во воената организација. Иако, во практиката не успеал да ја реализира

[48] Adanić, S., i Tatalović, S., (1993), **"Novačenje i mobilizacija"**, Zagreb: Otvoreno sveučilište, str.55.
[49] Aristotel. (1984). **"Politika"**, Beograd: BIGZ, str. 78.
[50] Makijaveli. N., (1964). **"Vladilac"**, Beograd: Rad, str. 41.

својата идеја за создавање на таква војска, неговата мисла го надминува своето време.

Јакобинците ја истакнуваат идејата за еднаквост на граѓаните и во поглед на нивното учество во одбраната на нацијата и револуцијата. Жан Пол Мара се залагал за сеопшто вооружување на народот и со тоа армијата да стане помасовна. Сен-Жист Пол, имал прилики да биде и практичен реализатор на принципот на масовна, општа, народна армија. Со воената реформа на Јакобинците во 1793 година, сите Французи биле повикани во постојана воена служба сè до победа над непријателот. Работата на мажите и жените во позадината на армијата, се третирала како облик на воена служба, па таа станува општа. Но визијата на Јакобинците за концепција на вооружен народ и стварање национални гарди набргу се покажала непрактична, па и самите ја отфрлиле кога почнале да владеат. Надворешната опасност ја принудува Републиката да го напушти концептот на милициски облик на воено организирање и да организира стоечка војска заснована врз општа воена служба на способното население. Со воведувањето на општа воена обврска во август 1793 година, настануваат големи промени во јакобинската доктрина за демократија во војската.[51]

Поради големиот прилив на луѓе, се јавува потреба од интензивно школување на воени кадри. Со воведување на општата воена обврска Франција добива нов тип на масовна народна армија, која е производ на процесот на извршената трансформација во армијата. Обврзниците се делеле на постојани кадри и резерва. Рокот на воената служба се ограничил, се усовршил системот на регрутирање, се вовела евиденција на воените обврзници, започнало систематско школување на старешинскиот кадар и друго.

Воведувањето на општата воена обврска, формално - правно е утврдена и санкционирана во 1797 година кога е донесен Законот за констрикција. Од тогаш, па до денес воената обврска ги опфаќа сите граѓани во земјата во која е воведена, но со различен третман на поедини категории граѓани во поглед на должината на служењето на воениот рок и во поглед на старосната граница за извршување на обврската.

---

[51] Ванковска, Б., (1995), "Војската и демократијата", Скопје: Детска радост, стр.41.

Воената обврска не е воведена во сите земји истовремено. Во Прусија, била воведена во 1814 година, по поразот на нејзината професионална армија во војната со Наполеон. Во Австро - Унгарија била воведена во 1866 година, напоредно со реформите кои оваа држава ја претвориле во уставна монархија. Во Русија во 1874 година биле донесени прописи со кои воениот рок треба да се служи во постојаниот кадар со траење од 4 до 5 години, а потоа обврзниците да се воведат во резерва со траење од 13 години. Дури во Уставот од 1936 година се воведува општа воена обврска за сите граѓани без разлика на класна припадност. Во Србија, првите елементи на општа воена обврска се појавиле во 1861 година со воведувањето на Народна војска за одбрана на земјата, но дури во 1883 година за прв пат била воведна општа воена обврска која во 1888 година била и уставно регулирана.[52]

Во 1917 година, владата на САД издала наредба за регрутирање на сите машки лица на возраст од 21 и 22 години, но регрутирањето било доброволно и се базирало на патриотските чувства на граѓаните. Дури во 1940 година усвоен е Законот за регрутација и обука со кој е предвидено служењето на воениот рок да трае 12 месеци, а зависно од потребите Конгресот да го продолжи.[53]

Во I Светска војна поради големите загуби во жива сила и формирање на голем број нови единици, системот на општа воена обврска го воведе и државите кои дотогаш го немале, а биле ангажирани и стотици жени за потребите на вооружените сили. По завршувањето на војната, голем број на држави ја задржале општата воена обврска, а оние кои вовеле мешовити или професионални војски, во II Светска војна повторно ја вратиле воената обврска (Велика Британија и САД).

По II Светска војна, системот на општа воена обврска е задржан во повеќето држави, со поголеми или помали измени и разлики. Во САД е укинат веднаш по завршувањето на војната, но во 1950 година повторно е воведен. Во Велика Британија овој систем постои до 1960 година кога е усвоен традиционалниот систем на професионална војска. Во СР Германија, законот

---

[52] Салтировска, З., (1997), " Воената обврска во системот на одбрана на РМ", Магистерски труд, стр.19.

[53] Washington, G., (1983), **"Sentiments on a Pence Establishment"**, Washington: The Writong of George Washington, str. 375.

за општа воена обврска бил донесен во 1956 година, а воените обврзници биле оделени на: војници (од 18 до 40 години старост), активни офицери и подофицери (до 65 години старост) и резервни офицери и подофицери (до 60 години старост).[54]

До завршувањето на II Светска војна, воената обвска на граѓаните била доста едноставна и се сведувала на служење воен рок, повремени кратки вежби во резервата и учество во војните, и тоа само до одредена старосна граница. По завршувањето на војната обврските се зголемуваат и се прошируваат. Покрај служењето на воениот рок и учеството во борба во рамките на вооружените сили, се воведува и постојана обука во образовните институции, општествено ангажирање во сферата на одбраната, служење во територијалната одбрана, подготовки и работа во цивилната заштита, подготовки на општествените организаци за работа во воени услови и друго. Станува збор за сестрани обврски на сите граѓани кон одбраната и бројни сложени задачи пред современиот начин на пополнување на војските.

Општата воена обврска како еден од начините на пополнување на вооружените сили, подразбира вклучување на сите граѓани од машки пол на поедина држава во вооружените сили, а согласно условите кои ги прецизира власта на таа држава. Но и покрај општоста, која е најсуштествена карактеристика на овој модел на пополнување, постојат разлики во времетраењето на обврската и начинот на кој се остварува. Овие разлики овозможиле да се развијат три различни модели на воена обврска.[55]

Милицискиот модел подразбира вклучување на сите граѓани од машки пол во воената организација на држаавта и се карактеризира со служење на краток воен рок заради воено оспособување, а потоа редовно годишно учество во воените активности на резервниот состав. Овој модел го применуваат државите кои имаат концепција на тотална или општонародна одбрана, како што се Швајцарија и Шведска. Одбраната не е исклучително воена задача, туку целина во која се вклучуваат сите средства за да се обезбеди организација и функционирање на државата, заштита на цивилното население и одбрана на земјата. Оваа целина, всушнсот претставува соработка меѓу цивилните и

[54] Салтировска, З., (1997), " Воената обврска во системот на одбрана на РМ", Магистерски труд, стр.20.
[55] Исто... стр.49.

воените власти со цел да се спречи војната. Вооружените сили, полицијата, спасувањето и цивилните подготовки, се четирите елементи на оваа целина наречена тотална одбрана.

Швајцарската војска е организирана на територијален принцип (MILITIA ARMY) и се пополнува врз основа на општа воена обврска, на која подлежат сите способни граѓани од машки пол од 19 - 55 години старост. Воениот рок трае 15 недели и има карактер на спроведување на обука. По отслужувањето, обврзниците се распоредуваат во единици според местото на живеење и работа. Во текот на траењето на воената обвска, тие се повикуваат на вежби 10 пати по 19 дена на секои две години, до наполнување на 40 години старост. Обврските во посебниот модел траат 295 дена, од кои 15 недели воен рок и 16 пати по 12 дена одење на воена вежба секоја година. Служењето, пак, во специјалните сили трае 17 недели воен рок, 8 вежби по 20 дена секоја година до 32 годишна возраст ("elite"), потоа уште 3 вежби по 13 дена до 42 годишна возраст ("landmetr") и на крајот уште еден курс од 13 дена до 50 годишна возраст ("landstrum"). Офицерите остануваат на служба до 55 годишна возраст. Лицата кои нема лично да ја исполнат воената обврска, плаќаат "данок на замена".

Шведската одбрана ги вклучува сите аспекти на општеството и се состои од: воена, цивилна, стопанска и психолошка одбрана. Воената одбрана ја остваруваат вооружените сили кои се пополнуваат со воени обврзници. Воен обврзник е секој способен граѓанин од машки пол на возраст од 18 до 47 години живот. Воениот рок трае од 7,5 до 15 месеци, а во Военото воздухопловство од 8 до 12 месеци. Во Шведска, сите граѓани мора да бидат оспособени и подготвени да учествуваат во одбраната и заштитата во согласност со своите можности и квалификации.[56]

Копнените војски од милициски тип немаат постојана оперативна готовност во време на мир, туку ја стекнуваат по извршената мобилизација која трае мошне кратко време. Тоа е овозможено со општествено - политичкото уредување кое ги карактеризира овие држави и многу ефикасните и добро одредени мерки: личното вооружување и опремата се

[56] Harden, S., (1994), " **Neutral states and European Community**", The David Davies Memorial Institute of International Studies, Brassey's, str.135

постојано кај граѓаните – војници, мобилизациските центри се рационално разместени на територијата и се во близина на местото на живеење. механизмот на мобилизацијата повремено се активира и проверува, граѓаните често се повикуваат на дообука – обврска која многу се почитува. Милицискиот модел на воена обврска е тесно поврзан со нетипични ситуации, како што се:

- посебни географски и стратегиски услови кои на државата ѝ овозможуваат состојба без посебни обврски кон воените сојузници;
- високи економски можности и средна густина на населеност;
- географски карактеристики кои овозможуваат брза мобилизација и брз распоред на силите во однос на границите, т.е. карактеристики кои не овозможуваат друга одбрана освен територијална; и
- посебно висок степен на општествена кохезија.[57]

Втор модел на воена обврска е моделот кој го применуваат посиромашните држави кои имаат потреба од поголеми мирновремснски воени сили. На воена обврска во овие држави подлежат сите способни машки лица од определена старосна група кои служат подолг воен рок, а постои и воен дел на вооружените сили пополнет со резервни војници.

До неодамна ваков "чист"модел на воена обврска (не земајќи го во предвид старешинскиот кадар) имаа сите членки на Варшавскиот Договор, но и многу други држави во светот, вклучувајќи и членки на НАТО.

Земјите од ЗНД сеуште го имаат задржано овој модел, а задолжителниот воен рок трае помеѓу 12 и 24 месеци. Иако постои стремеж ваквиот модел да се замени (делумно или потполно) со професионален (доброволен), сепак мнозинството на Европски и други земји и понатаму го задржуваат, но со многу поеластичен приод во неговата примена. Во настојувањето да ги професионализираат своите армии, најголем дел од државите, денес го користат третиот модел на воена обврска, па се воени обврзници пополнуваат дел од своите вооружени сили (дел од постојаниот состав и резервниот состав), а останатиот дел од постојаниот состав (поголем или помал) го пополнуваат со професионални војници. Основни карактеристики на овој модел се краткото служење на воен рок и релативно малите обврски во резервниот состав.

---

[57] Rambaldi, E., (1990), "**Modeli kopnenih vojski u svetu (prevod)**" – Informativni bilten IBP-4, str.4

Масовните армии базирани на општа воена обврска се карактеристичен начин за воените организации во брзиот економски развој на општествата во XIX и XX век во Европа и Северна Америка. Распаѓањето на Советскиот Сојуз и Варшавскиот Договор даде импулс на размислувањата за тоа дали овој модел на пополнување е сеуште соодветен за организирање на модерните вооружени сили кои располагаат со висока технологија и диференцираност.[58] По завршувањето на студената војна, масовните армии ја губат својата легитимност, а поголемо значење добиваат воените организации кои се помали, побрзи, помобилни, функционално и технолошки пофлексибилни и кои може да се интегрираат во мултинационалните вооружени сили. Токму затоа, "чистиот" модел на воена обврска се заменува и претопува во "комбинираниот модел", на патот до професионализација на армиите.

Кога се разгледуваат моделите на воена обврска, централно прашање е регрутниот систем кој се применува, не само поради типот на воената организација во таа земја, туку и поради положбата и видот на уредувањето, како и поради односот на воената организација и цивилните структури. Прашањето не е само од техничка природа, туку пред сè политичко. Изборот на решението има длабоки импликации на доктрината на употреба на силите, на организацијата на обуката и задninската поддршка. Проблемот на регрутацијата не може да се разгледува апстрактно туку во контекст на сите фактори кои го условуваат, имајќи ја во предвид посебноста на воените организации.

До крајот на II Светска војна, армиите се подготвувале за една цел: судир со противничките сили во војна. Нивна задача била да обучат што поголем број на млади луѓе со цел да се формираат добро обучени резерви кои ќе се мобилизираат во случај на војна. Поради тоа, Регрутацијата била соодветна на "чистиот" модел на воена обврска и се сведувала на едноставно пополнување на воените сили со сите способни мажи од одредена возраст. Секако дека се водела и регрутна евиденција, но распоредувањето на регрутите се базирало само на потребите за пополнување на единиците.

По II Светска војна, паралелно со промените во структурата, маргинализацијата на вооружените сили и можностите од употреба на

[58] Haltiner, W. K., (1996), "**The Definite End of the Mass Army**", Seoul, str.26.

современо оружје, регрутацијата станува посложена. Во повеќето армии детално се анализираат должностите и работите кои ги извршуваат војниците, за да може да се одреди психофизичката способност на регрутите и, колку е можно, поуспешно да се прилагоди нивната способност со условите и барањата на должностите и специјализираностите во армијата. Промените и усовршувањата на регрутниот систем се условени и со приоритетната цел на државата да располагаат со еден непосредно употреблив воен инструмент кој овозможува, со својата ефективна моќ на одвраќање, отстранување на опасности од судири. Динамичката цел – учество во војна, заменета е со статичка цел – одржување на мирот со стратегиска рамнотежа на силите и со силата на одвраќање. Приоритетна цел на денешните армии е да постигнат непосредна оперативна готовност која подразбира постоење на веќе обучени луѓе во неопходна квантитативна и квалитативна мерка. Во прилог на ова се деталните прегледи и психометриски испитувања кај регрутите при што се користат најсовремени методи за избор и класификација на регрутите.

Но, мора да се разгледа и општествениот карактер на проблемот на регрутацијата. Поради воведување на современо оружје и опрема во вооружувањето на армиите, во пеесетите и шеесетите години на XX век, доаѓа до драстично намалување на вооружените сили, со истовремено драстично зголемување на издатоците. Поради тоа, во многу држави кои ја задржале воената обврска, голем број на млади луѓе не го служеле воениот рок бидејќи потребите за регрути биле помали од нивниот потенцијален број. На морален план, последиците биле мошне негативни поради општоста на воената обврска (треба да важи за сите подеднакво). Периодичните промени на законите за ослободување од оваа обврска можеле различно да се толкуваат во зависност од тоа, "што" за некого во дадена ситуација е поповолно. Ова, како и неповикувањето на студентите на регрутација, кои често се од побогатите слоеви во општеството, го поништило принципот на општа воена обврска во речиси сите западни земји, што довело до дискриминација меѓу оние кои служат и оние кои не мора да служат воен рок. Тоа е период кога голем број на незадоволни млади луѓе почнуваат да го одбегнуваат служењето на воениот рок, револтирани од "неопштоста" на воената обврска, па државите кои можеле да си го дозволат тоа, барале алтернативни начини за

служење на воен рок. Тенденциите и потребите за професионализација на вооружените сили, го намалуваат или ублажуваат проблемот со недостаток на регрутен потенцијал и овозможуваат усовршување на регрутниот систем со примена на најовремени методи на селекција и професионална ориентација. Целта е да се утврди квантитетот и квалитетот на регрутниот потенцијал со кој се располага и да се задоволат барањата на структурите кои се пополнуваат со обврзници, а при тоа да се води сметка за нивните способности, интелектуален потенцијал, стручните знаења и интереси.

Служењето на воениот рок е во зависност од тоа како е регулирана обуката и замената на регрутните контингенти кои го одслужиле воениот рок. При тоа мора да се води сметка да не се доведе во прашање борбената готовност на вооружените сили. При упатување на регрутите на отслужување на воениот рок, државите водат сметка во вооружените сили секогаш да има најмалку 30% од војниците кои ја завршиле обуката и се распоредени на борбени должности. Ова е посебно значајно за земјите кои немаат професионални војници во составот на своите вооружени сили. Професионализацијата овозможува скратување на времетраењето на воениот рок, поради што голем број држави го скратуваат воениот рок на минимум потребно време за обука.

## *2.2. Насоките за развој на воената организација кон професионализација и нејзиното влијание врз пополнувањето на вооружените сили*

По завршувањето на студената војна, а како резултат на променетата меѓународна ситуација, масовните армии ја губат својата легитимност, а поголемо значење добиваат воените организации кои се помали, побрзи, помобилни, функционално и технолошки пофлексибилни, кои може да бидат интегрирани во мултинационалните вооружени сили. Поради тоа, во општествата со економски пораст и зголемен животен стандард, општата воена обврска забрзано се истиснува како начин на пополнување на

вооружените сили и се заменува со професионалниот модел на пополнување. Напоредно со тоа, армиите се намалуваат по големина, вклучуваат далеку помал број обврзници, а повеќе специјалисти и техничари во повисоко диференцираните струки.

Иако постои прилично исполнување на стремежот воено - обврзничкиот модел да се замени (делумно или потполно) со доброволен (професионален), сепак повеќето европски и други држави и понатаму го задржуваат, но со пораст на професионалниот персонал во воените организации. Со тоа, моделот на таквите воени организации е комбиниран, а државите кои го применуваат може да се категоризираат според процентуалната застапеност на воени обврзници во вооружените сили, наспроти процентот на професионални војници.

Во првата категорија влегуваат државите во кои процентот на воени обврзници во вкупните вооружени сили е под 50%, или тоа се земји со низок степен на воена обврска. Во втората категорија се државите со 50 - 65% воени обврзници во вкупните вооружени сили, а во третата категорија се државите со над 66% воени обврзници или тоа се држави со висок степен на воена обврска.[59] Во државите од првата категорија има пораст на националниот доход и високо развиена воена технологија, па обврзниците кои служат во кратки термини повеќе не соодветствуваат на барањата кои се однесуваат на перманентноста во обуката и подготвеноста за брзо и ефикасно дејство. Овие држави може најбрзо да ја напуштат воената обврска бидејќи нивните системи имаат најголема сличност со целосно професионалните сили од англо - саксонски тип, а и економската моќ им овозможува брза трансформација.

Современите мирновремениски услови на работење, добрите односи меѓу народите, а пред сè, меѓу соседите, доведуваат до тоа и малите земји, во услови на релативен мир и намалени ризици од евентуален напад од надвор, повеќе внимание да му посветат на преструктуирањето на сопствените војски. Новите облици на загрозување на безбедноста на државите, бараат и нови облици на обука во вооружените сили кои ќе соодветствуваат на колективните напори за спротивставување на таквите загрозувања. Овде, пред сè, мислам на борбата против тероризмот, криминалитетот и некои други загрозувања кои не ја

[59] Haltiner, K., (1996), "**The Definite end the Mass Army**", Seoul, str.28.

загрозуваат само безбедноста на државата, туку се имплицираат и врз безбедноста на меѓународната заедница. Колективната одбрана против овие и други загрозувања, ги вклучува и малите земји и оние со послаба економска моќ, кои исто така прават напори да ги трансформираат своите воени организации за истите да може да одговорат на новите предизвици. Иако во професионализирањето на армиите предничат поразвиените држави, посебно членките на НАТО, поради своите развиени технолошко - воени комплекси, намалувањето на воените обврзници и зголемениот степен на професионални војници и во помалите демократски држави не е за запоставување што може да се види и од табелата за застапеноста на воените обврзници во АВС:

ВОЕНИ ОБВРЗНИЦИ ВО АВС

| Реден број | Држава | АВС * | Воени обврзници во АВС - број * | Воени обврзници во АВС - % ** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Данска | 21180 | 5800 | 27.4% |
| 2 | Германија | 284500 | 94500 | 33.2% |
| 3 | Грција | 163850 | 113000 | 69.0% |
| 4 | Италија | 191875 | 4052 | 2.1% |
| 5 | Норвешка | 25800 | 15200 | 58.9% |
| 6 | Португалија | 44900 | 10000 | 22.3% |
| 7 | Турција | 514850 | 391000 | 75.9% |
| 8 | Естонија | 4934 | 1552 | 31.5% |
| 9 | Литванија | 13510 | 4000 | 29.6% |
| 10 | Романија | 97200 | 29600 | 30.5% |
| 11 | Австрија | 39000 | 20600 | 52.8% |
| 12 | Хрватска | 20800 | 6130 | 29.5% |
| 13 | Финска | 28300 | 19300 | 68.2% |
| 14 | Шведска | 27600 | 12100 | 43.8% |
| 15 | Србија и Црна Гора | 65300 | 25000 | 38.3% |
| 16 | Ерменија | 48160 | 30064 | 62.4% |
| 17 | Латвија | 5238 | 1000 | 19.1% |

* Извор: The Mlitary Balance (2005/06)

** Пресметани вредности

Професионализацијата на војската во нив може да значи намалување на непотребните трошоци за сместување, исхрана, комунални услуги и други тековни потреби за големиот број воени обврзници, а создавање можности за повеќе вложувања во современото опремување и обучување на помалиот број професионални војници, како и за обучување на резервниот состав. Професионализацијата претпоставува професионализирање на сите места на кои војниците ракуваат со скапа воена опрема и техника, услужните дејности и обезбедувањето на државната граница. Ова доведува до намалување на извршителите војници на отслужување на воен рок, скратување на воената обука на регрутите, т.е. нејзино сведување само на неопходниот минимум за стекнување на основни знаења. Секако дека професионализацијата ќе створи тесна база на обучени луѓе во резерва, бидејќи бројот на воени обврзници кои ја поминале обуката ќе биде далеку помал, а поради краткото траење на обуката, дури и оние кои ја поминале, ќе мора да го обновуваат своето знаење преку учество на воени вежби. Затоа, земјите кои преоѓаат на професионалниот модел на пополнување на своите армии, прашањето на обучениот резервен состав и прашањата на правата и должностите на граѓаните во одбрана го решаваат со донесување на дополнителни прописи и воведување на нови воени или цивилни обврски на граѓаните. Исто така, професионалните војници може да склучат договорен однос со Министерството за одбрана да бидат во резервниот состав на армијата. Во земјите кои развиваат одбранбена доктрина и сметаат на долготрајна војна, т.е. чии доктрини се базираат повеќе на човечкиот отколку на техничкиот фактор на вооружената борба, резервниот состав на војската е носечкот дел кој ќе ја води оружената борба во случај на напад на земјата. Затоа, тесната база на обученост на граѓаните за воена армија која е резултат на професионализацијата не е многу погодна за овие земји. Професионализираниот мирновременски состав, сведен на најниско можно ниво, треба да ги остварува само мирновременските функции и да врши обука на резервниот состав. Без добро обучен и опремен резервен состав, малите земји во чиј постојан состав се наоѓаат 15 - 20 000 војници, не ќе можат успешно да се спротивстават ни на почетниот удар на нападот, а уште помалку да водат долготрајна оружена борба. Со доволен број луѓе во резервниот

состав, со развиен систем на мобилизација и со континуиран процес на обука, може да се создадат услови за успешна одбрана. Гледиштата дека само постојаниот состав ќе ја брани земјата, може само да ја ослабат одбранбената моќ на земјата, а не да ја зголемат.[60]

Обуката на војниците е најважниот дел од нивното оспособување. За војниците обврзници таа бара поширока настава и инфраструктура, почесто обновување на циклусот на основната обука, поголем број на наставен и помошен кадровски персонал, а многу аналитичари сметаат дека и покрај сето ова не се обезбедува потребната стручност на современите војници - техничари. Во текот на служењето на воениот рок, воениот обврзник во релативно кратко време (4, 6, 9, 12 или повеќе месеци), тешко дека ќе може успешно да ја совлада основната и повисоката воено - стручна обука, да навлезе во колективните работи и постапки во рамките на тимот, посадата, на некој сложен систем на оружје во единицата. Професионалните војници за разлика од воените обврзници, поради подолгиот престој во вооружените сили, многу повеќе време ѝ посветуваат на воено - стручната обука и усовршување. На тој начин постигнуваат повисоко ниво на лична воено - стручна обученост и подобра оспособеност на единицата како колектив во вкупните вооружени сили. Извршувајќи го воените должности, тие имаат можност стручно да се усовршат и да напредуваат во чинот, превземајќи со тоа и одредени старешински должности. Во некои земји тие имаат право и на дополнително образование, а стекнуваат и право на унапредување во офицерски чин. Така, на пример, во САД една третина од офицерскиот кадар потекнува од редовите на војниците и подофицерите - професионалци. Во земјите со професионални армии, младите луѓе доброволно се определуваат за служба во вооружените сили и остануваат одреден број години, а во некои случаи и целиот работен век. Многумина од нив за време на службата во армијата се стекнуваат со знаења и искуства од различни области кои може да се применат и во цивилството, па по истекувањето на договорениот рок во армијата, започнуваат друга кариера како стручно оспособени лица. Тоа е овозможено поради современиот технолошки развој и воведувањето на најсофистицирана технологија во војската, која ги брише границите меѓу

[60] Стаменковски, А., (1997), "Одбрана-Демократија-војска", Скопје: НИП Ѓурѓа, стр.54.

воената и цивилната стручност. Поради двојната применливост на многу средства на современата воена техника, сè повеќе се оспособуваат кадри за успешно ракување со тие средства било тие да се користат во војската или во цивилството, со неопходно специјалистичко и наменско усовршување. Можностите на војникот кој служи краток воен рок, низ редовната обука да се оспособи за соодветна работа во цивилство, се многу мали. Такви можности повеќе имаат професионалните војници кои поради подолгиот престој во војската, завршуваат и разни воено - стручни и други школи и курсеви.

Прашањето за економската рационалност на професионалната војска, најчесто се согледува низ материјални показатели. Неоспорен е фактот дека професионалниот војник чини многу повеќе од војникот кој служи воен рок, кој за време на служењето во армијата прима само симболична надокнада за средства за лична хигиена и слично. Војникот професионалец прима плата која е еднаква или поголема од платата на лице со иста стручна спрема во цивилство. Но платата е само еден од зголемените трошоци за професионалните војници. Разлики постојат и во условите, а со тоа и во трошоците, во однос на сместувањето, здравственото и социјалното осигурување и друго. За професионалните војници се наметнува и потребата од обезбедување на услови за живеење, бидејќи самото вклучување во вооружените сили за нив претставува вработување кое им овозможува создавање семејство.

Наспроти овие прилично уверливи факти, стојат некои важни, но потешко мерливи аргументи, како што се: трошоците околу регрутирањето, приемот и обуката на војниците, школувањето, вработувањето, степенот на борбената обученост на војничкиот состав, а со тоа и степенот на одбранбената способност на земјата, професионалното и стручното оспособување на војниците и друго. Трошоците околу овие дејности уште повеќе се изразуваат со скратување на времетраењето на служењето на воениот рок, бидејќи годишната квота на прием на војници се зголемува. Ако времетраењето на воениот рок е, на пример, 6 месеци, тогаш во текот на една година ќе се измени целокупниот војнички состав, или просечно две третини од вкупниот број на припадници на вооружените сили на една земја. Со тоа се намалува

борбената готовност на единиците што не е случај со професионалните армии кои имаат многу попостојан состав.

Во услови на стопанска стабилност, бројот на младите лица кои сакаат да служат воен рок се намалува, а сè повеќе се зголемува бројот на оние кои настојуваат да ја одбегнат воената обврска. Така, на пример, во Германија во првата половина на 1993 година, воената служба ја откажале 73 190 регрути кои побарале алтернативно да го служат воениот рок. Аналитичарите предвиделе драстично зголемување на бројот на млади кои ќе ги одбиваат поканите за служење во армијата, што се покажало сосема точно. Во 1994 година, Германија се соочила со недостиг на пари и криза на мотивација кај младите за вклучување во вооружените сили. Излезот се барал во повеќе правци. Намалувањето на армијата било едно од решенијата, но со тоа сосема би се нарушила општоста на воената обврска. Било предложено и скратување на воениот рок на 6 месеци, но германските генерали тврделе дека тоа е многу краток период за смислена и добра обука. Високите воени старешини предложиле да се воведе доброволна армија со околу 200 000 професионалци плус милициска компонента со скратена општовоена подготовка за извршување на обични заштитни задачи. Но во тоа време сеуште немало услови и расположение за таква разврска. Според Академијата на Бундесверот, 80% од младите во западниот дел биле за укинување на воената обврска, а 30% од регрутниот контингент биле подготвени да го откажат служењето на воениот рок.[61]

Ваква е ситуацијата во речиси сите држави кои своите армии сеуште ги пополнуваат со воени обврзници. Надминувањето на овој проблем не е лесно и едноставно, посебно за земјите кои немаат економски и други можности за пократко време да ги професионализираат своите војски, бидејќи професионализирањето на мирновременските задачи на војската и успешното спроведување на обуката на лица кои треба да го пополнат резервниот состав, е најсоодветно решение.

Во настојувањето да ги помират спротивностите меѓу професионалната и воено - обврзничката воена организација, многу држави тежнеат да ги искористат позитивните страни на двата модела на пополнување.

[61] Der spiegel. (1993). Избор, бр. 3, стр. 14.

прилагодувајќи ги кон сопствените потреби и услови. Тие се стремат да обезбедат доволно широка база на обучен кадар за војничкиот состав, посебно во делот кој ракува со сложените системи на оружје и техника. Тоа се постигнува со задржување на воената обврска, но со истовремено ангажирање на доброволци - професионалци за служба во вооружените сили на одредено време, најчесто двегодишен или тригодишен рок, со можност тој рок да се обнови повеќе пати. Изборот меѓу едниот или другиот модел е особено сложено прашање за државите кои се одликуваат со етничка и друга хетерогеност. Покрај економските, социјалните и другите прашања кои се поставуваат пред секоја земја кога врши избор на моделот за пополнување, во овие држави се поствува и прашањето за уставните начела за правата и должностите на нивните граѓани, нивното доследно почитување и примена во доменот на воената служба и одразот врз борбената готовност и одбранбена способност воопшто.

## *2.3. Трансформација на Европските армии кон професионализација*

Западните аналитичари сметаат дека за стабилноста на Европа нема закани од надворешна агресија и избивање на општа војна, туку опасност се регионалните конфликти, етнички судири, организираниот криминал, терористички напади, илегална трговија со воена технологија и слично. Тоа значи дека на европските држави им се потребни единици за брза интервенција, мобилност на боиштето, обучен и спремен персонал за широк спектар на сценарија од мировна операција до воена, како и логистичка самостојност. За економски помоќните земји решението на безбедносните проблеми во 21 век е во професионалната армија. За малите земји, особено посиромашните голем проблем се трошоците, така што земјите кои може да имаат големи воено - обврзнички организации, финансиски може да си дозволат мали професионални сили кои ќе бидат добро опремени и обучени. Економската моќ на државата ги одредува повеќето параметри на општеството, па и одбраната, а голем дел од земјите во Европа од промените

излегоа со тешки последици по нивната економија што се рефлектира и на одбранбената моќ. Дури и Русија која важи за воена сила во светски рамки има потешкотии во процесот на трансформацијата на вооружените сили. Иако сите видови на руските вооружени сили ѝ даваат поддршка на професионализацијата, државата тоа не може да си го дозволи бидејќи замената на регрути со професионалци е финансиски невозможна за краток период.

Во периодот на Студената војна, речиси сите европски земји главно имаа масовни армии базирани на регрутен принцип и наменети за одбрана на националните територии. По 1990 година овие земји (а посебно централно - источните) се соочија со моќне голема администрација и воено - образовна структура за која се издвојуваше голем дел од буџетот за одбрана. Најголема пречка во реформскиот процес беше стариот персонален систем кој требаше да се трансформира во ефикасен, современ и транспарентен и во кој клучните места за носење промени и имплементација на планови треба да ги завземаат квалификувани кадри. Бидејќи современите армии се скапи, а професионалните уште поскапи, земјите за да ги намалаат трошоците ги намалуваат своите армии, но со одреден баланс за спроведување на функцијата на национална одбрана. Од тука произлегува и нивната определба за членство во колективните системи за безбедност, а посебно во НАТО. Но тоа не го решава нивниот проблем, бидејќи за да влезат во западната алијанса, тие мора да се приспособат на нејзиниот одбранбен систем за што посиромашните мора да издвојуваат повеќе средства. Потребата да обезбедат сили за учество во НАТО - операциите, ги принудува да создаваат мали компетентни единици кои се многу скапи, па подготовките за членство во НАТО ја намалуваат нивната способност за самостојна одбрана. Дури и по влезот во НАТО државата мора да го надградува достигнатото ниво на интероперабилност, па и понатаму се потребни големи вложувања во одбраната. Така, на пример, Полскиот парламент и по приемот на Полска во НАТО усвоил план за одбрана 2005-2006 година, според кој треба да се издвојува најмалку 1.95% од буџетот за потребите на одбраната. Воениот рок е

намален на 9 месеци, а од 2004 година било планирано намалување на силите на 150 000, од кои на 50% да бидат професионални војници.[62]

До 2006 година Полска успеала да ги намали силите на 141.500, од кои 48.900 се воени обврзници во копнената војска, и мал дел воени обврзници сеуште има во морнариците и воздушните сили. Тоа значи дека процентот на воени обврзници во вкупниот постојан состав изнесува 34,5% (без незначителниот број воени обврзници во морнарицата и воздухопловството).[63]

Во Швајцарија, која има завидни одбранбени капацитети, исто така во тек се реформи, согласно потребите на новото време. Реформите започнати во 2003 година и наречени "Армија за 21 век" опфаќаат намалување на персоналот, намалување на вооружените сили од 355 000 на 199 000, се планираат повеќе професионални војници доброволци, а од 2010 година Швајцарија планира да има 1 600 војници доброволци за мировни операции.[64] Сепак, милицискиот систем и општата воена обврска остануваат непроменети, а до 2006 година големината на вооружените сили на Швајцарија ја достигнала бројката од 214.300 персонал од кои 4.300 се во активниот, а 210.000 се во резервниот состав.[65]

Главното прашање во реформската програма на Министерството за одбрана на Русија е професионализација на Армијата и редуцирањето на регрутниот контингент. Високите офицери на Руската Армија изјавиле дека е мошне тешко да се намалат вооружените сили под нормалната цифра, која достигнува 1,2 милиони, без да се става безбедноста на државата во критична состојба. Ваквото мислење е во спротивност со аспирациите на министерот за одбрана Сергеј Иванов кој настојува да го продолжи и забрза процесот на професионализација и планира до 2007 година 50% од вкупниот воен персонал да биде професионализиран. Според мислењето на Министерството за одбрана, мали се шансите да се достигне бројката од 150 000 војници по договор до 2007 година, за кога се планира намалување на траењето на служењето на воениот рок од две на една година. Покрај тоа, во моментов, бројот на доброволци за воена служба не ги задоволува годишните потреби

[62] Тодоров, А., "Трансформација на европските армии", Одбрана, 2001, бр. 67, стр. 21.
[63] Според податоците на IISS The Military Balance. 2005/06, стр. 86.
[64] Исто... стр. 21.
[65] IISS The Military Balance. 2005/06, стр. 129.

заради реализирање на зацртаните цели. Кон крајот на 2004 година, во Московската воена област биле пријавени и примени 17% од потребниот број на професионални војници, во Северен Кавказ – 45%, а во областа Волга – Урал - 25%. Една од причините за неуспехот во пополнувањето на единиците со војници по договор е слабата платеност (5 – 6 000 рубљи просечна месечна плата за војниците кои служат во земјата, и 15 000 рубљи за оние кои се во конфликтните зони на заедницата на независните држави. Незадоволството е уште поголемо поголемо поради укинувањето на некои бенефиции, што беше дел од социјалните и економските реформи во 2005 година. Покрај проблемите поврзани со пополнувањето на единиците со професионални војници, Русија има сериозни проблемии со одбегнувањето на регрутацијата од страна на воените обврзници. Во октомври 2004 година биле регрутирани само 10% (176 000) од сите способни машки лица на возраст во која се врши регрутацијата, а гоелм број регрути биле оценети како физички и ментално неспособни за воена служба. Во пролетниот воен рок во 2005 година, околу 30% од регрутите биле оценети како неспособни за воена служба. На слабиот одзив влијаат и тешките услови за живот на војниците во касарните. Во првата половина на 2005 година 126 војници извршиле самоубиство, а во јуни 98 војници починале како резултат на криминални дејствија или други инциденти во единиците, така што вкупниот број во првата половина на годината изнесува 445 војници, од кои за 10% причината за смртта е непозната.[66]

И покрај овие и некои други проблеми, реформите во Руската Армија продолжуваат, посебно во елитните и во специјалните единици, како што се: 76[тата] Падобранска дивизија во Р'сков, 98[мата] Падобранска дивизија во Иваново, 21[ви] Падобрански баталјон во Јулјановск, Специјалната Мировна бригада и други.

Германија и Данска, иако сеуште не ја напуштаат воената обврска во целост, нивните воени структури повеќе наликуваат на професионални, отколку на масовни армии. Германија во рамките на трансформацискиот план "Структура 2010", планира да затвори 100 воени бази и да го намали персоналот до 250 000, а Данската команда за одбрана, подготви документ чија намена е да произведе помали сили за меѓународни мисии. Во Данска, од

[66] IISS The Military Balance, 2005/06, стр. 151.

21.800 припадници во активниот состав, 5.800 се регрути, додека останатите припадници се професионалци. Холандија ја трансформира структурата на своите вооружени сили за да ја подобри флексибилноста, оперативната ефикасност и спремноста за здружени / партнерски операции.[67]

Моделот на пополнување на мирновременскиот состав на војската во Франција е сличен на оној во останатите западно - европски држави. Дел од војската се пополнува со професионалци, а дел со воени обврзници. Воениот рок е скратен и трае 10 месеци. Врз основа на медицинските прегледи и психијатриските испитувања во регрутните центри, се обезбедува квалитетен избор на луѓе за исполнување на воената обврска, но и за доброволно повеќегодишно служење во вооружените сили по договор.

ЕУ и Италија организираа жандармерија за полициско дејствување надвор од областа и првата единица стартува во 2005 година. Италија исто така ја приспособува и воената структура и ги професионализира своите вооружени сили што ѝ овозможи редуцирање на одбранбените трошоци за 3,6%.[68]

Системот на одбрана на Австрија се темели на моделот на сеопфатна одбрана, чија суштина е потпирање на сопствените сили. Австриската армија има 39 000 припадници во активниот состав од кои 20 600 се регрути, а останатите се професионален кадар.[69] Воениот рок се служи 6 месеци, а по неколку години имаат дополнителна обука во траење од еден месец по што стануваат припадници на народната војска “militia” која е резервна компонента на австриската армија. Инаку и во Австрија и во Италија, уште во 1996 година, укинувањето на воената обврска беше една од главните теми за која е дискутирано и во парламентот и беше прифатено намалување на воените обврзници за една третина.

Балтичките држави Литаванија, Латвија и Естонија на Истанбулскиот самит на НАТО во 2004 година станаа негови полноправни членки. Тие немаа можност да вршат трансформација на своите воени организации, бидејќи ги создаваа од почеток. И покрај тоа што издвојуваа просечно по 2% од својот бруто домашен производ за одбраната, во реални износи тие немаа доволно

---

[67] IISS **The Military Balance**, 2004-2005, London, str. 137.
[68] Исто.
[69] IISS **The Military Balance**, 2005-2006, London, str.109.

пари да потрошат за одбраната.[70] Сепак, имаат економии со најголем економски пораст што значеше многу за одбраната. Естонија успеа да обезбеди мал, но високо - професионален и специјализиран персонал за потребите на НАТО. Таа нема намера да воспостави целосно професионална војска поради силното спротивставување на јавноста. Наспроти Естонија, Латвија и Литванија силно го искажуваат залагањето за професионализација на воените сили, што бара поголемо инвестирање во обуката. Исто така, Литванија за придонесот во НАТО, покрај механизираниот пешадиски батаљон кој е целосно интероперативен со НАТО, формира и "Бригада за реакција" со целосни воени капацитети за поддршка.

Унгарија помина долг пат од 1990 година до приемот во НАТО. За тоа време, таа ја демократизира цивилната контрола над воените сили и ја едуцира војската да ги прифати и да ги разбере демократските норми и процедури: постигнување на неопходно ниво на правна, процедурална, техничка и човечка компатибилност на војската со НАТО; намалување на воената организацијаод 150 000 до 32 300[71] без сериозни социјали конфликти. Поради унгарското економско подобрување владата реши да ја укине воената обврска и да воспостави целосна професионализација на воената организација до крајот на 2006 година.

Во последните години, вооружените сили на Романија презема комплексни активности за реконструкција и реорганизација. Новиот приод во реформите во одбраната го смени фокусот од традиционалната територијална одбрана во сили за брза реакција и колективна одбрана. Се очекува бројот на персоналот да не надмине 75 000, во активниот состав, (иако нивниот број во 2005 година изнесува 97.200, додека структуралните промени се однесуваат на редуцирање на стационираните сили и на постепено зголемување на можностите за учество во мисиите на НАТО. Во одбранбените планови се предвидува постепено зголемување на професионалниот персонал, што треба да биде завршено до 2007 година.[72]

Чешката Република ја укина воената обврска, а Словачка, која ја намали редовната војска од 9 на 6 месец, го преиспитува својот награден доходовен

---

[70] Славески, С., (2004), Одбрана, бр. 97, стр. 6.
[71] IISS **The Military Balance**, 2005/06, стр. 74.
[72] Славески, С., Одбрана, бр. 97, Мај 2004, стр. 20.

систем и си постави за цел да има целосна професионализација до крајот на 2006 година. Како добар пример за трансформирање на новите НАТО - членки, Словачка имплементира серија реформи меѓу 2002 и 2010 година, кои се концентрирани прво на персоналот и обуката, а потоа на осовременување на опремата до 2015 година. Во тек се промените во структурата на чиновите кај Словачките вооружени сили и реформа на воздушните сили и структурите за поддршка. Се развива и нова доктрина, која треба да биде комплетирана до крајот на 2006 година, кога се планира да се достигне планираната бројка на персонал од 27 737 припадници.[73] Сепак податоците на IISS The Military Balance од 2005/06 година, оваа бројка е уште помала и изнесува 20.195 лица во активниот состав.

Словенија донесе соодветни правни основи за преминување кон професионална воена организација со доброволна резерва до 2010 година, како и укинување на воената обврска во мирновременски услови. Во октомври 2003 година и последната генерација регрути ги напушти касарните, а беше воведена можност за доброволно служење на воената обврска. Во 2010 година, за кога се планира целосно укинување на задолжителната резерва, целосниот состав на словенечката војска ќе се намали на 14 000 припадници на воениот состав и тоа, 8 000 професионални војници, а 6 000 припадници на доброволниот состав.[74] На Словенија ѝ остануваат уште бројни реформи, но бидејќи нема голема армија, реформите поврзани со социјалните, економските и политичките проблеми се релативно мали.

Бугарија во процесот на трансформација на својата воена организација до 2005 година ја намали армијата на 51 000 војници[75] во активниот и 303.000 во резервниот состав. Оваа крупна реформа го апсорбираше најголемиот дел од буџетот за одбрана кој беше потребен за прераспоредување и обука на персоналот кој беше отпуштен од армијата. Армијата сеуште е составена од регрути, но поставена е цел до 2007 година, да се добие целосно професионална војска. Во 2006 година Бугарија успеа драстично да ја намали

[73] IISS **The Military Balance**, 2004-2005, London, str.96.
[74] Според Излагањето на др. Гризолд објавено во **Одбрана**, бр.96, Април 2004, стр.21.
[75] IISS **Military Balance**, 2005-2006, стр. 55.

својата воена сила, така што активниот состав сега брои 34.000, а резервниот 11.000 персонал.[76]

Грција, како и другите членки на НАТО, врши реорганизација на армијата во правец на подобрување на квалитетот на опремата и вооружувањето. До 2003 година, Грција, иако е членка на НАТО, наместо намалување на вооружените сили бележи извесно зголемување. Така, во 2003 година АВС броел 177.600 припадници, што е за 18.300 луѓе повеќе во однос на 1993 година. Засега, Грција нема намера да ја укине воената обврска како начин на пополнување на армијата, а процентот на воени обврзници во вооружените сили е многу голем (од 163 000 припадници во активниот состав, 113 000 се регрути), и истиот изнесува 69%.[77] Владата на Грција во октомври 2001 година промовираше намалување на активната вооружена сила до 2015 година и тоа од постоечките 13 на 9 активни дивизии.[78]

Согласно глобалните проценки за опасностите и загрозувањата на државната заедница, во СР Југославија започнат е процес на целосна трансфорамација на одбранбениот систем. Посебен акцент е ставен на значителното намалување на бројната големина на мирновременскиот состав како и на усогласувањето на организациајта на МО и Генералштабот на војската со современи решенија кои се применуваат во европските држави. Со измените во законот за војска, воениот рок е намален на 9 месеци, а цивилното служење на 13 месеци. Од 65.300[79] припадници во активниот состав, 25 000 се регрути, што значи дека процесот на професионализација е во тек.

Доктринарната определба за мала мобилна армија која ќе одговори на предизвиците во регионот, ограничените транзициони финансиски можности, определбата за влегување во НАТО и потребата од систем за поедноставно управување бараа нов концепт во изградбата на вооружените сили на Република Албанија. Со реформскиот процес "Објективна сила 2010" беше прифатен западниот систем на организација на вооружените сили. Според новиот концепт, главна компонента и ударна сила на албанската армија е копнената војска во јачина од околу 16 000 војници. Таа е организирана во:

[76] Според МАКФАКС, Дневник, 30.06.2006, стр. 11.
[77] IISS **The Military Balance**, 2005-2006, стр. 71.
[78] Исто., 2002-2003. стр. 90.
[79] Исто., 2005-2006. стр. 125.

бригада за брза реакција, баталјон специјални единици, баталјон воена полиција и инженерска бригада. Високата професионалност и мобилност на баталјонот специјални единици познат уште како "командо баталјон", му овозможи да ја превземе улогата на ударна сила на албанските вооружени сили и да се наметне како лидер во процесот за создавање на високопрофесионална, добро обучена и НАТО - компатибилна Армија на Република Албанија. Од вкупниот број на припадници во активниот состав кој во 2003 година изнесува 27 000,[80] 20 000 биле регрути, што укажува на тоа дека и во Република Албанија професионализацијата на вооружените сили е во тек.

До 2005 година бројот на персонал во АВС е уште повеќе намален и изнесува 21 500, а служењето на воениот рок трае 12 месеци.[81]

Од овој кус преглед на професионализацијата на воените организации во европските држави, може да се заклучи дека постои пораст на професионалниот персонал во сите држави, без оглед на тоа дали воената обврска сеуште постои или е укината. Намалувањето на вооружените сили во речиси сите држави, всушност е намалување на воените обврзници, а зголемување на професионалната компонента. Реформираните европски армии и понатаму работат на подобрување на своите способности, за да може во целост да одговараат на типовите воени организации кои денес се бараат и кои ќе може да одговорат на предизвиците на новото време. Напорите за интегрирање во НАТО - Алијансата уште повеќе ги забрзуваат реформите во државите кои се аспиранти за членството, но и во државите - членки на НАТО кои со своите воени сили треба да партиципираат во Алијансата и да учествуваат во поделбата на улогите, ризиците и одговорностите на истата.

[80] Исто., 2002-2003. стр. 107.

[81] Исто., 2005-2006. стр. 107.

## *2.4. Пополнување на вооружените сили на Република Македодинја по нејзиното осамостојување*

### *2.4.1. Изградба на сопствен систем на одбрана и формирање на АРМ*

На 17 ноември 1991 година Собранието го усвојува Уставот на Република Македонија, според кое Република Македонија е суверена самостојна, демократска и социјална држава, а одбраната на државата се организира со сопствени вооружени сили.

На 19 декември истата година Собранието на Република Македонија донесува Декларација за меѓународно признавање на Република Македонија како суверена и независна држава. Конституирањето на Македонија како суверена држава, отвори процес на решавање на сите државни функции во кои спаѓаат и одбраната и заштитата на земјта. Но одбраната на земјата е сложен и долг процес за кој се потребни ресурси (средства, знаење, време, искуство и сл.) кои Македонија во тој период ги немаше многу.

На 14 февруари 1992 година Собранието на Република Македонија донесе Закон за одбрана во кој таа се организира како систем за одбрана на независноста и територијалниот интегритет на државата. Врз основа на расположливите скромни ресурси, Македонија се определи за систем кој ќе ја гарантира нужната сигурност на граѓаните, а едновремено, согласно меѓународните околности, нема никого да иритира или загрозува.

Основа за изградба на автентичен одбранбен систем на Република Македонија е и членот 51 од Повелбата на ОН, според кој суверената држава има право да организира сопствена одбрана, што значи и меѓународен легитимитет за формирање сопствен одбранбен систем.

Во почетокот на 1992 година Владата на Република Македонија ги повика македонските старешини од поранешните простори на СФРЈ и од просторот на Република Македонија да пристапат во редовите на АРМ и донесе одлука за нивно работно ангажирање. Со повлекувањето на ЈНА од македонската територија во март 1992 година, беше повлечена и опремата и вооружувањето

со кое располагаше ЈНА, така што нашата земја остана со скромни борбени средства и воена опрема која беше во рамките на територијалната одбрана. Сепак, со тие средства успешно почна да се спроведува обука и да се подготвува новоформираната АРМ за извршување на својата уставна улога и задачи. По извршувањето на сите подготовки за прием на првата генерација македонски војници во АРМ, на 14 април 1992 година во касарната во Охрид пристигна првиот регрут, а на 15 април во Скопје, Битола, Штип и Охрид, примена е првата генерација млади војници на АРМ со што започнува формирањето на вооружените сили на Република Македонија.

"Изборот на моделот на воената организација е условен од определбата на Република Македонија да се интегрира во колективните системи за безбедност, а посебно во НАТО алијансата, зачувувајќи ги притоа своите национални, просторно - популациски, социополитички, техничко - технолошки, економски и други особености."[82] Во согласност со таквата определба, Република Македонија започна со изградба на мала, но мобилна армија опремена со современо оружје и опрема, која ќе одговори на предизвиците во регионот. Мирновременскиот состав беше проектиран на околу 1% од вкупната популација, т.е. околу 20 000 војници и старешини, а основен начин на пополнување на армијата е општата воена обврска, но уште на почетокот се истакнува тенденцијата за постепено професионализирање на армијата. Според тоа, постојаниот состав на армијата се состоеше од воени старешини, војници на отслужување на воен рок, војници по договор и граѓански лица во служба на Армијата. Прифатен е комбиниран систем на обучување, кој се состои од: обучување на војници по договор и професионални единици, обучување на војници и единици од регрутниот контингент, обучување на резервниот состав и школување на кадри. На крајот на 1996 година професионалните војници и воените старешини сочинувале 35% од вкупниот број во армијта, а во 1998 година имало 14 456 војници - регрути, а 1 053 војници по договор. Сепак, бројот на регрутите е нереален, бидејќи армијата годишно добивала едвај 10 000 регрути.[83] Што се однесува до

[82] Даскаловски, С., (1998), "Вооружени сили на Македонија", Скопје: НИП Студентски збор, стр. 268.

[83] Министерство за одбрана на Република Македонија, "Бела книга за одбраната на Република Македонија, Скопје, август 1998 година, стр. 77.

резервниот состав, почетната планирана бројка била 80 - 85 000 војници кои го отслужиле воениот рок и се преведени во резерва. Со тоа, воениот состав би опфатил 5% од вкупниот број на населението (100 000 луѓе), а по потреба би можел да се зголеми и на 10%. Воениот состав на Армијата е креиран со трансформација и реорганизација на територијалната одбрана на Р.М., со преземање на поранешните партизански единици и со ангажирање на дел од нераспоредените воени обврзици.[84]

## *2.4.2. Определбата на Република Македонија за интегрирање во НАТО и превземени активности во таа насока*

Од првиот ден на независноста, Република Македонија цврсто се определи нејзината надворешна и безбедносна политика да ја темели во две насоки, и тоа:

- Подготвеност за соработка со соседите;
- Интегрирање во системите за колективна безбедност и одбрана, со нагласени и јасни чекори за членство во НАТО и продлабочување на пријателството со САД.[85]

Тоа значи дека, и покрај тоа што својата национална безбедносна политика Македонија ја темели врз сопствените можности, своите погледи ги насочува кон пошироките европски безбедносни организации, пред сè, кон НАТО.

Одбраната на суверенитетот и територијалниот интегритет, како и стабилноста и безбедноста во регионот имаат фундаменатално значење за нашите национални интереси.

Република Македонија настојува да биде примена како полноправна членка на НАТО. Ваквата ориентација е повеќе од јасна, бидејќи Македонија е мала држава со скромни и ограничени потенцијали, а се наоѓа во средиштето на Балканот, кој е полн со неизвесности и голем број контраверзи. Патот кон зачленувањето во НАТО е долгораен и макотрпен, со оглед на

[84] Гоцевски, Т., (1998), "Основи на системот на национална одбрана", Куманово: Македонска ризница, стр. 102.
[85] Глигоров, К., (1998), "Бела книга за одбрана на Р.М.", Скопје, Министерство за одбрана на Р.М., стр. 9.

спротивставувањето на некои од државите кои тешко можат да се помират со постоењето на Република Македонија како самостојна и суверена држава.

Следејќи ја стратегиската определба за градење на безбедноста на 21 век. Алијансата ја искажува својата отвореност за нови членки и континуирани обиди за партнерство, соработка и дијалог со други земји.

Според членот 10 од Северно атланскиот договор кој гласи "Страните можат, со едногласен договор, да поканат да пристапи кон овој Договор која било друга европска држава што е во состојба да ги почитува принципите на овој Договор и да придонесува за безбедноста на северноатланскиот простор". Исто така и Лондонската декларација за преобразениот североатлански сојуз од 1990 година е доста значаен документ за проширувањето на НАТО.

Бидејќи министрите за надворешни работи во 1994 година се прашуваа на кого да му се обезбеди влез во Алијансата, во 1995 година е вршено испитување и е објавена посебна Студија за проширување на НАТО во која се поделени интересите помеѓу членките и партнерите.

Проширувањето на НАТО треба да придонесе за унапредување на безбедноста на сите држави на северноатланското подрачје со:

"Поттикнување и поддршка за демократските реформи, вклучувајќи ја цивилната и демократската контрола над војската;

Поттикнување на нови членки на Алијансата на соработка, консултации и консензус со кои се карактеризираат односите меѓу постојните членки на Алијансата;

Градење добри меѓусоседски односи меѓу сите држави од евроатланско подрачје, како меѓу земјите членки на НАТО, така и меѓу другите држави;

Нагласување на заедничката одбрана и ширење на придонесите и зголемување на транспарентноста во одбранбеното планирање и воените буџети, намалување на веројатноста за појава на нестабилност што може да се создаде со остварување само на сопствена одбрана;

Зајакнување на тенденциите за интегрирање и соработка во Европа. втемелени на демократските вредности и сузбивање на тенденциите кои водат етничка и територијална дезинтеграција;

Зајакнување на способностите на Алијансата за подобрување на европската и намеѓународна безбедност, вклучувајќи и мировни активности

преземени од страна на ОБСЕ и Советот за безбедност, како и други нови мизии;

Зајакнување и проширување на трансатланското партнерство."[86]

Приемот во НАТО бара исполнување на оредени критериуми кои треба да бидат во насока на определена доградба на одбранбениот систем и постигнување повисок степен на кооперативност и компатибилност со одбранбените системи на земјите членки на НАТО. Иако критериумите не се строго утврдени за секоја држава која сака да стане членка на НАТО, може да се извлечат некои општи критериуми:

"- стабилност и развој на демократијата;
- цивилна контрола на војската;
- пазарна економија и поврзаност со Европската Унија;
- развивање на пријателски односи со соседите;
- интероперабилност со силите на НАТО, обука и вежби;
- придонес кон зголемување на воената способност на НАТО."[87]

Република Македонија смета дека НАТО (заедно со ЕУ и ОБСЕ) претставува гарант за стабилноста и безбедноста на Европа. Со постојаната инфраструктура тој може на ефикасен и брз начин да обезбеди стабилност, спречување конфликти, учество во зачувувањето и градењето на мирот во Европа.

Со цел да се интензивираат напорите за побрза интеграција во Евроатлантските структури, Република Македонија презеде низа конкретни чекори кои беа координирани на национално ниво. Повикувајќи се на одлуката за зачленување во НАТО донесена од страна на Собранието на Република Македонија на 23.12.1993 година, Република Македонија и конкретно почна да ги презема неопходните чекори за идно членство.

Соработката помеѓу Република Македонија и Евроатлантските структури се одвива преку повеќе механизми:

- Акционен план за членство (Memebership Action Plan);
- Акционен план на Евроатлантскиот партнерски совет (Euro-Atlantic Partnership Council);

[86] Study on NATO Elargement, septembar, 1995, p. 2.
[87] Стаменковски, А., (1997), "Одбрана", НАТО Скопје, НИП "Ѓурѓа", стр. 103.

- Иницијативата на НАТО за Југоисточна Европа (ЈУЕ);
- Процес на планирање и преглед (Planning and Review Process);
- Индивидуална партнерска програма за соработка помеѓу Република Македонија и НАТО (Individual Partnership Programme).[88]

Акциониот план за членство (МАП) претставува прв чекор и основа за интензивирање на индивидуалниот дијалог во однос на прашањата за членство. Негова цел е да покрене активности кои би им помогнале на земјите аспиранти во подготовките за можно идно членство. Во рамките на МАП се изготвува Годишна национална програма (ГНП), во која земјите најпрво ја дефинираат состојбата во сите области на општествено живеење. Кога станува збор за Република Македонија и прашањата кои се однесуваат на одбраната, НАТО предлага да се поставуваат реални и остварливи задачи, а во ГНП се содржани информации за преземените чекори, како и активности за специфичните аспекти за подготовките за членство.

Друг вид соработка Република Македонија остварува преку Евроатлантскиот партнерски совет (ЕАПС) во чии рамки се одржуваат средби на амбасадори (еднаш неделно) и средби на министри за надворешни работи и одбрана со шефови на држави (два пати годишно).

Целта на иницијативата за ЈИЕ е промовирање на регионална соработка во ЈИЕ преку активностите под покровителство на ЕАПС, активно користење на механизмите на ПзМ, преку форумот за консултации во облста на безбедноста и одбраната во ЈИЕ и најразлични програми за соработка во областа на одбраната и безбедноста помеѓу НАТО и секоја од земјите во регионот.

Како следен механизам во остварување на соработката помеѓу Република Македонија и НАТО претставува Процесот на планирање и преглед (ПАРП). Овој процес е инструментариум за мерење на степенот на интероперативност помеѓу земјите партнери и НАТО, односно земјите членки на НАТО. Степенот на интероперативност се мери согласност степенот на исполнување на критериумите дефинирани во партнерски цели (ПЦ). Исполнувањето на

[88] Одлука за формирање комитет за Евроатлантски интеграции, Службен весник на Р.М., бр.62/97, стр.18.

критериумите дефинирани со ПЦ директно е условено со усвојувањето на одредени стандарди на НАТО.

Индивидуална партнерска програма за соработка помеѓу Република Македонија и НАТО (ИПП) пртставува последен механизам од оваа соработка. Службите на НАТО добиваат Работна програма на партнерите во која се понудени активностите на членките на НАТО кои треба да се одржат во следната година. Врз основа на неа ја изработуваат Индивидуалната партнерска програма, која содржи дел од предвидените активности на државите членки на НАТО за кои сметаат дека се приоритет.

Правната рамка на односите на Република Македонија со НАТО се заснова на ПзМ СОФА договорот[89] и дополнителниот протокол на договорот со кој се регулира статусот на силите меѓу државите членки на Алијансата и на ПзМ.

Во функција на натамошно дорадување на правната рамка на НАТО, на 24 декември 1998 година е склучен Основниот договор меѓу Република Македонија и НАТО за дејствување на НАТО мисии во Македонија. Имајќи ја предвид консензуалната определба на Македонија за членство во НАТО и желбата за унапредување на соработката со Алијансата и на практично поле, основниот договор е дизајниран како рамковен договор што го регулира статусот на сите идни мисии на НАТО во Република Македонија и како дополнителна разработка на модалитетите дадени на НАТО, СОФА договорот.

Процесот на соработка постојано тече и се унапредува. Во јануари 2001 година беше востановена Заедничка координативна група ("Joint Coordination Group" – ЗКГ), која е составена од претставници на релевантните министерства во Република Македонија од една страна и од претставниците на НАТО / КФОР од друга страна. Оваа група беше замислена како форум за решавање на сите практични прашања и проблеми.

Во август 2001 година е склучена Спогодба меѓу Владата на Република Македонија и НАТО во однос на воспоставувањето Штаб на "Наменските сили Жетва", во септември 2001 година е склучена Спогодба меѓу Владата на Република Македонија и НАТО за воспоставување на Штаб на "Килибарна

[89] ПзМ СОФА договорот, Република Македонија го потпиша во 1996 година.

лисица", а во декември 2002 година НАТО во Република Македонија има нова мисија позната под името "Сојузничка хармонија".

Од 31.03.2003 година наместо 'Сојузничка хармонија" во Република Македонија има нова мисија предводена од ЕУ позната како "Слога". Со тоа ЕУ и формално ја презеде улогата на НАТО и во перспектива се очекува евросилите да прераснат во водечка европска одбранбена сила.

Целите на НАТО и целите на Република Македонија во врска со градењето на идна, постабилна и побезбедна Европа, се идентични и се темелат на исти принципи. За полноправно членство во НАТО, неопходно е да се согледа во која мера се исполнети критериумите кои Република Македонија треба да ги достигне како кандидат за влез во НАТО. Покрај политичкото, економското и социјалното поле, од приоритетно значење е надминување на воените слабости, зајакнувањето на воените способности и професионализација не само на кадрите, туку и на обуката и на воените инсталации.

### *2.4.3. Реформите во АРМ во функција на достигнување на критериумите на НАТО*

Со оглед на тоа што Собранието на Република Македонија на 23 декември 1993 година ја верификува идејата за полноправно членство во НАТО, во ноември 1995 година станавме членка на иницијативата "Партнерство за мир", а во март 1996 година Република Македонија беше примена во Северноатлантскиот совет за соработка. На 3 мај 2000 година, во Брисел е прифатен акциониот план за членство во НАТО со што широко беа отворени коридорите за целосна реформа во Армијата.

Од 1997 година Министерството за одбрана и Генералштабот на АРМ започнаа со реформи во АРМ, односно со планот Г1 според кој покрај останатото, АРМ мора да го намали својот состав, да ја зголеми мобилноста и ефикасноста опремувајќи се со модерно софистицирано оружје кое е по НАТО стандардите. Редовниот состав на АРМ од 22 000 војници е намален на 16 000, додека резервниот состав е намален на 60 000 војници. Генералштабот на АРМ оди на тоа да ја зголеми бројката на професионални војници по

договор, со што би се зголемила ефикасноста на вооружените сили. Според програмата на МО и Генералштабот, активниот состав на армијата има постојана обврска да обезбеди:

- Ефикасна контрола и обезбедување на државната граница;
- Брза реакција во случај на зголемување на опасностите по безбедноста на државата;
- Обука, подготвеност и мобилизација на резервниот состав на АРМ;
- Подготвеност за учество и придонес во ативностите на НАТО и ПзМ, поддршка на развојот на мултинационалната бригада на ЈИЕ, учество во мировните операции на ОН и поддршка на операциите за хуманитарна помош;
- Подготвеност да се интервенира во случај на природни катастрофи.

Конфликтот и кризата која ја зафати Македонија во 2001 година остави впечаток дека АРМ сеуште е недоволно обучена, недоволно и несоодветно опремена, и неподготвена за водење на вооружен конфликт од типот на тој во 2001 година. Во анализата на Центарот за европски безбедносни студии во Гронинген – Холандија, меѓу другото дадена е и оценка за одбранбениот систем на Македонија, во која најинтересни се ставовите во врска со цивилно - воените односи и со воената организација на државата. На планот на воената организација главно се истакнува дека АРМ нема доволно искуство, дека е опремена со различно, неселективно и донаторско, формациско оружје што е поскапо за одржување, дека постојат мали финансиски можности земјата побрзо да се развива на одбранбен план, дека реформите елаборирани во Белата книга во 1998 година се добро проектирани, но не се реализираат или бавно се реализираат, но дека сепак АРМ во 2001 година успеа подобро да се опреми.[90]

Во глобални рамки, модерните армии не го штитат само територијалниот интегритет на земјата, туку треба да одговорат на неконвенционалните и асиметрични закани кои не познаваат граници на држави и се транснационални. Промените во стратегиското опкружување, бараа промени и во воените способности, што беше потик за повторно оценување на одбранбените потреби на Република Македонија.

[90] Анализата е дадена во весникот "Сведок" во август 2002 година.

Во 2002 година АРМ започна нови реформи и се очекува тие да завршат во 2007 година. Овој реформски процес подразбира воведување бригадна поставеност на структурата на армиските сили, како и модернизација на вооружувањето и опремувањето преку набавка на нови софистицирани системи. Крајна цел на реформите е создавање мала, мобилна и ефикасна армија, која успешно ќе се справи со предизвиците на новото време, со регионалните и глобалните закани. АРМ треба да се трансформира во субјект кој ќе ги поддржува активностите на полицијата и на тој начин ќе придонесува за внатрешната безбедност. Исто така извршен е и трансфер на надлежностите на Армијата и Полицијата врз граничното обезбедување, со кој контролата и обезбедувањето на државната граница преоѓа во надлежност на Полицијата.

Во 2003 година направен е нов Стратегиски одбранбен преглед, со кој после неколкугодишни талкања околу формата, структурата и содржината, а посебно бројноста, конечно се избистрија ставовите околу новиот формат на Армијата што е усогласен со челниците на НАТО. Проценката е правена согласно со финансиските, човечките и технолошки ресурси и постојната безбедносна и одбранбена култура. Искуствата и новите стратегиски реалности упатуваат на тоа дека особено треба да се развијат сили за специјални операции за справување со идните закани како дома, така и во состав на НАТО силите, а во операциите предвидени од ООН и ЕУ.

Во прегледот се потенцира значењето на човечкиот фактор за одбранбената способност на државата. "Дури и најдобрата воена опрема не ја сочинува одбраната, туку персоналот кој со неа ракува, се обучува и ја чува. Наша цел е да ја развиеме одбраната во работодавец кој нуди еднакви шанси на сите без оглед на нивната полова, верска, етничка или друга припадност, која ќе обезбеди одлично образование, обука и поддршка на сите вработени. Ова бара развој на стратегија на планирање на персоналот на долг период, кој ќе има за цел соодветно претставување на сите етнички заедници од земјата во одбранбениот сектор, со точно определена динамика за достигнување на истата".[91]

---

[91] Стратегиски одбранбен преглед, (2003), Скопје: Влада на Р. Македонија, стр.12.

Првата фаза од Стратегискиот одбранбен преглед која беше усвоена од Владата во октомври 2003 година, вклучи изработка на Политичка рамка која ја дава основата за реформските планови во одбраната. Втората фаза, одбрана со Резолуција на Собранието на Република Македонија во мај 2004 година, ги дефинира мисиите на одбраната, функционалните анализи на Министерството за одбрана и на АРМ и оперативните команди, како и идната структура на АРМ. Третата фаза вклучува изготвување на Динамички план за трансформација на вооружените сили 2005 – 2007 година за имплементирање на новата структура на силите со детални програми за логистика, персонал, образование и обука, одбранбена дипломатија, резервни сили и набавка на опрема.[92] Овој план предвидува воспоставување на нова командна структура, финализирање на трансформацијата на воздухопловните сили, расформирање на пет резервни бригади и целосно формирање на 1. механизирана пешадиска бригада во Штип и во Куманово и на 2. механизирана пешадиска бригада во Кичево, Тетово и Охрид.

Етапното реконструирање на воените единици во помали, мобилни одржливи и поефикасни сили, способни да одговорат на новите закони, се одвива во три фази:

Во првата фаза (декември 2005) трансформирани се 60% од командите и единиците на АРМ. Согласно планот во оваа фаза беа згаснати и трансформирани планираните единици со што целосно беше исполнет планот од динамичниот план за трансформацијата на АРМ. Во оваа фаза се трансформирани: Генералниот штаб на АРМ, командата на КОВ во ЗОК. Првата пешадиска бригада во Прва Механизирана Пешадиска бригада, Командата на ВВ и ПВО во Воздухопловен ВИНГ, Командата за логистика во Команда на логистичка поддршка. Со предавање на надлежноста од МО/АРМ на МВР/Гранична полиција, беше згасната Првата гранична бригада на АРМ.

Во втората фаза (до крајот на 2006) предвидено е да се трансформираат 30% од единиците и командите (заедно 90%). Во оваа фаза извршена е трансформација на единиците на борбената и логистичката поддршка и целосна опременост на декларираните единици: II Пешадиска Бригада,

[92] Бела книга на одбраната, (2005), Скопје: Министерство за одбрана, стр.22.

Одредот на специјалните операции, Полкот за врски, Оклопниот и Артилерискиот баталјон, како и баталјонот за воената полиција.

Трансформацијата на АРМ целосно ќе биде заокружена до крајот на 2007 година кога ќе бидат трансформирани и последните 10%. Предвидено е: трансформирање на Командата за обука, Центарот за обука на борбените редови и Родови за борбена подршка ЦОБР и РБП и центарот на обука, како и Воената болница, а ќе профункционира и Системот за воено образование и обука.[93]

Со реформите, АРМ треба да го напушти концептот на "народна одбранбена сила" и да се трансформира во современа, добро обучена и мотивирана професионална сила со еднакви шанси за сите, и која ќе може со сигурност да се справи со сегашните и идните закани за безбедноста на Република Македонија. Исто така, АРМ треба да биде подготвена и оспособена за борба против терористи, да обезбедува одржување на мирот со нетипични воени процедури, политички и административни вештини, а не само со класична борба. Војниците на современата АРМ треба да располагаат со широк дијапазон на вештини и способности, да бидат пофлексибилни и со поширока обука и образование. АРМ треба да се соочи и со "создавање на нова свест и совест за демократските промени и реформи во општеството во целина и соодветно на тоа промени и реформи во АРМ, како и нејзина целосна деполитизација".[94] Резервниот состав треба да има помали сили со висок степен на готовност и лимитирани резервни сили со низок степен на готовност. Како долгорочна цел се поставува достигнувањето на целосна професионализација на мирновременскиот состав на АРМ.

Советниците на НАТО предвидуваа мала и нова реформирана Армија, но наместо предложениот шестилјаден армиски состав, компромисот се најде на 7 696 војници и старешини во активниот состав и транзиционен резервен состав од 4 850 лица. Бројноста на Армијата произлегува од можностите на Македонија да издржува мала и ефективна армија која ќе биде во состојба да го брани интегритетот на земјата.

[93] www.morm.gov.mk
[94] Бела книга на одбраната, (2005), Скопје: Министерство за одбрана, стр.14.

Новата структура на силите на АРМ се состои од три команди: Здружена оперативна команда, Команда за логистичка поддршка и Команда за обука и единици директно потчинети на Генералштабот на АРМ: полк за специјални операции, центар за електронско извидување и центар за контрола на воздушниот простор. Здружената оперативна команда вклучува две механизирани пешадиски бригади и резервна пешадиска бригада која ќе се задржи само до приемот на земјата во НАТО. Командата вклучува: воздухопловен винг, тенковски баталјон со една активна чета, артилериски баталјон со една активна батерија, баталјон за воена полиција, баталјон за врски, ПВО баталјон со една активна батерија и чета за АБХО.

## ПРЕГЛЕД НА ИДНАТА СТРУКТУРА НА СИЛИТЕ




**ГШ** – ГЕНЕРАЛШТАБ НА АРМ
**ЗОК** – ЗДРУЖЕНА ОПЕРАТИВНА КОМАНДА
**КЛП** – КОМАНДА ЗА ЛОГИСТИЧКА ПОДДРШКА
**КО** – КОМАНДА ЗА ОБУКА
**СО** – СПЕЦИЈАЛНИ ОПЕРАЦИИ
**ЦЕИ** – ЦЕНТАР ЗА ЕЛЕКТРОНСКО ИЗВИДУВАЊЕ
**АСОЦ** – ЦЕНТАР ЗА КОНТРОЛА НА ВОЗДУШНИОТ ПРОСТОР
**ВП** – ВОЕНА ПОЛИЦИЈА
**ЦО** – ЦЕНТАР ЗА ОБУКА

Извор: Бела книга на одбраната, октомври 2005

Командата за логистичка поддршка вклучува: логистички баталјон, логистички инжинериски баталјон со една активна чета, баталјон за почести со воен оркестар и баталјон за поддршка на гарнизоните.

Командата за обука ги контролира сите центри за обука. Целта на стратегијата за военo образование и обука е воспоставување на постојан, професионален, воен и едукативен систем со истражувачки активности во сите области.

Новата структура, зацртана во Белата книга од 2005 година, му овозможува на Генералштабот и на релевантните команди да го планираат и да го имплементираат персоналниот менаџмент, обуката и логистичката поддршка. На тој начин ќе се подготват декларираните единици или ќе им се овозможи да бидат подготвени за распоредување, што ќе ја зголеми ефективноста и ефикасноста на АРМ. Во исто време, бројот на регрути треба постепено да се намалува и регрутацијата да се укине целосно до 2007 година.

При одредувањето на оптималната големина на воената организација на Република Македонија, земени се во предвид и согледувањата и сознанијата за димензионирањето на воените организации кај повеќе држави - членки на НАТО, како и кај соседните држави. Така, на пример, во Белгија, Данска, Франција, Португалија и Шпанија процентуалната застапеност на населението во активните вооружени сили е 0.4%, во Велика Британија и Холандија, Германија и Италија – 0.3%, во Норвешка – 0.6%, а во Турција – 0.7%.[95]

---

[95] Пресметано според податоците дадени во IISS The Military Balance, 2005/2006.

## ПРЕГЛЕД НА ГОЛЕМИНАТА НА ВООРУЖЕНИТЕ СИЛИ ВО ЗАПАДНО – ЕВРОПСКИТЕ ДРЖАВИ 1995 – 2006

| Реден број | Држава | Популација 1994/95 2005/06* | АВС во 1994/95* | АВС во 2005/06* | Резерва во 1994/95* | Резерва во 2005/06* | Вкупно 1994/95 | Вкупно 2005/06 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Норвешка | 4,593,041 | 33500 | 25800 | 282200 | 219000 | 315700 | 244800 |
| | | 4,332,000 | 0.77% | 0.56% | 6.5% | 4.77% | | |
| 2 | Шпанија | 40,341,462 | 206500 | 147255 | 498000 | 319000 | 704500 | 466255 |
| | | 39,736,600 | 0.52% | 0.36% | 1.25% | 0.8% | | |
| 3 | Турција | 69,660,559 | 503800 | 514850 | 952300 | 378700 | 1456100 | 893550 |
| | | 60,641,200 | 0.83% | 0.7% | 1.57% | 0.5% | | |
| 4 | Данска | 5,432,335 | 27000 | 21180 | 70000 | 129700 | 97000 | 150880 |
| | | 5,196,600 | 0.52% | 0.4% | 1.35% | 2.4% | | |
| 5 | Португалија | 10,566,212 | 50700 | 44900 | 210000 | 21930 | 260700 | 66830 |
| | | 10,512,400 | 0.5% | 0.4% | 2.0% | 0.2% | | |
| 6 | Белгија | 10,364,388 | 63000 | 36900 | 228000 | 18650 | 291000 | 55550 |
| | | 10,059,000 | 0.6% | 0.35% | 2.26% | 0.18% | | |
| 7 | Франција | 60,656,178 | 409600 | 254895 | 339800 | 21650 | 749400 | 276545 |
| | | 57,842,400 | 0.7% | 0.4% | 0.58% | 0.03% | | |
| 8 | Германија | 82,431,390 | 367300 | 284500 | 442700 | 358650 | 810000 | 643150 |
| | | 80,974,600 | 0.45% | 0.3% | 0.55% | 0.4% | | |
| 9 | Италија | 58,103,033 | 322300 | 191875 | 584000 | 56500 | 906300 | 248375 |
| | | 58,134,600 | 0.55% | 0.3% | 1% | 0.09% | | |
| 10 | Велика Британија | 60,441,457 | 254300 | 205890 | 263400 | 272550 | 517700 | 478440 |
| | | 58,130,200 | 0.43% | 0.3% | 0.45% | 0.45% | | |
| 11 | Холандија | 16,407,491 | 70900 | 53130 | 130600 | 54400 | 201500 | 107530 |
| | | 15,335,000 | 0.46% | 0.3% | 0.85% | 0.3% | | |

Легенда: % - Пресметани вредности

* - Бројни вредности според IISS The Military Balance, 1994-95 и 2005/06

Од табелата се гледа дека речиси сите Западно –Европски држави - членки на НАТО за периодот од 1995 – 2006 година значително ги намалиле своите вооружени сили, како активниот, така и резервниот состав. Споредено со овие држави, активниот состав на АРМ би можел да се движи од 0.3% до 0.7% од вкупното население, што за Република Македонија би значело активен состав кој би броел од 6 000 до 14 000 луѓе. Резервниот состав се движи во граница од 0.03% во Франција до 4.77% во

Норвешка. Тоа за Република Македонија значи резервен состав кој би бroел од 600 до 100 000 војници. Бидејќи кај најголемиот број држави процентот се движи од 0.1% до 0.5%, споредбата со овие држави ни ја дава бројката од 2 000 до 10 000 луѓе во резервниот состав.

Во Чешката Република процентот на населението вклучен во активните сили изнесува 0.2%, во Полска – 0.4%, а во Унгарија – 0.3%.

## ПРЕГЛЕД НА ГОЛЕМИНАТА НА ВООРУЖЕНИТЕ СИЛИ ВО ИСТОЧНО - ЕВРОПСКИТЕ ДРЖАВИ - ЧЛЕНКИ НА НАТО

| Реден број | Држава | Популација** | АВС во 2005/06** | Резерва во 2005/06** | Вкупно 2005/06 |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Чешка | 10,241,138 | 22272<br>0.2% | 17858<br>0.17% | 40130 |
| 2 | Унгарија | 10,006,835 | 32300<br>0.3% | 44000<br>0.4% | 76300 |
| 3 | Полска | 38,557,984 | 141500<br>0.36% | 234000<br>0.6% | 375500 |
| 4 | Естонија | 1,332,893 | 4934<br>0.37% | 24000<br>1.8% | 28934 |
| 5 | Латвија | 2,290,237 | 5238<br>0.2% | 11204<br>0.5% | 16442 |
| 6 | Литванија | 3,596,617 | 13510<br>0.37% | 6700<br>0.18% | 20210 |
| 7 | Романија | 22,329,977 | 97200<br>0.4% | 104000<br>0.46% | 201200 |
| 8 | Словачка | 5,431,363 | 20195<br>0.37% | 20000<br>0.3% | 40195 |
| 9 | Словенија | 2,011,070 | 6550<br>0.3% | 20000<br>1% | 26550 |
| 10 | Бугарија | 7,450,349 | 34 000*<br>51000<br>0.45* 0.7% | 11 000*<br>30300<br>0.15* 4% | 354000 |

Легенда: - % - Пресметани вредности

**- бројни вредности според ISS The Military Balance, 2005/06

*- податоци според МАКФАКС објавени во Дневник 30.06.2006. стр. 11

Според податоците во табелата процентуалната застапеност на населението во АВС се движи од 0.2% до 0.7%, што за Република Македонија бо значело активен состав кој би броел од 4 000 до 14 000 луѓе. Резервниот состав се движи во граница од 0.17% во Чешка до 4% во Бугарија. Бидејќи Бугарија е наша соседна земја и ќе ја земеме во предвид подоцна, ќе направиме споредба со останатите земји од табелата од кои најголем процент од населението во резервен состав има Естонија – 1.8%. Споредено со овие држави, Република Македонија би можело да има резервен состав кој би броел од 3 500 до 36 000 луѓе.

Од нашите соседи, во Србија и Црна Гора и во Албанија процентот изнесува – 0.6%, во Бугарија е 0.7%, а највисок е во Грција и покрај тоа што одамна е членка на НАТО и изнесува 1.5%. Сепак, владата на Грција во 2001 година најави намалување на активната компонента во вооружените сили до 2015 година од постоечките 13 на 9 дивизии.

## ПРЕГЛЕД НА ГОЛЕМИНАТА НА ВООРУЖЕНИТЕ СИЛИ НА СОСЕДНИТЕ ДРЖАВИ

| Реден број | Држава | Популација 1994/95 2006/07* | ABC во 1994/95* | ABC во 2005/06* | Резерва во 1994/95* | Резерва во 2005/06* | Вкупно 1994/95 | Вкупно 2005/06 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Бугарија | 7,450,349<br>8,435,000 | 101900<br>1.2% | 34000<br>51000<br>0.45 0.7% | 303000<br>3.6% | 11000<br>303000<br>0.15 4% | 404900 | 354000 |
| 2 | Грција | 10,668,354<br>10,569,500 | 159300<br>1.5% | 163850<br>1.5% | 406000<br>3.8% | 325000<br>3% | 565300 | 488850 |
| 3 | Србија и Црна Гора | 10,825,900<br>10,536,000 | 126500<br>1.2% | 65300<br>0.6% | 400000<br>3.8% | 250000<br>2.3% | 526500 | 315300 |
| 4 | Албанија | 3,544,808<br>3,417,000 | 73000<br>2.1% | 21500<br>0.6% | 155000<br>4.5% | -<br>- | 228000 | 120000 |
| 5 | Македонија | 2,040,085<br>2,075,196 | 10400<br>0.5% | 8300<br>0.4% | 100000<br>4.8% | 5000-0.25%<br>2000-0.09% | 110400 | 13300<br>10300 |

Легенда: - % - пресметани вредности

*- бројни вредности според IISS The Military Balance, 1994/95

Процентуалната застапеност на населението во АВС кај нашите соседи се движи од 0.6% до 1.5% и според тоа АРМ би можела да има активен состав кој би броел од 12 000 до 30 000 луѓе. Резервниот состав се движи од 2.3% до 4%, што значи дека резервниот состав на АРМ би можел да има големина од 50 000 до 80 000 луѓе.

Според овие податоци, Република Македонија би можела да се определи и за поголем број на луѓе во активниот состав, но од аспект на задоволувањето на стандардите на НАТО, владата го усвои пакетот закони за АРМ кој предвидува активна вооружена сила од приближно 8 000, што значи дека процентуалната застапеност на населението во активниот состав е 0.4%, а тоа е сразмерно на процентот во најголемиот број земји - членки на НАТО.

Што се однесува до резервниот состав, димензионирањето има широк дијапазон и се движи од 0.03% во Франција до 4.77% во Норвешка, но во најголем број држави - членки на НАТО, тој е под 1% од вкупното население. Во пакетот закони на АРМ се предвидени приближно 5 000 припадници во резервниот состав или 0.25% од населението што е најблиску до горепоменатиот минимум. Помала процентуална застапеност на население во резервниот состав од Република Македонија имаат Литванија, Чешка, Франција, Белгија и Португалија, а според последните податоци од МАКФАКС и Бугарија. Со оглед на можностите од загрозување на безбедноста на Македонија, оваа бројка е навистина мала и покрај ограничените можности на Републиката. Диспропорцијата помеѓу одбранбените потреби и можностити на државата не би смеела да биде причина за толку драстично намалување на резервниот состав. Сепак, проценката дека Република Македонија на подолг рок не е веќе под закана од конвенционална војна, а новите предизвици и закани за мирот бараат нов тип на Армија, сигурно влијаеле на определбата за мал резервен состав, бидејќи професионалниот активен состав може да одговори на новите опасности и ризици.

Имајќи го во предвид фактот дека целосната професионализација на АРМ ќе овозможи оптимална интероперабилност и извршување на задачи во мировните и хуманитарните мисии, се наметна потребата за усогласување и изменување на Законот за одбрана со потребите на процесот на

професионализацијата на Армијата. Во март 2006 година Владата на Република Македонија донесе – закон[96] за именување и дополнување на Законот за одбрана со кој се изоставуваат или преформулираат одбранбени одредби во законот за одбрана кои се однесуваат на укинување на регрутната обврска и воведување на институтот доброволно служење на воениот рок. Интересот на граѓаните способни за воена служба, за доброволно служење на воениот рок ќе биде потенциран со траење од три месеци содветна обука што ќе биде основен услов за прием на воени лица во професионалниот состав на Армијата. Согласно концептот за трансформација на резервните сили на АРМ, а во рамките на нивното прилагодување според стандардите и моделите на НАТО и ЕУ, во Предлог – законот се воведува нов концепт на служење во резервниот состав, т.е. нова категорија на воени обврзници кои службата во резервните сили би ја извршувале врз основа на договор склучен со Министерството за одбрана. Пополнувањето на резервните сили би се вршело по пат на јавен оглас при што се предвидува одредбите кои се однесуваат на договореното служење да започнат да се применуваат од 01.07.2006 година, а на воените обврзници распоредени во резервниот состав кои до 31.12.2007 година не склучат договор за ангажирање ќе им престане обврската за служење во резервниот состав на Армијата. Пополнувањето на резервните сили согласно новиот концепт, би се вршело исклучиво согласно конкретните потреби на формацијата на Армијата.

Во Предлог – законот се брише воената обврска и се заменува со "доброволно служење на воен рок". Во членот 7 ставот 1 се менува и гласи: "Доброволното служење на воениот рок трае три месеци", а членовите 8, 9 и 10 се бришат. Во член 11 точка 51 се бришат зборовите "регрутирање и пополнување на постојаниот состав на Армијата со регрути", а се брише и зборот "регрути" во член 29 став 2.

Во глава V поднасловот "Регрутна обврска" и членовите 51 до 61 се бришат, а поднасловот "Обврска за служење на воениот рок" се менува и гласи "Доброволно служење на воениот рок".

Членот 62 се менува и истиот гласи:

---

[96] Предлог - законот е усвоен на 134 Собраниска седница на 05.05.2006.

"Сите граѓани на Република Македонија, оценети како способни за воена служба, можат по сопствено барање да се упатат на служење на воен рок по наполнувањето на 18 години.

Граѓанинот ќе биде упатен на служење на воениот рок во рок од три месеци од денот на поднесувањето на барањето.

Поканата за служење на воениот рок се доставува до граѓанинот најдоцна 30 дена пред денот на упатување на воениот рок".

Членот 62 се дополнува со членовите 62-а, 62-б, 62-в, 62-г, 62-д и 62-ѓ кои се однесуваат на начинот и постапката за оценување на способноста на граѓаните за воена служба.

Измени има и во членовите кои се однесуваат на обврската за служење во резервниот состав. Така, во членост 81 по точката 2 се додава нова точка 3. која гласи: "Членот 86 се менува и во него се внесени промените поврзани со постапката за прием на кандидати за ангажирање во резервните сили, изборот на комисиите, правата на граѓаните и слично."

Укинувањето на воената обврска во април 2006 година и заминувањето на последните 2 000 регрути во АРМ заради служење на воениот рок, ја најави целосната професионализација на Армијата од октомври 2006 година.[97] Регрутирањето е доброволно и право на пријавување имаат сите граѓани на Република Македонија од двата пола до 26 години старост, без било каква дискриминација. Кандидатите кои ќе бидат примени ќе поминат низ тримесечна засилена воена обука и од нив подоцна ќе се пополнуваат единиците зависно од потребите на АРМ. Исто така, се укинува и десетмесечното цивилно служење, како и обврската за служење во резервниот состав. До крајот на 2007 година се планира бројката од 8 600 професионални војници во АРМ, а резервниот состав уште ќе се намалува и по приемот во НАТО се планира бројката од 1 200 резервисти во резервниот состав.

Новата проекција на Армијата нема да ги постигне ефектите доколку не се смени начинот на планирање на потребите на одбраната и посебно на распоредување на средствата. Досега, најголем дел од буџетските средства се трошел на плати и одржување на објектите и орудијата на војската, за што

[97] Укинувањето на воената обврска беше најавено од страна на Министерот за одбрана Јован Манасиевски во април 2006 год.

постојано пристигнувале сериозни забелешки до раководството на МО и АРМ. "Стандардот во земјите членки на НАТО е средствата на плати да не преминуваат 50% од Буџетот, а во АРМ тој изнесуваше цели 95%. Со намалената армија и новиот начин на планирање и распоредување на средствата, полека од година на година овој процент треба да се намалува и да се спушти до издржливите 65%, со што ќе се ослободат значителни милионски износи за модернизација на Армијата."[98] Инаку, според стратегискиот одбранбен преглед, буџетот на одбраната и понатаму ќе се движи помеѓу 2.3 – 2.6% од Бруто домашниот производ.

Споредено со издвојувањата во државните членки на НАТО, во кои буџетот за одбрана во 2004 година изнесувал просечно 2.81% од Бруто домашниот производ, во Република Македонија издвојувањата за потребите на одбраната се нешто пониски. Во 2005 година Британската економија се покажа како најдобра меѓу големите Европски држави. Буџетот за 2005 година порасна и ги надмина очекуваните покачувања за 1.4% за 2004-2005 година и 2006-2007 година, а Владата верува дека овој тренд може да се задржи и во наредниот тригодишен циклус.[99]

Во Франција, и покрај финанскиските проблеми и несогласувањата на министерот за финансии да се зголеми буџетот за одбрана, тој сепак се зголеми во 2004 година, и изнесуваше 3% од Бруто домашниот производ, иако се планираше да биде 3.7%. Инсистирањето на министерот за финансии, во 2005 година одбранбените трошоци да се скратат, беше безуспешно, бидејќи претседателот Жак Ширак ги одби барањата на министерот Саркози.[100]

Во Германија, во 2004 година, забележан е буџетски дефицит од 3 до 7% на Бруто домашниот производ, па Владата беше приморана да развие пакет мерки познати како "Агенда 2010" кои ќе се обиде да ги реши проблемите. Фискалните реформи се видоко рангирани и вклучуваат бројни мерки меѓу кои и пад на буџетот за одбрана. Трошоците за персоналот во 2005 година кога буџетот за одбрана достигна до 23.8 милијарди евра (во 2004 истиот изнесуваше 24.1 милиони евра), претставува 50% од целокупната одбранбено – потрошувачка сметка. Со трансформациониот план "Структура 2010"

---

[98] Македонско сонце, 501/06.02.2004, стр. 26.
[99] IISS The Military Balance, p.135.
[100] Исто., стр. 136.

вооружените сили ќе се намалат на 250 000 персонал, Армијата ќе го намали бројот на тенковите од 2 500 на 350, борбените возила од 2 050 на 401, хеликоптерите од 530 на 240, и борбените летала од 450 на 260.[101]

Владата на Италија во 2005 година одобри финален буџет кој ги редуцираше одбранбените трошоци за 3.6%. Заради извршената професионализација на вооружените сили, персоналните трошоци се фиксирани на 60% од буџетот, што значи дека буџетските скратувања најмногу ќе се почувствуваат во инвестиционите сметки.[102]

Полска, во септември 2004 година објави нов шестгодишен одбранбен план за периодот 2005 – 2010 година во кој одбранбениот буџет треба да изнесува 35.1 милијарди евра, со што трошоците за одбрана ќе се зголемат од 15% во 2005 година до 23% во 2010 година.[103]

Во Турција, како резултат на новата владина програма за намалување на буџетскиот дефицит, буџетот опадна од околу 5% до 3.4% од Бруто домашниот производ, со што Турција е на пат да ги достигне декларираните цели на Владата од 3% одбранбен буџет.[104]

И покрај планирањата на Унгарската влада во 2003 година да го зголеми одбранбениот буџет на 1.8% од Бруто домашниот производ, Стратегискиот одбранбен преглед ја принуди да го намали во 2005 година на 1.3%.[105]

Во државите кои не се членки на НАТО, буџетот за одбраната во 2004 година изнесувал просечно 1.86% од Бруто домашниот производ. Така на пример, во Швајцарија во 2005 година буџетот на одбрана падна за 470 милијарди Швајцарски франци и истиот изнесува 1% од Бруто домашниот производ. Според Армискиот план за реформи, персоналот ќе се намали и во првиот бран на штедење ќе бидат затворени 18 логистички и 4 авио бази. Со тоа Министерството за одбрана очекува да заштеди 240 милиони швајцарски франци годишно.[106]

Во Шведска и покрај порастот на Бруто домашниот производ за 3.5% во 2004 година, Владата премина на планови за намалување на трошоците за

[101] Исто., стр. 137.
[102] Исто., стр. 137.
[103] Исто., стр. 137.
[104] Исто., стр. 138.
[105] Исто., стр. 138.
[106] Исто., стр. 139.

одбраната за 10% годишно во наредните три години, а заштедените пари планира да ги насочи за домашните потреби за безбедноста. Буџетот за одбрана во 2005 година е намален од 40.1 милијарди на 39.5 милијарди шведски круни, а се предвидува дека со новата политика до крајот на 2007 година ќе се намали за уште три милијарди. Новата политика на државата се базира на фактот дека ризикот од вооружен напад се намалува, па рестрикцијата на воените сили е неопходна. Регрутирањето ќе продолжи, но со нагласување на доброволци со условни кратковременски периоди на служење.[107]

Финска објави пораст од 3.4% во одбранбениот буџет, а планирано е редуцирање на бројот во вооружените сили и создавање на мобилни, добро опремени сили кои во моментот на спефифична криза брзо ќе излезат во пресрет.

Иако во Украина Бруто домашниот производ во 2004 година се зголеми за 12.1%, одбранбениот буџет се зголеми само за 2.6%. Владата се одлучи за нови воени реформи кои би довеле до создавање на професионални вооружени сили до 2010 година и ориентација кон интегрирање во ЕУ и НАТО.[108]

Од овој кус преглед за висината на издвојувањата на државите за потребите на одбраната, може да се види дека речиси сите држави без оглед на тоа дали се или не се членки на НАТО, постои тенденција на намалување на одбранбениот буџет. Дури државите кои бележат економски раст настојуваат да ги намалат трошоците за одбрана и повеќе се фокусираат на современо и модерно опремување и вооружување на своите армии. Во земјите членки на НАТО одбранбениот буџет до 2000 година постепено се намалувал за потоа постепено да порасне и истиот во 2004 година изнесувал 2.81% од Бруто домашниот производ.

---

[107] Исто., стр. 140.
[108] Исто., стр. 140.




IISS The Military Balance, 2005/06.

Во државите кои не се членки на НАТО, одбранбениот буџет бележи постојано намалување и во 2004 година изнесувал 1.86% од Бруто домашниот производ.




IISS The Military Balance, 2005/06, стр. 139.

Според тоа планираниот буџет за одбрана на Република Македонија од 2.3 – 2.6%, се наоѓа некаде во средината помеѓу истиот во НАТО – државите и оние кои не се членки на НАТО, што секако може да се смета за задоволителен процент, но потребно е подобра прераспределба на средствата и повеќе издвојување за модерно вооружување и опрема.

Поради ограничените ресурси, клучна цел на државата е економична одбрана што е во согласност со способностите, ресурсите и потребите на

Република Македонија во контекст на новата стратегиска реалност. Одбранбениот систем треба да придонесе за развојот на другите сфери на општеството во интерес на мирот и просперитетот на нацијата. Долгорочното финансирање на одбраната е основа за кохерентно и сигурно планирање на трошоците и распределба на ресурсите. Во согласност со новата структура на силите, способностите и капацитетите што треба да се стекнат до 2007 година:

- персоналните трошоци ќе се намалат на максимум 50% од расположливиот буџет;
- трошоците за операции и одржување ќе се доведат до приближно 30% од расположливиот буџет;
- најмалку 20% од расположливиот буџет ќе бидат наменети за опремување и модернизација.

## ДОЛГОРОЧНА ПРОЕКЦИЈА НА БУЏЕТОТ ЗА ОДБРАНА

(МК ДЕНАРИ x 1.000)

| КАТЕГОРИЈА | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| БУЏЕТ | 6,292,020 | 6,522,556 | 7,023,970 | 7,486,845 | 7,980,241 | 8,506,136 | 8,780,000 | 9,043,400 |
| ПЕРСОНАЛНИ ТРОШОЦИ | 3,531,082 | 3,293,890 | 3,509,175 | 3,743,422 | 3,990,120 | 4,253,068 | 4,390,000 | 4,521,700 |
| ОПЕРАЦИИ И ОДРЖУВАЊЕ | 1,764,282 | 1,969,812 | 2,091,738 | 2,246,054 | 2,394,072 | 2,551,840 | 2,634,000 | 2,713,020 |
| ОПРЕМУВАЊЕ | 996,656 | 1,258,854 | 1,423,057 | 1,497,369 | 1,596,049 | 1,701,228 | 1,756,000 | 1,808,680 |
| КАТЕГОРИЈА | ПРОЦЕНТУАЛНО УЧЕСТВО НА ТРОШОЦИТЕ НА БУЏЕТОТ ПО ГОДИНИ | | | | | | | |
| БУЏЕТ | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 |
| ПЕРСОНАЛНИ ТРОШОЦИ | 56.12 | 50.50 | 49.96 | 50.00 | 50.00 | 50.00 | 50.00 | 50.00 |
| ОПЕРАЦИИ О ОДРЖУВАЊЕ | 28.04 | 30.20 | 29.78 | 30.00 | 30.00 | 30.00 | 30.00 | 30.00 |
| ОПРЕМУВАЊЕ | 15.84 | 19.30 | 20.26 | 20.00 | 20.00 | 20.00 | 20.00 | 20.00 |

Извор: Бела книга на одбраната, октомври 2005.

Основен предуслов за да се имплементира презентираниот концепт беше воведувањето на системот на повеќегодишно планирање, програмирање и извршување на буџетот. Со Стратегискиот одбранбен преглед. Министерството за одбрана успеа да воспостави десетгодишен план за набавка и опрема, кој се состои од детален среднорочен план, и поширок план кој покрива подолг период.

Покрај професионализацијата на АРМ, едно од приоритетните прашања во реформите на Армијата е и модернизација на опремата и вооружувањето. Проектот за модернизација започна со целосно обновување на ресурсите и опремувањето на Единицата за специјални намени со современи комуникациски средства, транспортни возила и лично вооружување. Исто така, МО започна со ослободување од застарените тенкови Т-55 кои се скапи за одржување. Ослободувањето од старата опрема не ја намалува огнената и борбената моќ на АРМ, туку отвара простор за постигнување поголем напредок во процесот на модернизацијата и е дополнителна стимулација за сегментите во одбраната кои работат на редукцијата на старата опрема. Во модернизацијата на АРМ, Република Македонија се потпира врз сопствените ресурси. Според Стратегискиот одбранбен преглед, за опремување и модернизација, квалитетот на животот на припадниците на АРМ, нивна обука и вежби, готовност, истражување и развој, се планираат 30 – 35% од расположливите средства на буџетот за одбрана.

### *2.4.4. Регрутацијата и мобилизацијата*

Мирновременското и военото пополнување на вооружените сили се основни стратегиски содржини на одбранбените подготовки и од нив зависи борбената подготовка на земјата. Поголемиот број на должности во Армијата се специјалности кои бараат одредена струка и професија, општо и техничко образование и висока психофизичка подготвеност. Токму поради тоа, во подготовките за одбрана големо значење им се дава на изборот, селекцијата, распоредувањето, организацијата, пополнувањето, оспособувањето и обуката војниците, подофицирите и официрите.

При мирновременското пополнување на вооружените сили, основен услов за успешно борбено оспособување е рационалното користење на расположивиот човечки потенцијал. Степенот на таа рационалност зависи од тоа дали секој човек е поставен на место на кое може најмногу да придонесе за подигање на степенот на борбената готовност.

Регрутирањето претставува збир на мерки и работи со кои се одбираат луѓе заради континуирано пополнување на вооружените сили, се разврстуваат во видови, родови, служби и специјалности и се упатуваат на служба во соодветните единици, установи или наставни центри. Во поширока смисла на зборот, со регрутирање се означува секое пополнување на вооружените сили со луѓе, независно од тоа на каков начин се врши и кои категории на луѓе ги опфаќа. Регрутирањето во професионалните единици е доброволно, а пополнувањето на војската со професионални војници се остварува со привлекување и ангажирање на луѓе за служба во вооружените сили на одредено време, за која добиваат материјална надокнада (плата). Сепак, неопходно е да се изврши правилен избор и селекција на кандидатите кои доброволно се пријавиле за воена служба бидејќи современата војна наметнува барања за современи војници од кои не се бара само физичка способност, туку и соочување со големи интелектуални и психолошки предизвици.

Изворот на пополнување професионалните вооружени сили го сочинуваат

- младинци – кандидати за доброволна повеќегодишна воена служба врз основа на договор.

За извршувањето на задачите кои им ги поставила Владата, вооружените сили имаат одредени потреби за луѓе, на кои треба да се прилагодат човечките ресурси. Поради тоа, потребно е да се располага со систем кој ќе овозможи за најкратко време да се обезбедат младинци и да се насочат во повеќе специјалности кои им се неопходни на вооружените сили. Согласно ова, усвоени се современи методи на селекција и професионална ориентација. Нивна цел е:

- на најдобар начин да се искористи човечкиот национален потенцијал;
- од секој младинец да се добие максимален резултат кога се користат неговите способности;

- да се зајакне моралот со стварање на воени колективи во кои секој ќе се чувствува дека е на место кое одговара за неговите афинитети и можности; и
- да се придонесе во создавањето услови кои ќе овозможат брза и ефикасна обука и образование.

Само на овој начин може да се задоволат барањата на структурите кои се пополнуваат, а процесот треба да опфаќа:

- Селекција – стручна постапка со која, применувајќи стандардизирани испитувања и прегледи, ќе се елиминираат младинците кои се неспособни за воена служба;
- Ориентација – стручна постапка со која, толкувајќи ги добиените резултати од стандардизираните испитувања и прегледи, ќе се изврши проценка на можностите на кандидатот за вршење на различни активности, па врз основа на тие можности да се дадат предлози за идниот рааспоред на младинците кои се оценети како способни;
- Информирање – Поминувањето на кандидатите низ селекциските центри е мошне значајно, бидејќи младинците добиваат информации за целта на селекцијата и ориентацијата на кои се подложени и сето она што е во врска со службата.

Во Предлог – законот за изменување и дополнување на законот за одбрана,[109] поради укинувањето на регрутната обврска на граѓаните, зборот "регрути" се брише, а во членот 20, точка 51 се бришат и зборовите "регрутирање и пополнување на постојаниот состав на Армијата со регрути". Тоа значи дека регрутацијата, како обврска на граѓаните, нема да постои, а постапката околу приемот и селекцијата на доброволците за служење на воен рок добива законска основа во новите членови со кои се проширува членот 62. Според нив, лекарските и други прегледи и психолошки испитувања на граѓаните заради утврдување на способноста за воена служба ќе ги вршат установите од областа на здравството кои ќе ги определи министерот за одбрана во согласност со министерот за здравство. Наодите од лекарски и други прегледи се впишуваат во здравствен картон на граѓанинот, на образец кој го пропишуваат министрите за одбрана и здравство. Врз основа на

[109] Службен весник на Р. Македонија, 58/06.

наодите, способноста на граѓанинот за воена служба ја оценува комисија формирана со акт на министерот за одбрана, во кој се определува составот, седиштето и начинот на работа на комисијата. Исто така, министерот за одбрана донесува правилник за критериумите за оценување на здравствената способност за воена служба. Оцената на комисијата може да биде:

- способен за воена служба;
- неспособен за воена служба.

На граѓанинот оценет како способен за воена служба, комисијата му го определува родот, односно службата во која ќе го служи воениот рок, врз основа на правилник за воено – евиденциски специјалности. При тоа, се земаат во предвид здравствената и психофизичка способност, видот и степенот на образованието, занимањето, знаењата, вештините и спортските активности од значење на Армијата. За доброволно служење ќе може да се пријавуваат граѓаните од 18 до 26 години старост, а служењето ќе трае 3 месеци. Од граѓаните кои ќе го одслужат воениот рок, ќе се одбираат луѓе за пополнување на професионалните единици соодветно на потребите за нивно пополнување.

Селекцијата на кандидатите за професионални војници (граѓаните кои го одслужиле воениот рок), за потребите на професионалните единици, започнува со објава на конкурс кој може да биде јавен (објавен во дневниот печат) или интерен (се распишува заради прием на професионални војници во специјалните единици). Со Законот за служба во АРМ, предвидени се општи и посебни услови кои кандидатите треба да ги исполнуваат за да може да се пријават на конкурсот. Општи услови[110] се: кандидатот да е државјанин на Република Македонија, да е полнолетен, да има посебна здравствена и физичка способност потребна за вршење на служба во Армијата и да не му е изречена мерка на безбедност, забрана за вршење на професија, дејност или должност. Посебните услови[111] се однесуваат на претходната подготвеност на кандидатите (да имаат завршено средно образование и одслужен воен рок во Армијата со оружје), како и на старосната граница (да не се постари од 27 години). За прием на професионални војници во специјалните единици

[110] Закон за служба во АРМ, член 25.
[111] Исто, член 30.

постојат и други критериуми кои се интерни и построги. Така на пример предност имаат кандидатите кои се до 23-годишна возраст, кандидати кои не се женети, кандидати кои познаваат еден или повеќе странски јазици, кандидати кои се членови на спортски друштва и слично.

На кандидатите на професионални војници им се даваат прашалници кои ги пополнуваат, по што одат на безбедносна проверка. Во меѓувреме се испитува нивната физичка подготвеност и издржливост, за што добиваат бофови. За да го поминат овој тест, кандидатите треба да освојат минимум по 60, а за во специјалните единици по 80 бода за секоја дисциплина. Потоа се упатуваат на специјалистички преглед во воената болница, каде се утврдува нивната здравствена и психичка способност на воена служба. За специјалните единици на ниво на полк, воведен е и селективен курс кој трае 24 дена. за да нема малверзации околу приемот на кандидатите, нивните лични имиња се заменуваат со броеви. Од пријавените кандидати само 5% издржуваат до крај, што укажува на ригорозноста на овој тест на издржливост. Кандидатите кои ќе издржат 12 дена, се стекнуваат со правото да бидат примени во специјалните единици на АРМ, а оние кои ќе издржат до крај во најелитната специјална единица.

По завршувањето на сите проверки и тестови, кандидатите чекаат да бидат повикани за да склучат договор за работа. Се повикуваат согласно со потребите на единиците за пополнување со професионални војници. Според член 35 од Законот за служба во АРМ, договорот за работа го склучуваат со Министерството за одбрана или од него овластено лице. Договорот се склучува на 3 години, а во зависност од покажаните резултати и потребите на соодветниот род т.е. служба, договорот може да се продолжи најмногу уште три пати. професионалниот војник кој за време на служењето на воениот рок се стекнал со чин, се прима на служба во Армијата со чинот кој го стекнал, а доколку не се стекнал со чин, се прима на служба со чин разводник.[112] При приемот на кандидатите треба да се води сметка за соодветната и правична застапеност на лицата кои припаѓаат на сите заедници, како и да се почитуваат критериумите на стручност и компетентност.[113]

[112] Член 36.
[113] Член 24.

Националната структура во професионалниот систав на АРМ е дадена во табелата:

| | Моментална состојба | | Проекција | | Разлика бројно |
|---|---|---|---|---|---|
| | Број | % | Број | % | - 1028 |
| Албанец | 179 | 7,06 | 1207 | 25,17 | -18 |
| Бошњак | 5 | 0,26 | 23 | 0,48 | -328 |
| Македонец | 2748 | 89,84 | 3076 | 64,18 | -115 |
| Ром | 13 | 0,46 | 128 | 2,66 | -47 |
| Србин | 38 | 1,27 | 85 | 1,78 | -174 |
| Турчин | 11 | 0,59 | 185 | 3,85 | -21 |
| Влав | 2 | 0,13 | 23 | 0,48 | -55 |
| Останати | 12 | 0,39 | 67 | 1,4 | -1786 |
| ВКУПНО | 3008 | 100,00 | 4794 | 100 | |

*Збирен преглед на професионални војници според националната структура

* Програма за трансформација на одбраната и АРМ, Скопје, мај 2004, стр. 19.

Може да се воочи диспропорцијата меѓу проектираната и вистинската бројност и застапеност на сите национални заедници, што значи дека изградбата на професионална армија е процес кој се уште не е завршен и покрај укинувањето на воената обврска. Достигнувањето на потребната големина на активниот состав на АРМ, како и соодветната застапеност на припадниците на етничките заедници, е главен предизвик во реализацијата на сегашните и идни планови. Новата структура на АРМ, треба да ја одржува соодветната и правична застапеност на заедниците во Република Македонија.

Застапеноста на регионите во структурата на АРМ е исто така моќне значаен показател за правичната застапеност на населението од целата територија на Република Македонија, но и за интересот на граѓаните од различни региони да се вклучат во вооружените сили. Според неофицијални податоци од регрутните центри, до 1996 година на конкурсите за прием на професионални војници како и за доброволно служење на воен рок, повеќе се пријавувале граѓаните од Скопје и неговата околина (70%),а само 30% од кандидатите биле од внатрешноста на Републиката. Оваа бројка постепено се

менувала, така што во 2006 година 60% од кандидатите се од внатрешноста, а 40% од Скопје и околината. Интересот на граѓаните за доброволно вклучување во вооружените сили мора постојано да се следи и да се одржува на високо ниво, бидејќи само така може да се обезбеди квалитетна селекција на кандидатите која ќе овозможи квалитетна и брза обука и одлично оспособен и високо мотивиран војнички персонал во АРМ.

Воеcurrent пополнување на вооружените сили е дејност која е во надлежност на државните органи од доменот на одбраната и воено – територијалните органи. Се подготвува уште во мирновременскиот период, а се спроведува непосредно пред прочетокот на војната или откако истата е започната. Опфаќа дејности кои со едно име се нарекуваат мобилизација.

Мобилизацијата е единствена дејност која не ги опфаќа само вооружените сили, туку и останатите делови на општеството кои се неопходни во водењето на војната. Ако ја анализираме мобилизацијата во државите во светот, може да зборуваме за три основни модели на мобилизациски состав[114]:

- Првиот модел е карактеристичен за земјите кои имаат професионална армија чиј мирновременски состав е 100% пополнет во однос на воениот состав. Овој модел не подразбира воено пополнување на единиците во почетниот период на војната. Сепак, во подоцнежните фази на војната, кога ќе се појави недостаток на луѓе, може да се пристапи кон мобилизација на населението. Тоа беше случај со САД за време на двете светски и Виетнамската војна.
- Вториот модел се карактеризира со постоење на мали мирновременски јадра составени од професионални војници и војници кои служат воен рок, како и воен состав од професионални војници. Мирновременските јадра спроведуваат обука на војниците во мир и служат за спречување на стратегиски изненадувања, а воениот состав во мир се ангажира заради обука и повремени вежби заради проверка на обученоста, а се мобилизира во случај на загрозување на безбедноста на земјата. Мирновременското јадро е просечно 10% од воената големина на вооружените сили.

[114] Adanić, S., i Tatalović, S., (1993) "Novačenje i mobilizacija", Zagreb: Otvoreno sveučilište, str. 98.

- Третиот модел е милицискиот а го применуваат некои скандинавски земји. Сепак во најчист облик е присутен во Швајцарија. Овој модел не подразбира постоење на мирновременско јадро на вооружените сили (освен регрутите кои се наоѓаат на воена обука), но има големи воени сили кои се пополнуваат со резервни војници при мобилизација, во случај на опасност за земјата или агресија. Мобилизацијата е добро подготвена, прецизно испланирана, така што би се извршила за 48 часа и за тоа време би се мобилизирале 625 000 војници.

Со професионализацијата на армиите, разликите меѓу овие модели на мобилизација сѐ повеќе се намалуваат и се бара модел кој ќе одговара на карактеристиките на новите типови на војна и можностите на државите (демографски и економски, пред сѐ). При тоа, треба да се води сметка, начинот на пополнувањето и оспособувањето на луѓето да обезбеди изградување на целосно организирана, добро опремена и бројно силна мирновременска војска која би можела да го спречи почетното напредување на агресорот, а би делувала и превентивно во спречувањето на агресорот од намерата да изврши агресија. Единиците кои се во воениот состав и во случај на мобилизација треба да се пополнуваат или дополнуваат, треба да имаат добро организирани мирновременски јадра за да може мобилизацијата да се изврши за што пократко време. Според некои критериуми мирновременското јадро треба да е една третина од воениот состав на единицата.[115]

Очигледно е дека моделот на мобилизацискиот состав е условен од усвоениот модел на активен и резервен состав во државата.

Од предходните анализи за големината на активниот и резервниот состав во државите - членки на НАТО, може да се воочи тенденцијата на намалување на вооружените сили (на активност и на резервниот состав), но и на драстична промена на нивниот сооднос. Во повеќето анализирани, но и во други западноевропските држави, мирновремнскиот состав учествува со повеќе од 50% во воениот состав на вооружените сили. Тоа е резултат на професионализацијата на армиите со што се изградуваат квантитативно и квалитативно силни мирновременски армии кои може да одговорат на секаков предизвик.

[115] Исто, стр.98.

Резервниот состав е различно конструиран, но не постои држава која нема резервен состав. Дури и државите кои од поодамна имаат чисто професионални армии, имаат добро организирана и подготвена резерва како флексибилна сила која ја подржува армијата таму каде е најмногу потребна. Тоа се повеќекомпонентни единици кои тренираат со активната војска со која работат како единствен интегриран тим. Во Велика Британија, на пример, покрај резервите на сите три вида во вооружените сили, постои и територијална армија која работи со доброволци, кои посетуваат минимум 27 дена тренинг годишно и подлежат на мобилизација во случај на потреба од операции на Армијата.[116] Во рамките на копнената, морнаричката и воздухпловната резерва постојат две категории резервисти: резервисти со понизок степен на борбена готовност кои се повикуваат по потреба, и активни резервисти кои се вклучени во постојаните резервни служби (Full Time Reserve Service) и кои се со повисок степен на борбена готовност.[117] Категоризацијата на резервистите е присутна и во други држави, а мора да се напомене и тоа дека во последно време се прави разлика меѓу термините резерва и резервна сила. Под воена резерва се подразбира воен персонал составен од посебно тренирани, реорганизирани сили кои оперираат на повик,[118] заради замена на активните единици или нивни делови, поддршка на операциите кои ги водат оперативните трупи, одбрана на одредени области и објекти, поддршка на единиците на ЦО во случај на природни катастрофи, поддршка или вклучување во хуманитарни акции и справување со други непредвидени ситуации. Персоналот кој ја сочинува воената резерва има почести тренинзи и обука заради одржување на борбената подготвеност која ќе овозможи брзо вклучување и акција во случај на потреба.

Воената резервна сила е составена од повремен воен персонал и цивили кои се мобилизираат во случај на тотална војна или одбрана од агресија.[119]

---

[116] Во состав на постоечката резерва, или напоредно со неа, Територијална одбрана имаат и други држави во Европа: копнената резерва на Португалија е организирана како Територијална одбрана, Белгија има Единици за територијална подршка, резервата на Чешка е исто така организирана како Територијална одбрана, рзервните сили на Франција се нарекуваат територијални одбранбени единици, и др.
[117] globalsecurity. org/military/htm
[118] www.en.wikipedia.org
[119] Исто.

Персоналот нема чести тренинзи, но сепак сочинуваат сила која е евидентирана, организирана и подготвена за војна. Специфичен тип на резервна сила е Домашната Гарда која се активира само во случај на агресија (Норвешка, Данска, Германија, Велика Британија, Шведска, Северна Ирска и други).[120]

Националната Гарда исто така е вид на резервна сила, но во некои држави е резерва на постоечката Национална Гарда (има активен и резервен состав). Националната воена гарда имаат: САД, Франција, Португалија, Чешка, Латвија, Литванија, Словачка, Грција и други држави во светот. Во некои од овие држави, таа е единствена резервна сила на Армијата (Латвија, Словачка).[121]

Старосната граница за служење во резервниот состав е различна и се движи од 35 (Холандија, Норвешка, Португалија) па сè до 50 години старост (Данска, Грција, Унгарија, Полска и други). Може да се забележи дека во државите кои своите армии ги професионализирале во целост или тоа планираат да го сторат во многу блиска иднина, старосната граница е пониска. Во државите пак, кои сеуште не ја укинале воената обврска и имаат голем обврзнички контингент за во резервниот состав, старосната граница е повисока.

Појдовна основа при изборот на модел на резервниот состав на Република Македонија е нејзината определба за мал резервен состав сочинет од "помали сили со висок степен на готовност и лимитирани резервни сили со низок степен на горовност".[122] На ваквата определба секако влијаеле бројни фактори меѓу кои и настојувањето да се изгради одбранбен систем компатибилен со системот на НАТО, националните особености на државата, економските можности на државата за одржување на Армијата (и на резервниот состав), големината и моделот на постојаниот состав на вооружените сили, стратегиско-оперативните потреби на државата и други фактори. Сепак, изборот на модел на резервен состав главно е условен од зацртаниот модел и карактерот на вооружените сили и можностите за нарушување на безбедносната состојба во земјата. Република Македонија се определи за

[120] IISS **The Military Balance**, 2005-2006.
[121] Исто.
[122] Бела книга на одбраната, (2005), Скопје: Министерство за одбрана, стр. 22.

изградба на професионална армија, која претпоставува и резервен состав сочинет од персонал вклучен на доброволна основа. Начинот на пополнување на резервниот состав е разработен во Измените и дополнувањата на Законот за одбрана од 2006 година и за промените ќе стане збор малку подоцна. Во документите на Министерството за одбрана стои оценката дека безбедносната состојба во Република Македонија е стабилна и нема опасности (за подолг рок) од конвенционална војна. Меѓутоа, безбедносната состојба е променлива категорија, посебно во окружување какво има Република Македонија. Покрај тоа, нарушувањето на националната безбедност не мора да биде причинето само од конвенционална војна, туку и од редица други дејствувања на организирани сили во државата или од надвор. Токму поради тоа, Република Македонија мора да има добро организиран резервен состав кој, во случај на потреба, би се мобилизирал за многу кратко време и лесно би се вклучил во активностите и операциите кои би се превзеле од страна на Армијата.

Тргнувајќи од ова сознание, како и од искуствата во изградбата на резервниот состав во другите држави, може да се издвои модел на резервниот состав на АРМ кој најмногу би соодвествувал на состојбата, условите и определбите на Република Македонија во изградбата на вкупните вооружени сили.

Според овој модел, резервниот состав би се состоел од две компоненти:

1. Армиска резерва, со висок степен на борбената готовност, со јачина на бригада во состав на Здружената оперативна команда. Резервистите - припадници на Армиската резерва треба да се регрутираат на доброволна основа, со старосна граница до 45 години. Армиската резерва да биде интегрален дел на Армијата, дизајниран, оспособен и обучен така што ќе биде во можност да ја засили кога и да е потребно, да врши замена на единици или нејзини делови, да ги подржува операциите на оперативните трупи, да обезбедува и брани одредени стратегиски значајни области и објекти, да ги подржува единиците на цивилна одбрана во случај на природни катастрофи или да се вклучува во други хуманитарни активности од национален интерес.

   Армиската резерва треба да биде повеќекомпонентна единица во која ќе се обучуваат резервисти за сите единици на АРМ, со што ќе се

создаде можност за замена на секоја единица кога е тоа потребно. Поради тоа, секоја одделна компонента, треба да тренира заедно со единицата каде би вршела замена или би давала поддршка. Обуката би се состоела од 20 дена тренинг годишно од кои 14 дена непрекинат тренинг (камп) и три викенда распоредени во текот на годината. Цивилните професии на персоналот во Армиската резерва треба да бидат заштитени со закон за да може слободно да се јават во единицата секогаш кога ќе бидат повикани. За времето поминато во единиците треба да примаат парична надокнада соодветна на работата која ја извршуваат, стручноста и компетентноста.

Во исто време, Армиската резерва треба да биде јадро на воената резерва која ќе биде втора компонента на Резервниот состав. Тоа значи дека во Армиската резерва треба да постои посебна служба одговорна за евиденција, обука, распоредување и планирање на мобилизацијата на воената резерва.

2. Воената резерва, со низок степен на борбена готовност, со јачина од две пешадиски бригади, составена од доброволци до 50 години старост кои имаат одслужен воен рок, (доброволно или како обврзници) и граѓани кои се евидентираат како резервен контигент поради тоа што исполнуваат одредени услови (мажи до 45 години старост, и одслужен воен рок или основна обука во траење од еден месец). Тоа значи дека евиденцијата на до сега постоечкиот резервен состав треба да продолжи, од нив да се одбираат луѓе кои ќе ја сочинуваат воената резерва, истите да бидат известени и да се врши повремена контрола на евиденцијата заради евентуална замена на персоналот. Цивилните професии на припадниците на воената резерва, исто така треба да бидат заштитени со закон, како би можеле да се јават во случај на повик. Поради укинувањето на воената обврска, со тек на времето може да се створи тесна база на обученост на граѓаните и тешкотии околу пополнувањето на воената резерва. За да се одбегне ваквата ситуација, од моментот кога Армијата ќе се соочи со ваков проблем, треба да се воведе едномесечна неопходна обука за граѓаните од одредена старосна група (20 до 30 годишна старост) од машки пол, кои потоа би можеле да се внесат во постоечката евиденција. Контрола на подготвеноста и обученоста на воената резерва треба да се врши етапно (не повеќе од еднаш годишно) и истата да биде повеќе

во функција на контролата на евиденцијата. Најзначајно е да се создадат можности за брза мобилизација во случај на агресија и војна, за што најголемо значење има доброто планирање и организирање на мобилизацијата.

Измените поврзани со начинот и постапката околу пополнувањето на резервниот состав, се дадени во Законот за изменување и дополнување на Законот за одбрана од март 2006 година. Граѓаните кои ќе сакаат да служат во резервниот состав, ќе треба да склучат договор за ангажирање во резервните сили на Армијата, а нивната обврска ќе се извршува со учество на воени вежби и други форми на обука, учество во хуманитарни операции и мировни мисии надвор од територијата на Република Македонија, а во војна со извршување на определени воени должности. Пополнувањето на резервните сили ќе се врши по пат на јавен оглас кој го спроведува Министерството за одбрана во согласност со потребите на Генералштабот на Армијата. Постапката за прием на кандидати ќе ја спроведува комисија во состав од три члена која ја формира министерот за одбрана. Комисијата ќе треба да изготвува листа на кандидати, а изборот од предложената листа ќе го врши министерот за одбрана или од него овластено лице. Право на учество на јавниот оглас ќе имаат граѓаните кои го отслужиле воениот рок во Армијата, се државјани на Република Македонија и се здравствено способни. Лицата кои ќе бидат избрани склучуваат договор за ангажирање во резервните сили на Армијата за период од три години, со можност за негово продолжување, но најмногу до наполнување на 45 години живот. Пред склучување на договорот се вршат лекарски и други прегледи и психолошки испитувања заради утврдување на способноста на кандидатите, а на начин и постапка како и за граѓаните кои се пријавиле за доброволно служење на воениот рок. Ангажирањето на граѓаните во резрвните сили на Армијата ќе се уредува со правилник што го донесува министерот за одбрана. Ангажираните граѓани во резервните сили ќе остваруваат право на плата во висина како и воените лица на служба во Армијата.

Граѓаните кои склучиле договор за ангажирање, за период кога не се ангажирани ќе остваруваат право на паричен надомест во висина од 10% од просечната плата по работник во Република Македонија објавена од Државниот завод за статистика.

Со промените во пополнувањето на активните и резервните сили на АРМ, ќе се заокружи концептот на трансформација на Армијата што ќе значи исполнување на барањата и утврдените обврски за целосно преструктуирање и подготовка за членство во НАТО, како еден од виталните интереси на Република Македонија. Програмата за трансформација на одбраната и Армијата и промените направени во согласност со програмата ќе обезбедат завршување на започнатите процеси и документи од Стратегискиот одбранбен преглед, вклучувајќи ја тука и целосната професионализација на Армијата.

Од теоретската анализа на пополнување на вооружените сили може да се извлечат повеќе сознанија и заклучоци:

- Пополнувањето на вооружените сили, државите го организираат во зависност од општественото уредување, воената доктрина, организациската структура на вооружените сили, големината на просторот, бројот на населеноста и економските можности.

- И покрај тоа што не може да се зборува за чист тип на воена организација, преовладувачкиот модел може да го определи основниот тип кој егзистира во некоја држава.

- Денес, во светот егзистираат главно три типа на воени организации:
  - Професионални,
  - Комбинирани и
  - Масовни.

- Професијата "војник" се извршува како - колективна активност, која се карактеризира со голема дисциплина и постојана обука како неопходни компоненти на војничката професионалност. Како членови на професионална организација, професионалните војници работат заедно и соработуваат користејќи го стекнатото знаење и прифаќаккѝ ја посебната одговорност. Тоа се критериуми по кои професионалецот се разликува од лаикот и кои го градат професионалниот мотив. Професионалното однесување се регулира со професионални навики и со правна регулатива, а професионалноста претставува морална вредност и идеал кој го дистанцира професионалниот војник од воениот обврзник.

- И покрај стремежот за професионализација на армиите, во повеќето европски држави сеуште го задржуваат воено-обврзничкиот модел, но со

пораст на професионалниот персонал во воените организации. Таквиот модел е комбиниран, а државите кои го применуваат може да се категоризираат според процентуалната застапеност на воени обврзници во сооружените сили, наспроти процентот на професионалните војници.

- Од 17 анализирани европски држави со комбиниран тип на воени организации, во 11 процентот на воени обврзници во вооружените сили е под 50%. Тоа значи дека овие држави за краток период може да ја напуштат воената обврска како начин на пополнување на вооружените сили и да ја заменат со професионални воени организации.
- Колективната одбрана против новите облици на загрозување на безбедноста, ја наложува потребата од единици за брза интервенција, мобилност на боиштето, персонал обучен и опрема за широк спектар на сценарија (од мировна операција до воена), како и логистичка самостојност. Поради тоа и помалите земји и оние со послаба економска моќ, прават напори да ги трансформираат своите воени организации на истите да може да одговорат на новите предизвици.
- Тесната база на обучени луѓе во резерва, која е резултат на професионализацијата на вооружените сили, не е погодна за државите кои развиваат одбранбени доктрини и сметаат на долготрајна војна, бидејќи новите доктрини повеќе се базираат на човечкиот отколку на техничкиот фактор. Во таков случај резервниот состав е носечкиот дел на вооружените сили и во случај на напад треба да ја води оружената борба.
- Напорите за интегрирање во НАТО - Алијансата уште повеќе ги забрзуваат реформите во државите кои се аспиранти за членството, но и во државите - членки на НАТО кои со своите воени сили треба да партиципираат во Алијансата и да учествуваат во поделбата на улогите, ризиците и одговорностите на истата.
- Намалувањето на вооружените сили во речиси сите анализирани држави во Европа е драстично и всушност претставува намалување на воените обврзници, а зголемување на професионалните компоненти.
- Податоците од направената компаративна анализа за големината на вооружените сили на земјите членки на НАТО и соседните држави, Република Македонија би можела да се определи и за поголем број на луѓе во активниот

состав бидејќи истиот во овие држави се движи од 0,2% до 0,7%. Тоа за Република Македонија значи активен состав кој би броел од 4 000 до 14 000 луѓе. Сепак, од аспект на задоволувањето на стандардите на НАТО, владата го усвои пакетот закони за АРМ кој предвидува активна вооружена сила од приближно 8 000, што е 0,4% од вкупното население и е сразмерно на процентот во најголемиот број земји - членки на НАТО.

- Што се однесува до резервниот состав, димензионирањето има широк дијапазон и се движи од 0,03% во Франција до 4,77% во Норвешка, но во најголем број од анализираните држави е под 1% од вкупното население. Предвидената големина на резервниот состав на Република Македонија од речиси 5 000 припадници или 0,25% од населението е најблиску до горепоменатиот минимум, а помала е само во Литванија, Чешка, Франција, Белгија и Португалија (според последните информации од МАКФАКС и во Бугарија со 0,15%). Тоа се држави кои имаат многу поповолна воено-политичка положба од Република Македонија, сите се членки на НАТО и за нив може да се земе во предвид процентот на западните аналитичари дека за стабилноста на Европа повеќе нема закана од масовна инвазија и надворешна агресија врз државите. Истото не би можело да се рече и за Република Македонија, иако и нашите воени аналитичари сметаат дека земјата на подолг рок не е под закана од конвенционална војна. Со оглед на опкружувањето и големината на вооружените сили на соседните земји, Република Македонија треба да има поголем резервен состав и широка база на обучени луѓе кои би можеле да се вклучат во резервниот состав во услови на евентуална војна. Драстичното намалување на резервниот состав и ставот дека активниот состав и петилјадната резерва може да се спротивстават на евентуалниот агресор, може многу да ја ослабат одбранбената моќ на земјата.

Поаѓајќи од сознанието дека Република Македонија мора да има резервен состав во рамките на вооружените сили, кој ќе биде добро организиран и способен за брза мобилизација, издвоен е модел на резервен состав кој би бил најсоодветен на определбите, условите и можностите на државата во изградбата на вооружените сили.

Според овој модел, резервниот состав би се состоел од:

1. Активна резерва, со висок степен на борбена готовност; и

2. Воена резерва, со низок степен на борбена готовност.

Од октомври 2006 година Република Македонија има целосно професионална армија. Регрутирањето е доброволно и право на пријавување имаат сите граѓани на Република Македонија од двата пола до 26 години старост. примените кандидати ќе поминат низ тримесечна засилена воена обука, и од нив подоцна ќе се пополнуваат единиците зависно од потребите на АРМ. До крајот на 2007 година се планира бројката од 8 600 професионални војници во АРМ, а резервниот состав уште ќе се намалува и по приемот во НАТО се планира бројката од 1 200 резервисти во резервниот состав.

- Од процентот за висината на издвојувањата на европските држави за потребите на одбраната, може да се види дека во земјите членки на НАТО идбранбениот буџет до 2000 година постепено се намалува, за потоа постепено да расте и во 2004 година изнесувал 2,81% од БДП. Во државите кои не се членки на НАТО, одбранбениот буџет бележи постојано намалување и во 2004 година изнесувал 1,86% од БДП. Според тоа, планираниот буџет за одбрана на Република Македонија 2,3% до 2,6% е некаде во средината помеѓу истиот во НАТО државите и оние кои не се членки на НАТО. Може да се смета дека овој процент е задоволителен, но потребна е подобра прераспределба на средствата, намалување на персоналните трошоци и повеќе издвојување за модерно вооружување и опрема какво ѝ е потребно на една професионална армија.

# **III** Дел

# Младите и нивната мотивираност за вклучување во вооружените сили на Република Македонија

# 1. ПОТРЕБАТА ОД ИСТРАЖУВАЊЕ НА МОТИВАЦИЈАТА, СТАВОВИТЕ И ИНТЕРЕСОТ НА МЛАДАТА ПОПУЛАЦИЈА ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ ВО ВООРУЖЕНИТЕ СИЛИ

## *1.1. Значењето на мотивацијата*

Во емпириското истражување чии резултати ќе бидат прикажани во овој труд, теоријата е од исклучително значење во методологијата на истражувањето. Пред сè, мора да се разбере теоријата на мотивацијата, што во ова истражување е отежнато поради интердисциплинарноста на проблемот. Мотивацијата има големо значење за формирањето и развојот на личноста. Интелектуалните и други потенцијали би останале неискористени доколку поединецот би бил мотивиран да ги искористи.

Кога сакаме да дознаеме зошто одредена личност нешто работи, презема некоја активност, во прашање се мотивите. Кога се прашуваме зошто човекот стапува во акција, го поставуваме прашањето на мотивациајта. Насокаата на активностите и истрајноста во акцијата се аспекти на мотивацијата. Анализата на мотивацијата треба да одговори на прашањето: Зошто луѓето во одредена ситуација дејствуваат и се однесуваат на ваков , а не на поинаков начин, кои се двигателите на нивното однесување, и слично?

Некои автори нагласуваат дека мотивацијата е состојба на решеност, подготвеност и готовност за одредена активност.[123] Но, најчесто, мотивациајта се одредува како процес на придвижување на човековите потенцијали кон некоја цел, како насочување, одржување и завршување на однесувањето во согласност со прифатените вреднсоти, условите и можностите на човекот. Мотивацијата е внатрешен фактор кој поттикнува, насочува, одржува и го интегрира човековото однесување. Мотивите се во тесна врска со потребите, интересите, знаењата, ставовите и задоволството. Нивната поврзаност има непосредно теоретско и практично значење. За да може мотивот да дојде до израз како движечка сила, во речиси сите одредувања на мотивот, се

[123] Ничковиќ, Самоловчев, Б., (1972), "Теоријске основе војног васпитања и образовања", Београд: ВИЗ, стр.86.

употребува и поимот активност. Без мотив нема активност, а активноста без мотив е механичка и несвесна.

Мотивите се органски и психолошки фактори кои го поттикнуваат и управуваат човековото однесување, неговите чувства и мислења. Затоа мотивите и мотивациајта имаат гослмо влијание на однесувањето и одвивањето на севкупниот психички живот. Изворот на мотивацијата е во потребите кои се недостаток или вишок на нешто за што човекот е свесен. Кога се во прашање психолошки потреби, тогаш за поттикнувачите на човековата активност и тенденциите за негово однесување зборуваме како за мотиви. Објектите и ситуациите кои би ги задоволиле неговите потреби, се целите кои сака да ги постигне.

Мотивите може да бидат биолошки и социјални. Потребите кои настануваат како резултат на социјалното искуство на поединецот, кои произлегуваат од основните физиолошки нагони и се типични за одредена социјална средина, се нарекуваат социјални мотиви.[124] Тие носат печат на општеството во кое настанале, па нивната природа и значење не се еднакви во различни општества или во различни временски периоди. Разликите во изразеноста на овие мотиви меѓу луѓето не зависат само од припадноста на одредена општествена средина, туку и од културните и социјалните услови во кои луѓето живеат. Постојат повеќе социјални мотиви, но од гледиштето на воената професија, како позначајни се истакнуваат:

- Мотив на сигурност (материјална, психолошка и социјална);
- Мотив за друштво, чии специфични облици се: грегарниот мотив ( да не биде сам), афилијативен ( да се дружи со други луѓе, да им помага) и мотив за афективна поврзаност (потреба да сака и да биде сакан);
- Мотив за самопотврдување или лична афирмација се манифестира во тежнеењето на личноста да биде признаена и прифатена од средината, да има одредена положба во општеството;
- Мотив за самостојност – тежнеење за извесна слобода во одлучувањето;
- Мотив за самоактуелизација – тежнеење на човекот да создава и да ги реализира своите интелектуални и други потенцијали;

[124] Поповиќ, Р., (1975), "Увод у војну психологију", Београд: ВИЗ, стр.77.

- Мотив на љубопитност – да се објасни непознатото, да се пополнат празнините во незнаењето, да се открие новото;
- Мотив на агресивност – непријателство кон другите луѓе; и други.

Потребата на поединецот да се бави со поедини активности кои му овозможуваат задоволување на неговите социјални мотиви, претставува основа за стварање на лични мотиви. Тоа се внатрешни сили кои го поттикнуваат човекот на некоја активност насочена кон задоволување на основните физиолошки и социјални потреби. Тие се производ на индивидуалното искуство на поединецот.

Во литературата често се среќава поделбата на мотивацијата на внатрешна и надворешна. Суштината на внатрешната мотивација е во тежнеењето на поединецот кон самоодредување, самоактуелизација и афирмација. Постои и тежнеење на личноста за испитување на околината, за доживувања и осмислувања. Внатрешната мотивација ја сочинуваат: љубопитноста, мотивот за постигнување, самоафирмација, самопотврдување и слично. Надворешната мотивација е предизвикана од движечки фактори надвор од човекот, при што општествените норми, материјалниот фактор, наградувањето и вештачки предизвиканите потреби, имаат одлучувачка улога во предизвикувањето на одредено однесување. Надворешната и внатрешната мотивација не може во целост да се издвојат бидејќи имаат многу допирни точки. Бројни елементи од структурата на надворешната мотивација, создаваат поволни услови за развивање на внатрешната мотивација. "Чувството на лична важност не се мери само во однос на себеси, туку и во однос на општествената средина во која човекот живее и според чии норми ги мери своите резултати. Во спротивно, личноста би се развивала спонтано и без можности и потреба да ги користи вистинските можности и услови за работа."[125] Ваквата меѓусебна врска меѓу внатрешната и надворешната мотивација е основен услов без кој многу дејности, меѓу кои и обуката во вооружените сили и секојдневните задачи не би биле прифатени и не би можеле да преминат во движечка сила, без која практично обуката не би била возможна.

[125] Дамјановиќ, Д., (1989), "Мотивација војника у обуци и васпитању", Београд: ВИЗ, стр.56.

Во последно време, мотивацијата стана најмногу истражуван проблем во психологиајта. Како што во Првата Светска војна, поради потребата за селекција и класификација, интересот на истражувачите е насочен кон проучување на способностите, така во Втората Светска војна наметнат е проблемот за проучување на мотивираноста за борба и однесување на луѓето во воени услови. Интересот за проучување на мотивацијата е продлабочен во корејската војна, а посебно во виетнамската. Како резултат на зголемениот интерес од проучувањата на мотивациајта, настанале повеќе теории. Сите тие се разликуваат во одговорите на неколку значајни прашања, меѓу кои е и прашањето за начинот на мерење на мотивацијата. Авторите кои признаваат постоење на несвесна мотивација како одлучувачка за човековото однесување (психоаналитичарите) признаваат само индиректен клинички пристап во мерењето на мотивацијата. Приврзаниците на сфаќањата кои мотивацијата ја третираат како свесен процес, даваат значење на директните техники за мерење на мотивацијата, во кои спаѓаат: прашалниците и скалите на проценка и однесување.

Сепак, сите автори на теориите на мотивацијата се согласуваат во едно: клучот за разбирање на личноста и нејзиното однесување, треба д се бара во мотивациајта, а одговорот на прашањето "зошто" е основен проблем на психологијата.

## *1.2. Мотивираност на војниците во процесот на обуката и нејзиното значење*

Мотивацијата како психолошки феномен е од посебно значење за војската. Во многу армии и речиси во сите војни биле изразени проблемите со немотивираноста на војниците за борба. Така, на пример, во корејската војна се проценува дека дури секој четврти американски војник активно учествувал во борбата на фронтот. И во мир меѓу војниците има немотивирани за воена служба, па старешините мораат постојано да наоѓаат начини за да ги поттикнат и мотивираат овие војници. За да се успее во тоа, потребно е

познавање на природата на мотивацијата и мотивите како двигатели на активноста.

Значењето на мотивациајта произлегува од нејзината природа која завзема централно место во психологијата, а не е доволно научно осветлена поради својата сложеност и значењето кое го има во обуката на војниците, како основна дејност во мир.

Проблемот на мотивацијата на војниците во процесот на обуката е во тесна врска со порастот на значењето на човечкиот фактор во современи услови на живот и работа во воените организации. Во праксата постојат две спротивни тенденции кои значително влијаат на мотивацијата: постојаното намалување на должината на служењето на воениот рок од една, и сé поголемата потреба за воено - стручно и физичко оспособување на војниците и единиците, од друга страна. Со истражувањата на мотивацијата на војниците, треба да се пронајдат решенија и можности за работа, живот и обука во вооружените сили со кои војникот максимално ќе ги ангажира своите потенцијали. Воведувањето на нова, современа техника и оружје ја наметнува потребата од размислувања за сé поголемата улога на човекот и неговите способности, како и желбата, мотивираноста истите да ги искористи. Свесната мотивираност е секојдневен и постојан поттикнувач на активностите. Мотивираноста е клуч за разбирање на личноста.

Обуката е најзначајната дејност во подготовките за одбрана. Таа е општествено условена дејност, со определени цели, планови и развој, дидактичко – методички е осмислена и општествено признаена. Теоретските основи за развивање на мотивациајта на војниците во тој процес произлегуваат од сфаќањето на смисолот на обуката, уважување на принципите на обуката, примена на најадекватни методи и средства, мерки за стимулација и слично. При тоа, најсилно влијание има военоорганизацискиот аспект. Војникот во воената организација има специфична положба. Воената дејност тој ја извршува затоа што тоа е негова должност, а не занимање и материјален интерес. Неговата положба е различна од онаа на ученикот, бидејќи единицата е формирана заради подготвеност на одбрана на земјата, а не само за учење. Старешината не е само наставник, туку е и претпоставен воен стручњак кој во војна има право и должност да ја употреби единицата во

борба и на тој начин да одлучува за животот на војниците. Воената единица е строго формациски одредена и во неа војниците се поврзани формирајќи воен колектив. Затвореноста е, исто така карактеристика на воените организации. Покрај другото, таа подразбира и чување на воени тајни, бидејќи припадниците на воената организација не смеат да даваат информации за она што е прогласено за воена тајна, а на тоа ги обврзуваат прописи и санкции. Затвореноста на воената организација се огледа и во касарнискиот начин на живеење што влијае и на однесувањето на војниците. Правилата на однесување се построги отколку во други групи, а се оденсуваат и на личниот живот на војниците. Мислењата и иницијативите на поединецот тешко доаѓаат до израз, а знаењата кои се добиваат во воената организација, може да се искористат, главно, само во неа. Во една таква животна ситуација, војниците треба да ги ангажираат своите морални и интелектуални потенцијали, постојано да бидат активни и да го усвојуваат наставниот материјал, да ги развиваат вештините, навиките, ставовите и уверувањата во системот на одбрана и другите вредности при што ќе го разберат смислот на обуката и потребата од неа. Затоа, развивањето на мотивацијата е составен дел на секоја квалитетна обука, бидејќи потенцијалните способности на војниците треба да се откријат, да се придвижат, да се насочат и да се подигнат на ниво кое ќе обезбеди трајност на знаењата,  навиките и способностите за одбрана на земјата. Ако социјалната средина е поповолна и повеќе ги вреднува резултатите на војниците во процесот на обуката, ако дидактичко – методичките услови се соодветни на потребите и мотивирансота, тогаш и мотивацијата ќе се развива во процесот на обуката. Во спротивно, таа може да биде пригушена. Теориски набљудувано, колку се војниците помотивирани, толку повеќе ќе ги користат своите интелектуални и психофизички способности и потенцијали.

Значењето  на проучувањата на мотивацијата на војниците во процесот на обуката лежи во тоа што поттикнувачите, како и надворешната и внатрешната мотивација немаат иста вредност. Конечните резултати од обуката не се исти ако мотивациајта се развива по пат на притисок, казни и награди, и ако истата се развива од човековото прифаќање да ги усвои целите на обуката како свои внатрешни потреби за оспособување за одбрана, бидејќи

обуката бара свесни, сестрани и самоиницијативни војници, а не пасивни случајни минувачи. Надворешната мотивација најчесто се врзува за силата на социјалната средина и се појавува како сила надвор од човекот. За да може да ја исполни својата цел, таа мора да биде во склад со внатрешната мотивација. Тоа значи дека во армиската средина би требало да има склад помеѓу желбите на војникот и секојдневните социјални ситуации во кои тој се наоѓа што е тешко остварливо. Затоа, најчесто доминира надворешната мотивација. Квалитетот на обуката, наставниот процес, развивањето на свесна воена дисциплина, другарство и добри меѓучовечки односи, како и некои други фактори, може да створат поволни услови за развивање на внатрешната мотивација. Сепак, со оглед на општествената положба на војниците и и психолошките карактеристики на нивната возраст, оваа поделба е спорна според многу психолози. Според Дамјановиќ,[126]"таквата општа класификација не ги опфаќа сите мотивациони сродни извори, па се наметнува потребата за дополнување во специфичната дејност – обуката на војниците. Во функција на развивање на мотивацијта, најзначајно место имаат целта на борбената обука и нејзиниот карактер како еден фактор, а старешината како наставник и методиката која ја применува, како друг фактор." Ако овие фактори придонесат да се сфати целта на обуката и таа стане внатрешна движечка сила во процесот на обуката, тогаш мотивацијата е целосна. Во спротивно, наведените фактори нема да бидат значајни за мотивацијата, бидејќи надворешната мотивација не е вистинска мотивација. За војниците кај кои недостасува внатрешната мотивација, обуката претставува огромен напор и непремостлива препрека во остварувањето на своите цели. "Рационализацијата на својата неспособност да се соочат со животната реалност, ја наоѓаат во филозофијата и психологијата на преживување."[127]

Под мотивација на војниците во обуката се подразбира процес на придвижување на активностите, нивно насочување, одржување и развивање, заради усвојување на основните вредности на општеството, знаења, ставови, како и развивање на вештини и навики во согласност со задачите, условите во единицата и можностите на војниците. Двигатели на таа активност се

[126] Исто... стр. 85.
[127] Исто... стр. 89.

мотивите кои извираат од потребите, желбите, интересите, знаењата, ставовите и задоволувањето на внатрешните побуди и надворешните фактори кои поттикнуваат и го интегрираат однесувањето на војниците во процесот на обуката.[128]

Нашата армија треба да се набљудува како неопходна воена организација, која настојува да се изгради по принципот на професионалните армии во современиот свет. Затоа, интересно би било, барем накусо, да се погледаат можностите за разлики во мотивираноста на професионалните војници и војниците кои служат воен рок.

Војниците по договор доброволно се определуваат за војничката професија. Кај нив доброволноста произлегува од професионалната потреба постојано да се надоградуваат и на тој начин да бидат врвно оспособени и подготвени за секаков вид борбени дејствија. Тие може доброволно (по истекот на договорот) и да ја напуштат армијата, ако сметаат дека таа професија не им овозможува развој и остварување на целите. Меѓутоа, тие "мораат" исто така "доброволно" да ги прифатат бројните обврски и ограничувања кои им се наметнуваат со влегувањето во армијата. Иако принципот на доброволност е многу значаен за мотивацијата, од аспект на целите кои треба да се реализираат и потребите кои треба да се задоволат, на него треба да се гледа пошироко. Професионалниот војник има обврска и должност како таков, да се оспособи за многу сложени и тешки задачи и должности. Тоа не може да се реализира без напорна работа и одговорно однесување. Затоа, и за нив е потребно поттикнување и развивање на мотивацијата. Сепак, самата одлука да се пријават како доброволци во армијата упатува на тоа дека имале интерес за војничката професија, позитивни ставови кон армијата, и свесно ги прифаќаат обврските и целите на обуката што е многу значајно за мотивацијата во тој процес.

Војниците кои служат воен рок се принудени да учат да се оспособуваат за одбрана. Тие се наоѓаат во воена средина бидејќи тоа е нивна должност. Служењето на воениот рок не е нивно трајно занимање. Нивното заниамње или школување привремено се прекинати, а тоа може негативно да влијае на мотивацијата. Исто така, тие треба да се прилагодуваат на потполно нов

[128] Исто... стр.16.

начин на живот и во нова средина. Многу стекнати мотиви не може да ги задоволат, а треба да го сменат и однесувањето. Обврската за служење воен рок може рационално да ја сфатат, но тоа не значи дека кај секој поединец ќе се развие и интерес за она што го учи и работи во воената организација. Позитивната емоција може и да изостане. Самоловчев[129] смета дека "учењето на војникот во голема мерка произлегува од принуда, од режимот на војничкиот живот, кој не признава принцип на доброволност и алтернатива - "да" или "не". Поради тоа сите негови активности се јавуваат како неминовност во услови на служење на воениот рок. Логично е да се очекува дека мотивацијата во процесот на обуката кај војниците кои служат воен рок ќе биде послаба отколку кај професионалните војници.

Значењето на мотивациајта е и во тоа што со познавањето на нејзините основни двигатели и нивната примена може да се постигне оптимален однос кон потребите и можностите на војниците. Мотивацијата е појдовна основа на вкупниот успех во процесот на обуката, од која зависи одбранбената способност на земјата.

## *1.3. Мотивираност на младата популација за вклучување во вооружените сили*

При пополнувањето на вооружените сили, покрај тоа што треба да се обезбеди квантитет на регрути и професионални војници потребни за целосно пополнување на единиците, треба да се води сметка и за квалитетот на човечкиот фактор со кој се врши пополнувањето. Изборот на младинци кои според своите психофизички способности и другите карактеристики ќе одговараат на потребите за пополнување на АРМ, се базира, пред сé, на претпоставката дека во популациајта постои доволна мотивираност за вклучување во воената организација. Општеството во целина, а посебно Армијата, треба да превземаат соодветни стимулативни мерки за да ја зголемат таа мотивација. При тоа, селекцијата и класификацијата може многу

[129] Самоловчев, Б., (1976), "Теоријске основе војног васпитања и образовања", Београд: ВИЗ, стр.183.

да помогнат и истите имаат психолошки, социјални и економски аспекти. Посебно заначаен е психолошкиот аспект, кој се огледа во тоа што луѓето кои ја работат работата за која се способни, која ги интересира, тие се, пред сѐ задоволни, мотивирани за работи и поуспешни во работата. Правилната селекција и класификација, во тој поглед, ќе им овозможи на војниците да се потврдат во својата работа и да го работат она за што се најмногу способни, што некои ќе ги прави позадоволни и помотивирани за извршување на задачите во својата единица. Социјалните аспекти на селекцијата и класификацијата се огледаат во оптималното искористување на потенцијалните способности и знаења на луѓето. Економските, пак, се огледаат во поголемата продуктивност и намалување на материјални штети и последици по животот на луѓето.

Сѐ посложената воена техника и вооружување, поставуваат и нови барања пред човекот, па затоа луѓето треба да се бираат и насочуваат кон оние работи кои најмногу им одговараат во поглед на способностите и карактеристиките на личноста. Тоа ќе придонесе и за подигање на борбената ефикасност на вооружентие сили, како и на системот на одбрана во целина. Со селекцијата и класификацијата се создаваат можности за максимално користење на човечките потенцијали. Благодарение на тоа што овозможува луѓето да дојдат на места за кои имаат способности, знаења и интерес, придонесува за скратување на програмата за обука. Ако младиниците се свесни дека задачите кои ќе ги извршуваат во воената организација се соодветни на нивните способности и интереси, секако дека ќе бидат помотивирани да се вклучат во истата.

Современите војни се сѐ покомплексни и бараат голема борбена подготвеност. И покрај тоа што примената на автоматизацијата во воената техника е сѐ поголема, човекот и понатаму е одлучувачки фактор во војната, а усовршената воена техника уште повеќе бара да се води сметка за квалитетот на човечкиот фактор. Затоа на изборот во сите современи армии му се дава многу поголемо значење. Усовршеното оружје и воена техника го менува профилот на војникот и го надополнува со нови барања во поглед на способностите и знаењата. Тоа бара од војникот општи и технички знаења, голема психичка и физичка издржливост, способност за проценување и

снаоѓање во сложени ситуации и други квалитети. Од друга страна пак, приливот на младинци кои доброволно или заради исполнување на обврската за служење на воен рок, се вклучуваат во вооружените сили, е недоволен за целосно пополнување на единиците. Тоа неповолно влијае на обезбедувањето на квалитет на човечкиот фактор во армијата. За да се објасни таквата неусогласеност, треба да се земат во предвид одредени социо – психолошки карактеристики и однесување на младата популација, на која ѝ се својствени нови погледи на појавите во современиот свет (општествените институции, слободата на човекот, војните, револуциите, социајлните неправди и сл.). И покрај тоа што социолозите најчесто истакнуваат дека младите не го познаваат и не се интересираат за времето во кое живеат, можно е да се извлечат некои општи карактеристики на денешната млада генерација значајни за објаснување на нејзиното однесување кон општествената реалност. Една од тие карактеристики е нивната критичност кон современите општествени институции и сé поизразениот револт кон социјалните неправди, воени судири и сето она што ја загрозува слободата на луѓето и нивната рамноправност. Тие тежнеат кон неконформистичко однесување и самостојност, без оглед на тоа дали на постарите им се допаѓа тоа или не. На египетските пирамиди пишувало дека светот брзо ќе пропадне поради непослушноста на младите, но сведоци сме дека светот сеуште не пропаднал. Напротив, благодарение на таквото нивно однесување светот се развивал, но интегрирањето на младите во даден општествен систем во многу земји во современиот свет е проблем кој им задава главоболки на политичките структури. Младите се подготвени да ги критикуваат сите облици на општествен, политички и културен живот, што се одразува и во нивниот однос кон војската како крајно иституционализирана организација. Социолозите сметаат дека автентичен израз на бунтот на младите против постоечкте општесвени односи е одбивањето да ја прифатат воената обврска. Ова посебно е изразено кај американската младина во периодот на виетнамската војна.

Младите се во неповолна положба во однос на работниот статус. Тие се под силно влијание на кризата во општествено – економскиот развој: низок раст на производството, голема инфлација и пад на животниот стандард,

невработеност, пораст на социјалните разлики кои не се резултат од работата, и друго. Тоа значително влијае на создавањето на нова филозофија на животот и нов систем на вредности во кој работата како психофизичко напрегање не завзема високо место. Во системот на вредности сè повеќе е изразена хедонистичката ориентација и тежнеење за брз успех во животот. Вклучувањето во вооружените сили, секако би ја пореметило оваа нивна ориентација.

Карактеристика на денешната млада генерација е помалото оптеретување со патриотските чуства и традициите, помала заинтересираност за политика, враќање кон религијата, како и с□ помасовно уживање на наркотици, што може да се толкува како израз на отуѓеноста на младите од општествените случувања. Сепак, младата генерација има хетероген состав и овие карактеристики не може да им се припишат на сите нејзини припадници, па поради тоа и мотивираноста нема да биде иста кај сите.

Проучувањето на мотивацијата на младите за вклучување во вооружените сили е мошне значајно од гледиште на теоријата и праксата на пополнувањето на вооружените сили. Обезбедувањето на квантитет и квалитет на војничкиот кадар при пополнувањето, е прашање од приоритетно значење за воената организација. Значењето е уште поголемо и поради тоа што од мотивацијата при пополнувањето ќе зависи и мотивираноста на војниците во процесот на обуката да вложат максимални напори за да ги совладаат сите тешкотии со кои ќе се сретнат, а со тоа максимално би се искористиле потенцијалите на секој војник. Ова е неопходно бидејќи целта на обуката е постигнување на максимална борбена подготвеност на единиците.

## *1.4. Ставовите и мотивацијата*

Мотивацијата е во тесна врска со интересите, активноста, знаењата, ставовите и задоволството од одредени фактори во процесот на борбената обука. Праксата покажала дека постои висок степен на поврзаност меѓу заинтересираноста на војникот и неговата мотивираност. Интересот е условен од сознавањето на целите и значењето на предметот на обука, како и од

нивната емоционална привлечност. Тој ги активира сите психолошки процеси на војникот и затоа тој работи поуспешно и со задоволство. Задоволството пак, предизвикува пријатна емоционална состојба која станува двигател на активноста во совладувањето на обуката.

Врската меѓу ставовите и мотивацијата е многу сложена. Според Пантиќ[130] ставовите можат да бидат: емоционални, когнитивни и мотивациони. Според тоа, ставовите содржат мотивациона компонента, па и самите ставови се мотиви. Звонаревиќ[131] смета дека со мерење на ставовите може да се дојде до мотивите кои се најзначајни за човековото однесување. Затоа ставовите се најблизок пат за разбирање на мотивацијата. Ставовите имаат директно и динамично влијание на однесувањето на поединецот, па преку нивното проучување може да се согледа, проучи и мери мотивацијата.

Ставовите се карактеризираат со:

- Насоченост, според која може да бидат позитивни или негативни, со неутрална точка во средината;
- Интензитет – континуум кој се движи меѓу силни и слаби ставови, длабоки и површни и слично;
- Акционо влијание – од кое зависи дали некој ќе дејствува во согласност со својот став или неговиот став доаѓа до израз само во неговите мисли;
- Доследност – колку некој поединец своите ставови доследно ги изразува во различни подрачја;
- Трајност – се однесува на временското траење на ставовите;
- Свесност, бидејќи постојат и подсвесни и несвесни ставови;
- Универзалност – го означува односот меѓу социјалните и личните ставови;
- Конзерватизам – радикализам, т.е. "сè да остане како што е" – "треба сè да се менува";
- Прогресивност – реакционерност, т.е. напредни и назадни ставови.[132]

Истражувањето на ставовите е можно од повеќе аспекти. Може да се истражуваат проблемите на одредувањето на ставовите и теоретските основи.

---

[130] Група аутора, (1977), "Друштвени слојеви и друштвена свест", Београд: Центар за социолошка истраживања, стр. 284.
[131] Звонаревиќ, М., (1976), "Социјална психологија", Загреб: Школска књига, стр. 245.
[132] Исто... стр.246.

формирањето и менувањето на ставовите, односот и поврзаноста на ставовите со социјално – економскиот статус или со други варијабли итн. Вака големиот интерес за ставовите, на сличен начин го објаснуваат многу автори како Ајзенк, Звонаревиќ, Рот и други, па нема потреба да се задржуваме подолго на интересот и значењето на ставовите.

Соглед на тоа дека ставовите содржат подготвеност за одредена акција, тие се во голема мерка предвидувач на однесувањето, па од практична гледна точка се исклучително корисни за истражувачите. Пред малку ги споменавме компонентите на ставот:

- Когнитивната, во која се содржани знаењата, мислењата и ставовите;
- Емоционалната, во која се содржани чувствата, сентиментите, верувањата и слично; и
- Мотивационата, која содржи подготвеност за одредена акција, однесување.

Овие три компоненти го сочинуваат единството на ставот. Кога меѓу нив е воспоставен складен однос, тоа, теоретски набљудувано, е вистински став. Меѓутоа, во животот најчесто не се постигнува таква хармонија на елементите на ставот, бидејќи значењата за објектите, процесите и појавите се различни, емоциите немаат ист интензитет, а подготвеноста за акција постои помалку или повеќе или воопшто не постои. Според тоа, ставот е заеднички термин за означување на многу сложен поим со кој се изразува односот меѓу овие елементи и нивните квантитативни и квалитативни својства. Основен услов за развивање и постоење на став кон нешто е релевантноста на објектот кон кој е насочен ставот. Од таа гледна точка, човекот може да има толку ставови колку што има значајни за него објекти, а нив ги има безброј. Овде нè интересира ставот кон обуката во вооружените сили, а тоа произлегува од уставните начела за одбраната на Република Македонија, според кои " одбраната е право и должност на сите граѓани". Тие должности се остваруваат со вклучување на граѓаните во вооружените сили, при што дел од граѓаните ја исполнуваат својата воена обврска, а може да се определат и за воената професија доброволно и на одредено време (според договор). Нашата стратегиска определба е дека во вооружената борба човекот има одлучувачка улога. Квалитетот на човечкиот фактор во голема мерка зависи од свеста на

луѓето (идејна, вредносна и општомотивациона ориентација), од психичката стабилност, обученоста, физичката подготвеност и други фактори. При тоа, се наметнува прашањето, дали младата популација која е предмет на анализа во овој труд, може да има доволно изградени ставови кон процес за кој можеби и нема доволно сознанија.

На човекот му е својствено да има ставови. Тие му овозможуваат полесно да го разбере светот околку себе, да дојдат до израз и неговите одбранбени механизми, полесно да се прилагоди на нови средини, да ги изразува своите основни вредности и самиот себеси. Тешкотиите околу откривањето на ставовите се во нивната сложеност, не може директно да се перципираат, па степенот на нивната развиеност може да се изведе од други видливи манифестации. Во повеќето дефиниции за ставот се истакнува дека тоа се однесувања научени во текот на воспитувањето и социјализацијата на личноста. Значи, ставовите се учат низ искуство, а учењето во најголема мерка зависи од наследените интелектуални способности. Според тоа, ставот во најголем дел е резултат на влијанието на социјалната средина, но неговата когнитивна компонента може да биде развиена, единствено ако наиде на плоден терен. Обуката и воспитувањето се заеднички за сите војници, па со тоа претставуваат и заеднички објект на ставови. Исто така, сите младинци од 18 – годишна возраст подлежат на воена обврска, па таа е заеднички објект за ставови, исто како и АРМ, во која треба да ја исполнат својата обврска или да им се приклучат доброволно на професионалните единици. Сепак, ставовите кон нив, не се исти кај сите младинци на таа возраст. Секој од нив има своја историја, која е повеќе или помалку слична или различна од онаа на другите. Сите тие се разликуваат според системот на дотогаш усвоените вредности, припадноста во одредени референтни групи, знаењата, информираноста и личните карактеристики. Формираните ставови како “системи на позитивно или негативно оценување, чувство или дејствување”[133] имаат големо влијание на нивните одлуки за вклучување во процесот на борбената обука, а посебно во одлуките за избор на војничката професија. Посебно е значајна мотивационата компонента, што значи дека поединецот ќе превземе одредена акција според своите ставови, или во добар дел според нив. Резултатите од

[133] Пајевиќ, Д., (1983), “Мотивациони чиниоци избора војне професије”, Београд: ВИЗ, стр.74.

претходни истражувања покажале дека може, и нормално е да се очекува, во обуката побрзо и посигурно да се вклучат оние поединци кои имаат позитивни ставови кон тој процес и кон АРМ како општествена институција. Иако ставовите не се единствен услов за тоа, тие се сепак значаен предуслов, што значи дека мотивациајта ќе биде поголема кај оние кои имаат поизразени позитивни ставови, отколку кај оние кои имаат помалку позитивни или негативни ставови кон обуката и АРМ.

На ставовите влијаат многу фактори: социјалното потекло, животниот стандард, припаднсота на одредени големи или мали групи и слично. Но на ставовите кон општествено значајните дејности големо влијание има и самото општество. Доколку во него поуспешно се решаваат прашањата кои се од животно значење на граѓаните, доколку тие може да ги задоволат своите потреби во тоа општество, тие ќе имаат и позитивни ставови кон него и ќе бидат помотивирани да го бранат.

Секоја човекова акција е насочена кон задоволување на некои потреби. Човекот развива позитивни ставови кон она што придонесува да се задоволат неговите потреби, а негативни кон она што го попречува тоа задоволување. Затоа, кон систем кој ни овозможува удобен живот, угледна положба и слично, ќе имаме позитивен став, и обратно. Промените во општеството и напоредно со нив, промените во системот на одбрана, може да ги променат и ставовите на граѓаните кон општеството и одбранбениот систем. Во демократски држави во кои се воспоставени односи на доверба и рабирање меѓу граѓаните и војската, подготвеноста на граѓаните да ги извршуваат обврските и да учествуваат во подготовките за одбрана на земјата, е поголема. "Доколку одбранбениот концепт се базира на она што претставува интерес за секој граѓанин, а не на некакви повисоки интереси, дотолку граѓаните поинтензивно ќе ја чувствуваат потребата за вклучување и ангажирање во одбранбениот систем. Интимниот однос на граѓаните кон одбраната е поврзан со нивниот личен став и мотивираност за вклучување во одбранбената сфера, па самото учество во извршувањето на задачите треба да произлезе од свесниот и позитивен однос на граѓаните кон одбраната на земјата. Во спротивно, не би можеле да сметаме на тоа дека мнозинството граѓани максимално ќе се залагаат во остварувањето на законските и моралните

обврски во одбраната на земјата која е единствен заеднички интерес на граѓаните кое оправдува употреба на воена сила."[134]

Ако знаеме дека младата популација има одредени ставови кон АРМ и кон процесот на обуката и нивното учество во неа уште пред вклучувањето во вооружените сили, тогаш и секој поединец во воениот колектив има свој став кон Армијата, кон своите обврски во рамките на воениот колектив итн. Тие ставови може да ја отежнуваат неговата активност или да бидат во функција на мотивациона сила која ќе ја поттикнува и насочува активноста. Ставовите имаат динамичко дејство, дејствуваат како мотиви и ги поттикнуваат нашите постапки. Секако дека тие не се непроменливи. Развојот на личноста се состои и во формирањето на нови ставови и трансформација на постоечките. Исто така, влијанието на ставовите врз мотивацијата и однесувањето не е неограничено. Нивното влијание го ограничува објективната ситуација. Доколку е таа појасна и поодредена, влијанието на ставовите е помало, и обратно. Познавањето на ставовите не може со сигурност да обезбеди точност на предвидувањата за однесувањето на луѓето чии ставови ги знаеме. Акциите на луѓето не мора секогаш да бидат адекватни на нивните ставови, бидејќи на однесувањето и постапките влијаат и голем број други фактори. Како ќе постапиме во одредена ситуација не зависио само од тоа што сакаме и како сакаме да постапиме, туку и од можните последици за нас од таквите постапки, како и од условите во кои постапуваме. Предвидувањето дека постапките ќе бидат во согласнсот со утврдените ставови, може да биде само веројатно, но не и сигурно.

[134] Ванковска, Б., (1995), "Војската и демократијата", Скопје: Детска радост, стр.150.

# 2. РЕЗУЛТАТИ ОД ИСПИТУВАЊЕТО НА СТАВОВИТЕ

## *2.1. Степенот на поврзаност на варијаблите*

Веќе е констатирано дека младата популација има хетероген состав и дека младите се разликуваат меѓу себе и покрај некои значајни заеднички карактеристики кои ги имаат поради тоа што се на речиси иста возраст. Во ова истражување старосната категорија е ограничена и опфатена е само младата популација на возраст од 17 до 18 години, т.е. средношколци кои веќе го завршуваат средното образование и кои се од машки пол. Структурата на испитаниците во примерокот и одговорите на нивните прашања во првиот дел од анкетниот лист, т.е. во прашалникот се дадени во приказ 1.

| место на постојано Живеење | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | фреквенција | процент | Валид процент | кумулативен процент |
| Валид | град | 277 | 79 | 79 | 79 |
| | село | 73 | 21 | 21 | 100 |
| | Вкупно | 350 | 100 | 100 | |

| вид на училиште | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | фреквенција | процент | Валид процент | кумулативен процент |
| Валид | гимназија | 167 | 53 | 53 | 53 |
| | средно-стручно | 163 | 47 | 47 | 100 |
| | Вкупно | 350 | 100 | 100 | |

| национална припадност | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | фреквенција | процент | Валид процент | кумулативен процент |
| Валид | македонец | 247 | 71 | 71 | 71 |
| | албанец | 45 | 13 | 13 | 83 |
| | србин | 14 | 4 | 4 | 87 |
| | турчин | 14 | 4 | 4 | 91 |
| | ром | 6 | 2 | 2 | 93 |
| | влав | 6 | 2 | 2 | 95 |
| | друг | 18 | 5 | 5 | 100 |
| | Тотал | 350 | 100 | 100 | |

| вероисповест | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | фреквенција | процент | Валид процент | кумулативен процент |
| Валид | православна | 256 | 73 | 73 | 73 |
| | муслиманска | 84 | 24 | 24 | 97 |
| | католичка | 1 | 0 | 0 | 97 |
| | протестантска | 1 | 0 | 0 | 98 |
| | атеист | 8 | 2 | 2 | 100 |
| | Тотал | 350 | 100 | 100 | |

| степен на образование на татко | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | фреквенција | процент | Валид процент | кумулативен процент |
| Валид | основно | 27 | 8 | 8 | 8 |
| | средно | 224 | 64 | 64 | 72 |
| | вишо | 42 | 12 | 12 | 84 |
| | високо | 57 | 16 | 16 | 100 |
| | Тотал | 350 | 100 | 100 | |

| степен на образование на мајка | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | фреквенција | процент | Валид процент | кумулативен процент |
| Валид | основно | 69 | 20 | 20 | 20 |
| | средно | 186 | 53 | 53 | 73 |
| | вишо | 40 | 11 | 11 | 84 |
| | високо | 55 | 16 | 16 | 100 |
| | Тотал | 350 | 100 | 100 | |

| вкупни месечни приходи во семејството | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | фреквенција | процент | Валид процент | кумулативен процент |
| Валид | до 5.000 денари | 27 | 8 | 8 | 8 |
| | од 5.001 до 10.000 денари | 56 | 16 | 16 | 24 |
| | од 10001 до 15.000 денари | 70 | 20 | 20 | 44 |
| | од 15.001 до 20.000 денари | 63 | 18 | 18 | 62 |
| | од 20.001 до 30.000 денари | 74 | 21 | 21 | 83 |
| | од 30.001 до 50.000 денари | 30 | 9 | 9 | 91 |
| | над 50.000 денари | 30 | 9 | 9 | 100 |
| | Тотал | 350 | 100 | 100 | |

| дали сте член на некоја политичка партија | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | фреквенција | процент | Валид процент | кумулативен процент |
| Валид | да | 61 | 17 | 17 | 17 |
| | не | 289 | 83 | 83 | 100 |
| | Тотал | 350 | 100 | 100 | |

| колку браќа и / или сестри имате | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | фреквенција | процент | Валид процент | кумулативен процент |
| Валид | единец | 38 | 11 | 11 | 11 |
| | еден (а) | 230 | 66 | 66 | 77 |
| | два (е) | 51 | 15 | 15 | 91 |
| | три | 14 | 4 | 4 | 95 |
| | четири | 10 | 3 | 3 | 98 |
| | пет и повеќе | 7 | 2 | 2 | 100 |
| | Тотал | 350 | 100 | 100 | |

| дали сакате да го продолжите школувањето и да се стекнете со повисок степен на образование | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | фреквенција | процент | Валид процент | кумулативен Процент |
| Валид | Да | 314 | 90 | 90 | 90 |
| | не | 11 | 3 | 3 | 93 |
| | не знам | 25 | 7 | 7 | 100 |
| | Тотал | 350 | 100 | 100 | |

| дали материјалните можности Ви дозволуваат да го продолжите школувањето и да се стекнете со повисок степен | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | фреквенција | процент | Валид процент | кумулативен Процент |
| Валид | да | 167 | 48 | 48 | 48 |
| | не доволно, но би се снаоѓал | 155 | 44 | 44 | 92 |
| | не | 28 | 8 | 5 | 100 |
| | Тотал | 350 | 100 | 100 | |

| дали некои од членовите во Вашето потесно семејство е вработен во полиција или АРМ | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | фреквенција | процент | Валид процент | кумулативен Процент |
| Валид | да | 79 | 23 | 23 | 23 |
| | не | 271 | 77 | 77 | 100 |
| | Тотал | 350 | 100 | 100 | |

| дали имате другар кој веќе е на отслужување на воениот рок или е професионален војник | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | фреквенција | процент | Валид процент | кумулативен процент |
| Валид | да | 176 | 50 | 50 | 50 |
| | не | 174 | 50 | 60 | 100 |
| | Тотал | 350 | 100 | 100 | |

| во кои услови би се одзвал на поканата за служење на воен рок | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | фреквенција | процент | Валид процент | кумулативен Процент |
| Валид | веднаш по добивањето на редс | 51 | 15 | 15 | 15 |
| | по завршување на студиите | 187 | 53 | 53 | 68 |
| | ќе се обидам да го одложам слу | 23 | 7 | 7 | 75 |
| | ќе се обидам да го одбегнам слу | 89 | 25 | 25 | |
| | Тотал | 350 | 100 | 100 | |

| дали би се одлучиле да бидете професионален војник без оглед на причините кои би влијаеле на таа одлука | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | фреквенција | процент | Валид процент | кумулативен Процент |
| Валид | да | 80 | 23 | 23 | 23 |
| | не | 150 | 43 | 43 | 66 |
| | не знам | 120 | 34 | 34 | 100 |
| | Тотал | 350 | 100 | 160 | |

Сите разлики меѓу младите може да бидат фактори кои влијаат на формирањето на нивните ставови кон општеството и општествено – значајни појави и процеси. Затоа, при анализирањето на нивните ставови, треба да се зема во предвид нивната невоедначеност со што ќе се добие увид за категориите младинци кај кои доминираат позитивни, т.е. негативни ставови кон воената обврска, Армијата и војничкиот позив. Резултатите ќе укажат и на степенот на корелација на независните варијабли кои во ова истражување се земени како можни фактори на влијание врз ставовите, и ставовите како зависна варијабла.

Како независни варијабли се земени:

1. место на постојано живеење;
2. национална припадност;
3. материјална состојба;
4. политичка припадност; и
5. постојани контакти и средби со припадници на силите во одбранбено - безбедносниот систем.

Иако во скалата се дадени пет степени на согласување со секој исказ, ставовите се групирани во две категории: позитивни и негативни. Испитаниците кои се согласуваат (сосема или делумно) со исказите кои упатуваат на позитивен став кон воената обврска, а не се согласуваат со исказите кои упатуваат на негативен став кон истата, категоризирани се во групата испитаници со позитивен став, и обратно.

## *2.2. Резултати од испитувањето на ставовите на младинците кон АРМ*

На скалата со која се испитувани ставовите на средношколците кон АРМ, резултатите покажуваат делумна позитивност на нивните ставови. Од вкупно 350 испитаници, 163 имаат позитивни ставови или процентуално тоа се 46,6%, а 187 испитаници или 53, 4% имаат негативни ставови кон АРМ. Може да се каже дека приближно половината од испитаниците успеале да изградат позитивен однос и мислења за Армијата.

Ќе го разгледаме најнапред степенот на согласување со секој од исказите во скалата за да видиме со кои искази има највисок степен на согласност.

1. Со исказот "АРМ е институција која одлично функционира",

- потполно се согласуваат 19%,
- делумно се согласуваат 27%,
- неопределени се 12%,
- делумно не се согласуваат 28%, а
- воопшто не се согласуваат 14%.



Она што може веднаш да се воочи од графиконот е настојувањето на испитаниците да ги одбегнуваат екстремните одговори т.е. сосема да се согласуваат или пак воопшто да не се согласуваат. Од тука 55% од одговорите се наоѓаат во средината во која согласувањето и несогласувањето не се целосни туку се ублажени со префиксот "делумно". Тоа значи дека според нив АРМ функционира доста добро, но не и одлично, како што е наведено во исказот. Но, може да значи и дека овие 55% од испитаниците, заедно со 12$^{те}$% неопределени, не се доволно информирани за функционирањето на АРМ па неможеле да се определат за конкретен одговор со кој јасно и прецизно би ја искажале својата согласност или несогласување со исказот. Сепак, 46% од испитаниците се согласуваат со исказот, што е приближно еднаков процент на испитаници со оние кои имаат позитивни ставови кои АРМ во конечните резултати. Порати тоа, сметам дека овој исказ најреално ги одликува ставовите на испитаниците кон армијата.

2. Со исказот "**Меѓучовечките односи во АРМ се на завидна висина**",

- потполно се согласуваат 14%,
- делумно се согласуваат 23%,
- неопределени се 32%,
- делумно не се согласуваат 24%, а
- воопшто не се согласуваат 7%.



Добрите меѓучовечки односи во секоја група, а посебно во воениот колектив, може многу да придонесат во јакнењето на групата и зголемувањето на мотивацијата за извршување на задачите. Но за да имаат јасна престава за тоа какви се меѓучовечките односи во АРМ, испитаниците треба да се вклучени или да биле вклучени во нејзините единици. Затоа, овде и не може да им се замери за непрецизните одговори, а исказот е даден само во функција на добивање сознанија за нивните претпоставки по овој исказ и споредба со останатите искази, бидејќи ставот кон некој процес или појава може да влијае на ставот кон сè што е поврзано со тој процес или појава без оглед на тоа дали личноста има доволно информации дека тоа е така или нема. И покрај претпоставката дека испитаниците не се доволно информирани за меѓучовечките односи во армијата, сепак 37% од нив се согласни со исказот и сметаат дека истите се добри. Доколку тие се вклучат во АРМ, сигурно дека ќе очекуваат добар однос и соработка со старешините и со своите колеги и нема да чувствуваат страв од новата средина во која владеат построги правила на однесување.

3. Со исказот "Во АРМ нема многу можности луѓето да ги остварат своите лични желби како во цивилниот живот",

- потполно се согласуваат 28%,
- делумно се согласуваат 33%,
- неопределени се 20%,
- делумно не се согласуваат 14%, а
- воопшто не се согласуваат 5%.



Овде испитаниците се многу попрецизни во одговорите и поголемиот дел од нив знае дека во воениот колектив личните желби на поединците се занемаруваат за сметка на она што е општествено корисно и значајно. Оние кои се свесни за ваквата противречност, а сепак имаат интерес да се вклучат во процесот на обука, ќе бидат многу повеќе мотивирани во тој процес да се докажат и да постигнат добри резултати. Но, за жал, поголемиот дел од денешната млада генерација повеќе ги вреднува личните желби и интереси одколку општествените. За да се промени ваквата ситуација, општеството, па и АРМ, треба да превземе мерки со кои би се поттикнале некои мотиви (како на пример, мотивот за сигурност, мотивот за лична афирмација, мотивот на љубопитност и други) со кои личните интереси би се доближиле до општествените.

4. Со исказот "АРМ е средина во која може да се афирмираат личните вредности на секој поединец",

- потполно се согласуваат 15%,
- делумно се согласуваат 23%,
- неопределени се 20%,
- делумно не се согласуваат 31%, а
- воопшто не се согласуваат 11%.



Мотивот за лична афирмација е многу значаен поттикнувач на поединецот за превземање на активности од тој правец. За жал, само 38% од испитаниците сметаат дека во Армијата би имале можности да го остварат овој мотив, што повторно укажува на потребата од превземање мерки кои би биле во функција на создавање можности овој мотив кај младите да влијае како поттикнувач за вклучувањето во професионалните единици. Професијата војник треба да биде повеќе вреднувана и призначена, со што и професионалните војници ќе бидат повеќе прифатени и вреднувани во општеството и во потесната средина, а ќе имаат и соодветна положба во него. Ова би бил голем поттик за младите да се вклучуваат во процесот на обуката и да имаат позитивни ставови кон АРМ. Основно и најзначајно е тие прво да бидат добро запознаени со својата улога и задачи во армијата како професионални војници, какво и колакво значење ќе има нивната дејност за општеството и граѓаните, колкави се можностите тие да ги покажат своите знаења и вредноста и истите да им овозможат напредување во службата и афирмација. Доколку не им се понудат вакви информации, тие нема ниту да добијат интерес за војничката професија, а видовме дека интересот за одреден објект е мошне голем поттикнувач на мотивацијата за бавење со тој објект. Откако интересот ќе се зголеми, многу значајно е да се превземат мерки за тој да се одржи подолго време, но и мерки со кои војникот професионалец навистина ќе може да ги афирмира своите лични вредности во армијата и да почувствува задоволство од работата.

5. Со исказот "За време на својот престој и служба во АРМ, луѓето ги уживаат истите права и слободи како и во цивилниот живот".

- потполно се согласуваат 33%,
- делумно се согласуваат 32%,
- неопределени се 12%,
- делумно не се согласуваат 16%, а
- воопшто не се согласуваат 7%.




Во текот на спроведувањето на ова истражување се покажа дека е неопходно на испитаниците да им се даде дополнително појаснување за овој и следниот исказ. Во овој исказ под права и слободи се подразбираат: правото на гласање, право на социјална и здравствена заштита и ред други граѓански права и слободи зацртани во Уставот на Република Македонија. Од резултатите се гледа дека разликите се воочени, па со овој исказ сосема или делумно се согласуваат 55% од испитаниците што е мошне позитивно, но не и доволно, бидејќи речиси половина од испитаниците сметаат дека со вклучувањето во АРМ ги губат своите граѓански права и слободи, или дел од нив.

6. Со исказот "Службата во Армијата ги ограничува човековите слободи",

- потполно се согласуваат 29%,
- делумно се согласуваат 35%,
- неопределени се 13%,
- делумно не се согласуваат 17%, а
- воопшто не се согласуваат 6%.




Во овој исказ под слободи се подразбираат слободата на движење за време на престојот во АРМ, политичко дејствување, слобода на изразувањето и слично. Нормално дека за време на борбената обука и престојот во единиците, некои слободи кои се неспорни во цивилниот живот, се скратуваат и намалуваат. Припадниците на АРМ не може кога сакаат да ја напуштат единицата, должни се да ги чуваат воените тајни и не може да вршат други дејности, посебно не политички. Од тој аспект, резултатите од овој исказ се очекувани и не укажуваат на негативен став кон АРМ, туку за реален и свесен став изграден врз основа на сознанијата кои ги имаат испитаниците за АРМ.

Ограничувањето на слободите, на пример слободата на двиење, нема многу да влијае на нивните ставови кои армијата, доколку сметаат дека може да ги остварат другите мотиви кои за нив се значајни и вредни (мотивот за материјална сигурност, мотивот за лична афирмација и слично).

7. Со исказот "Во нашата Армија грижата за здравјето на луѓето е на завидна висина",

- потполно се согласуваат 12%,
- делумно се согласуваат 25%,
- неопределени се 30%,
- делумно не се согласуваат 22%, а
- воопшто не се согласуваат 11%.




Очигледно е дека испитаниците не се согласуваат многу со овој исказ, но има и многу неопределени (30%) за кои е јасно дека немаат сознание за ова прашање поради што и немаат сопствено мислење за него. Сепак, добро е тоа што процентот на испитаници кои го мислат сосема спротивното и воопшто не се согласуваат со овој исказ е мал (11%), па може да се каже дека интензитетот на ставовите кон овој исказ е среден, т.е. ниту се многу позитивни, ниту се многу негативни. Во контекстот на ова би сакала да напоменам дека исклучителна важност е младите да бидат сигурни во тоа дека доколку нивното здравје биде нарушено за време на престојот во армијата, надлежните органи ќе ги превземат сите мерки за нивно навремено згрижување и дека ќе добијат нега и лекување какво што му доликува на човекот во ера на модерна и напредната медицина. Само така ќе се чувствуваат сигурни и заштитени во војничките колективи, а мотивот за сигурност нема да дејствува негативно на нивните ставови кон армијата.

8. Со исказот "Армиската средина е место каде луѓето најдобро може да ги изразат своите способности",

- потполно се согласуваат 15%,
- делумно се согласуваат 25%,
- неопределени се 19%,
- делумно не се согласуваат 27%, а
- воопшто не се согласуваат 14%.




Овој исказ е поврзан со мотивот за самоактуелизација кој е многу значаен во мотивацијата за војничката професија. Поединците кај кои овој мотив е развиен и има приоритет, избираат професии во кои може да ги реализираат своите интелектуални и други потенцијали, и во кои нивните способности ќе дојдат до израз. Од резултатите се гледа дека само 15% од испитаниците се сигурни дека Армиската средина нуди можности за реализирање на овој мотив, а само 14% се сигурни во спротивното. Останатите 71% се некаде во средината и нивните ставови се послабо изразени во двете насоки. Сепак, 40% од испитаниците се согласуваат со исказот и веруваат, или се надеваат, дека доколку некој располага со одредени способности (физички, интелектуални, моторни и сл.) има можност истите да ги изрази во армиската средина во која функционираат различни струки, специјалности и профили. Во таква средина, голема е веројатноста дека многу луѓе може да се порнајдат себе си и да се докажат преку работата.

9. Со исказот "Во нашата Армија многу малку се води грижа за безбедноста на луѓето",

- потполно се согласуваат 26%,
- делумно се согласуваат 28%,
- неопределени се 18%,
- делумно не се согласуваат 18%, а
- воопшто не се согласуваат 10%.




Чувството на безбедност во одредена средина е поврзано со мотивот за сигурност, и тоа социјална и психолошка сигурност, која има големо влијание врз формирањето на ставовите кон појави и процеси поврзани со таа средина. Доколку поединецот смета дека е безбеден во армиската средина, мотивот за сигурност ќе се реализира и тој ќе биде помотивиран да остане во таа средина и успешно да делува. Во спротивно, ќе настојува да ја одбегнува армиската средина, бидејќи ќе ја чувствува како закана за неговата безбедност. Од графиконот се гледа дека 54% од испитаниците сосема или делумно се согласуваат со овој исказ, а 29% делумно или воопшто не се согласуваат со него. Тие 54% не би се чувствувале безбедни во армиската средина, поради што мотивот за сигурност кај нив би влијаел во негативна насока врз мотивираноста за вклучување во вооружените сили.

10. Со исказот "Нашата армија нема доволно сили и средства со кои би можела да ја одбрани државата од агресија",

- потполно се согласуваат 28%,
- делумно се согласуваат 27%,
- неопределени се 14%,
- делумно не се согласуваат 18%, а
- воопшто не се согласуваат 13%.




Согласноста на испитаниците со овој исказ е доста голема, што укажува на тоа дека тие не се сигурни во можностите на АРМ да ги остварува задачите за кои е формирана, во прв ред одбрана на земјата од агресија. Само 13% од нив сметаат (без двоумење) дека АРМ има доволно сили и средства да ја одбрани државата и веруваат во нејзините можности. Недовербата во Армијата има негативен одраз врз ставовите кон неа, бидејќи гради индиферентен однос и ја намалува мотивираноста на младите за вклучување во процесот на обуката. Затоа, прв и основен услов во зголемувањето на мотивираноста, треба да биде градењето на довербата и верувањето во можностите на АРМ да ги исполнува своите задачи и цели. Довербата е тесно поврзана со мотивот на сигурност, па доколку изостане, овој мотив (кој е развиен и има приоритетно значење кај сите луѓе, а посебно кај младите) ќе дејствува негативно на нивната мотивација за вклучување во вооружените сили.

11. Со исказот "АРМ е доволно моќна но меѓународниот фактор не дозволува нејзината моќ и ефикасност да дојде до целосен израз",

- потполно се согласуваат 22%,
- делумно се согласуваат 21%,
- неопределени се 17%,
- делумно не се согласуваат 13%, а
- воопшто не се согласуваат 27%.




Овој исказ е повеќе во функција на претходниот, но во спротивна насока, т.е. тврди дека АРМ е моќна и може да ја одбрани државата од агресија, но меѓународната заедница дејствува како кочница кога таа треба да ја покаже својата моќ и ефикасност. Исказот не е случајно вака дефиниран, бидејќи долго време конфликтот во Република Македонија во 2001 година меѓу народот постоеше вакво мислење. Од резултатите се гледа дека сеуште добар процент од луѓето имаат таков став, на што укажува и процентот на испитаници кои се согласуваат (сосема или делумно) со овој исказ – 43%. Сметам дека причина за тоа е недоволната и погрешна информираност на граѓаните, а последица од тоа може да бидат негативните ставови кон АРМ, посебно на младата популација.

12. Со исказот "Само професионална армија може да биде доволно ефикасна во зачувувањето на мирот и безбедноста на државата",

- потполно се согласуваат 40%,
- делумно се согласуваат 28%,
- неопределени се 10%,
- делумно не се согласуваат 12%, а
- воопшто не се согласуваат 10%.




Веднаш може да се воочи дека согласноста на испитаниците со овој исказ е најголема и 68% од нив се согласуваат со тоа дека само професионална армија може да биде доволно ефикасна. Сличен исказ имаше и во претходната скала и степените на согласност се речиси идентични, со тоа што овде се малку повисоки. Ова е мошне позитивно и корисно, бидејќи Република Македонија за многу кратко време ќе има чисто професионална Армија, па добро е да се знае дека граѓаните имаат позитивен став кон така дефинирана воена организација.

13. Со исказот "Државата не води доволно грижа за задоволување на потребите и интересите на луѓето во Армијата",

- потполно се согласуваат 27%,
- делумно се согласуваат 34%,
- неопределени се 24%,
- делумно не се согласуваат 9%, а
- воопшто не се согласуваат 6%.




За разлика од претходниот исказ, овде високата согласност на испитаниците треба да биде аларм за некои субјекти во државата кои треба да превземат мерки со кои повеќе би се водела грижа околу задоволувањето на потребите и интересите на припадниците на АРМ, со што би се создала можност полесно да ги реализираат мотивите кои повисоко ги вреднуваат. На тој начин, ќе се чувствуваат посигурни, а ќе имаат и чувство на поголема вредност кое ќе ја зголеми нивната мотивираност за извршување на задачите и активностите во рамките на Армијата и нејзините подготовки за вооружена борба. Задоволувањето на потребите и интересите на луѓето во Армијата овозможува тие да бидат релаксирани и целата своја енергија, можности и знаења да ги насочат во правец на постигнување врвни резултати во процесот на обуката. Во спротивно, нивното незадоволство ќе најде одраз во мотивираноста за успешно извршување на бројните задачи во тој процес.

14. Со исказот "Во АРМ има висок борбен морал и желба за добро борбено оспособување за одбрана на државата",

- потполно се согласуваат 15%,
- делумно се согласуваат 21%,
- неопределени се 20%,
- делумно не се согласуваат 25%, а
- воопшто не се согласуваат 19%.




Од резултатие се гледа дека само 36% од испитаниците сметаат дека мотивираноста на припадниците на Армијата за борбено оспособување е висока. Ова би било алармантно во ситуација кога АРМ не би се движела во правец на професионализација. Но, со оглед на тоа што целосната професионализација на вооружените сили е веќе реалност, ќе се намалат и проблемите поврзани со мотивацијата на војниците во процесот на обуката, но нема и да исчезнат, бидејќи проблемот на немотивираност постои и во професионалните армии. Поради тоа, надлежните субјекти треба постојано да работат на зголемувањето на мотивацијата кај војниците, а со правилно, навремено и точно информирање на младата популација за целите и задачите на АРМ, процесот на обуката и условите на службата во единиците, да придонесат во подобрувањето на мотивираноста за доброволно вклучување на младите во Армијата.

15. Со исказот "АРМ е единствена институција во која нема мито, корупција и други негативни појави кои станаа вообичаени во нашето општество",

- потполно се согласуваат 29%,
- делумно се согласуваат 20%,
- неопределени се 24%,
- делумно не се согласуваат 15%, а
- воопшто не се согласуваат 12%.




Митото и корупцијата се навлезени во сите сегменти на општеството и многу тешко се искоренуваат. Тие се пречка за развојот на државата и нејзиниот просперитет, но исто така и за влез во Европската Унија и НАТО за што се залага нашата земја. Овие негативни појави многу ја погодуваат младата генерација која развивајќи се во таква социјална средина гради негативни ставови кон институциите на општеството. Иако процентот на испитаници кои сметаат дека во АРМ има мито и корупција (27%) не е голем, сепак треба да се превземат мерки да се искоренат сите негативни појави во Армиската средина, бидејќи тие одбивачки ќе дејствуваат на младите и нивното вклучување во вооружените сили, посебно сега кога треба доброволно да се пријавувваат за служба во Армијата.

Она што веднаш паѓа во очи при анализата на резултатите од исказите во скалата, е воедначеноста на степеност на согласување кај поголемиот број искази. Најголем степен на согласност имаат исказите:

- За време на својот престој и служба во АРМ, луѓето ги уживаат истите права и слободи како и во цивилниот живот, 65%;
- Само професионална армија може да биде доволно ефикасна во зачувување на мирот и безбедноста на државата, 68%;
- АРМ е единствена институција во која нема мито, корупција и други негативни појави кои станаа вообичаени во нашето општество, 49%;

но и исказите дека:

- Државата не води доволно грижа за задоволување на потребите и интересите на луѓето во Армијата, 61%;
- Во нашата Армија малку се води грижа за безбедноста на луѓето, 54%;
- Службата во Армијата ги ограничува човековите слободи, 64%; и
- Во АРМ нема многу можности луѓето да ги остваруваат своите лични желби како во цивилниот живот, 61%.

Најмала согласнсот има со исказите дека:

- Во АРМ има висок борбен морал и желба за добро борбено оспособување за одбрана на државата, 36%;
- Меѓучовечките односи во АРМ се на завидна висина, 37%; и
- Во нашата Армија грижата за здравјето на луѓето е на завидна висина.

што зборува за негативност на нивните ставови кон овие прашања.

Мал е бројот на испитаници кои искажале целосна согласност и целосна несогласност со исказите, а причина за тоа е слабата информираност за начинот на функционирањето на АРМ и нејзините задачи.

Анализата на поврзаноста на варијаблите покажа, дека независните варијабли, како фактори за кои се претпоставуваше дека имаат влијание врз ставовите на АРМ, не влијаат или многу малку влијаат врз ставовите кон АРМ. Регионалното потекло и политичката припадност немаат влијание врз ставовите кон АРМ. Хи – квадратот не е значаен, па и коефициентот на корелација е 0.

| | | | став кон АРМ - просек | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | негативен | позитивен | ВКУПНО |
| **место на постојано Живеење** | град | Број | 145 | 132 | 277 |
| | | % | 0,5 | 0,5 | 1,0 |
| | село | Број | 42 | 31 | 73 |
| | | % | 0,6 | 0,4 | 1,0 |
| | ВКУПНО | Број | 187 | 163 | 350 |
| | | % | 0,5 | 0,5 | 1,0 |

| | | | став кон АРМ - просек | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | негативен | позитивен | ВКУПНО |
| **дали сте член на некоја политичка партија** | да | Број | 30 | 31 | 61 |
| | | % | 0,5 | 0,5 | 1,0 |
| | не | Број | 157 | 132 | 289 |
| | | % | 0,5 | 0,5 | 1,0 |
| | ВКУПНО | Број | 187 | 163 | 350 |
| | | % | 0,5 | 0,5 | 1,0 |

Националната припаднсот има одредено влијание врз ставовите кон АРМ, но тоа влијание е незначително бидејќи коефициентот на корелација изнесува 0,16.

| | став кон АРМ - просек | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | негативен | позитивен | ВКУПНО |
| **национална припадност** | македонец | Број | 122 | 125 | 247 |
| | | % | 0,5 | 0,5 | 1,0 |
| | албанец | Број | 30 | 15 | 45 |
| | | % | 0,7 | 0,3 | 1,0 |
| | србин | Број | 6 | 8 | 14 |
| | | % | 0,4 | 0,6 | 1,0 |
| | турчин | Број | 9 | 5 | 14 |
| | | % | 0,6 | 0,4 | 1,0 |
| | ром | Број | 3 | 3 | 6 |
| | | % | 0,5 | 0,5 | 1,0 |
| | влав | Број | 5 | 1 | 6 |
| | | % | 0,8 | 0,2 | 1,0 |
| | друг | Број | 12 | 6 | 18 |
| | | % | 0,7 | 0,3 | 1,0 |
| | ВКУПНО | Број | 187 | 163 | 350 |
| | | % | 0,5 | 0,5 | 1,0 |

Материјалната положба на испитаниците исто така има незначително влијание врз нивните ставови кон АРМ, а коефициентот на корелација изнесува 0,159. Негативните ставови се најизразени во првата категорија, за потоа постепено да се изедначат со позитивните, во наредните категории.

| | став кон АРМ - просек | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | негативен | позитивен | ВКУПНО |
| **вкупни месечни приходи во семејството** | до 5.000 денари | Број | 20 | 7 | 27 |
| | | % | 0,7 | 0,3 | 1,0 |
| | од 5.001 до 10.000 денари | Број | 31 | 25 | 56 |
| | | % | 0,6 | 0,4 | 1,0 |
| | од 10001 до 10.000 денари | Број | 32 | 38 | 70 |
| | | % | 0,5 | 0,5 | 1,0 |
| | од 15.001 до 20.000 денари | Број | 29 | 34 | 63 |
| | | % | 0,5 | 0,5 | 1,0 |
| | од 20.001 до 30.000 денари | Број | 39 | 35 | 74 |
| | | % | 0,5 | 0,5 | 1,0 |
| | од 30.001 до 50.000 денари | Број | 19 | 11 | 30 |
| | | % | 0,6 | 0,4 | 1,0 |
| | над 50.000 денари | Број | 17 | 13 | 30 |
| | | % | 0,6 | 0,4 | 1,0 |
| | ВКУПНО | Број | 187 | 163 | 350 |
| | | % | 0,5 | 0,5 | 1,0 |

Анализата покажа дека информираноста за која се претпоставуваше дека е поголема кај испитаниците кои имаат членови во семејството вработени во АРМ или безбедносните сили, има одредено влијание, бидејќи Хи – квадратот = 21,25 е значаен на ниво 0,01. Сепак пресметаниот коефициент на контингенција изнесува 0,1, што укажува на незначителна поврзаност меѓу овие две варијабли. Можеби поврзаноста ќе беше многу поголема, да имаше повеќе испитаници во примерокот кои имаат вработени членови од семејството во АРМ или полицијата, но во примерокот се најдоа само 79 испитаници кои го задоволуваа овој услов.

## *2.3. Резултати од испитувањето на ставовите на младинците кон војничката професија*

Мотивацијата за војничка професија подразбира желба (формирана со искуство и учење) во услови на слободно бирање и одлучување за одредена професија да се избере војничката и доследно и концентрирано да се превземат активности за оспособување за тој позив.

Мотивацијата за војничка професија се манифестира со пријавување во професионална единица првенствено под влијание на личната подобност и желба активно прилагодување на условите на борбена обука, успешна реализација на интелектуалните и физичките потенцијали во тек на обуката и оспособувањето, и доследно извршување на сите дејности и задачи во единицата поврзани со војничка професија.

Од испитуваните ставови во ова истражување со најголема негативност се ставовите на средношколците кон војничката професија, или, поточно, кон нивното ангажирање во професионалните единици во АРМ. Резултатите добиени во првиот дел на анкетниот лист каде 23% од испитаниците одговориле дека би се одлучиле за војничка професија. Иако, во претходните две скали имаше по еден исказ кој упатува на нивниот став кон професионалните армии, на истите тие искази испитаниците покажаа (во најголем процент) позитивен став кон професионалните армии, сепак 79,7% од испитаниците имаат негативни ставови, а само 20,3% имаат позитивни ставови

кон војничката професија. Според тоа, иако поголемиот дел од испитаниците сметаат дека професионалната армија е најоптимално решение во изборот на модел на воена организација за Република Македонија, истите не би ја избрале војничката професија. За да ја разјасниме оваа дилема, ќе ги разгледаме најнапред резултатите добиени од согласувањето на испитаниците со секој исказ посебно.

1. Со исказот " На моите лични способности и интереси најмногу им одговара војничката професија",

- сосема се согласуваат 30%,
- делумно се согласуваат 17%,
- неопределени се 22%,
- делумно не се согласуваат 20%, а
- воопшто не се согласуваат 11%.




Речиси половина од испитаниците сметаат дека имаат способности и интерес за војничката професија, што значи дека големиот процент на негативни ставови кон истата не произлегува од несогласувањето со овој исказ, туку во прашање е друга причина. Интересот на младите за војничката професија не е толку мал, но се чини дека не е пресуден фактор при одлучувањето на изборот на истата. Тука имаат влијание и други фактори, но

пред сè можностите на младите да ги реализираат мотивите кои се од поголемо значење за нив.

2. Со исказот "Би ја одбрал војничката професија затоа што содржински е исполнета со многу интересни активности",

- сосема се согласуваат 27%,
- делумно се согласуваат 22%,
- неопределени се 12%,
- делумно не се согласуваат 23%, а
- воопшто не се согласуваат 16%.




Степенот на согласување и со овој исказ е идентичен со претходниот со што се потврдува констатацијата дека за речиси половина од испитаниците војничката професија е интересна и привлечна. Интересот, секако произлегува од сознанието дека содржината на активностите кои се карактеристични за војничката професија е сосема поинаква и различна од содржината на сите други професии. Бидејќи интересот на младите е насочен кон нешто ново и непознато за нив, тие се секогаш подготвени да истражуваат за да го задоволат својот интерес. Подготвеноста за тоа ќе биде уште поголема доколку младите имаат чувство дека таа работа е високо вреднувана

од страна на општеството и дека во неа ќе може да се докажат себеси и своите квалитети.

3. Со исказот "Работата во Армијата не е само занимање со кое се обезбедува егзистенција, туку е и посебна чест за секој млад човек"

- сосема се согласуваат 13%,
- делумно се согласуваат 13%,
- неопределени се 17%,
- делумно не се согласуваат 30%, а
- воопшто не се согласуваат 27%.




Очигледно е дека, и покрај тоа што војничката професија е интересна, младите не ја вреднуваат многу бидејќи само 26% од испитаниците сметаат дека е чест за нив да се бават со оваа професја. Оваа бројка е многу поблиску до бројката која ги отсликува вкупните резултати од ставовите кон војничката професија, каде само 20.3% од испитаниците имаат позитивни ставови кон неа.

Војничката професија за младите е само уште една професија меѓу сите други, која е интересна, но не е на врвот на листата на вреднување на професиите. Покрај тоа, младите во Република македонија кои го сочинуваат изворот за пополнување на единиците на АРМ, сеуште немаат навика за дејноста војник да размислуваат како за професија и ја поистоветуваат со

служењето на воениот рок. Потребно е време, но и превземање мерки од страна на надлежните органи за точно и целосно информирање и изградување на свесен и позитивен однос кај младите кон војничката професија. На младите им се потребни и искуства пренесени од луѓе кои веќе сè или биле професионални војници во армијата, за да се навикнат на оваа професија да гледаат како секоја друга професија во која ќе може да се докажат, да обезбедат животна егзистенција и да напредуваат. Дури тогаш таа ќе се искачи на листата на вреднување на професиите.

4. Со исказот " **Војничкиот позив има висок углед во општеството**",

- сосема се согласуваат 15%,
- делумно се согласуваат 19%,
- неопределени се 17%,
- делумно не се согласуваат 30%, а
- воопшто не се согласуваат 19%.




Резултатите од овој исказ се доказ дека младите не ја вреднуваат многу војничката професија бидејќи половина од испитаниците сметаат дека таа нема висок углед во општеството. За да се зголеми угледот на војничката професија, треба прво да се зголеми нејзиното вреднување од страна на државата со превземање на мерки кои ќе бидат во функција на зголемување на животниот стандард на професионалните војници, подобрување на

условите за живот и работа, создавање можности за реализација на нивните потреби и интереси во војничките колективи и слично. Со тоа, таа ќе стане поатрактивна за младите и повисоко ќе ја вреднуваат.

5. Со исказот "Војничкиот позив ме привлекува бидејќи нуди можности за напредување",

- сосема се согласуваат 23%,
- делумно се согласуваат 21%,
- неопределени се 17%,
- делумно не се согласуваат 25%, а
- воопшто не се согласуваат 14%.




Можностите да напредуваат во работата им овозможуваат на луѓето да го реализираат мотивот за самоактуелизација. Бидејќи младите кај кои е развиен овој мотив сакаат да создаваат и да се докажуваат преку работата, можноста за напредување многу би влијаела на нивните одлуки околу изборот на војничката професија. Степенот на согласност со овој исказ е доста воедначен, бидејќи 44% од испитаниците (во целост или делумно) сметаат дека војничката професија нуди можности за напредување, а 39% не се согласуваат (делумно или воопшто) со исказот.

6. Со исказот "Во вакви социјално – економски услови, војничката професија може да ни го реши прашањето за вработување",

- сосема се согласуваат 21%,
- делумно се согласуваат 21%,
- неопределени се 17%,
- делумно не се согласуваат 26%, а
- воопшто не се согласуваат 15%.




Младите се соочени со проблемот на невработеноста и разбирливо е тоа што дел од нив за да го решат прашањето за вработување, би се одлучиле за војничката професија. Сепак, само 21%од испитаниците се сосема согласни дека тоа би можела да биде нивна постојана професија и дека со неа би го решиле прашањето за вработување. Тоа значи дека поголемиот дел од младите кои би се одлучиле за војничката професија, тоа би го работеле само привремено, додека не најдат можности за друго вработување.

7. Со исказот "Војничкиот позив ја намалува личната слобода",

- сосема се согласуваат 28%,
- делумно се согласуваат 27%,
- неопределени се 17%,
- делумно не се согласуваат 18%, а
- воопшто не се согласуваат 10%.




Овој исказ веќе фигурираше во скалата за ставови кон АРМ. Овде е повторно даден за да се види дали степенот на согласување со него ќе се повтори, што е во функција на проверката на постојаноста на инструментот преку проверка на постојаноста на согласувањето со некои искази. Степенот на согласност е речиси идентичен со согласноста во исказот во претходната скала, што значи дека поголемиот дел од испитаниците навистина се согласни со тоа дека војничката професија ќе ја намали нивната лична слобода.

8. Со исказот "Работата во Армијта не е привлечна, бидејќи од човекот се бара постојано психичко и физичко напрегање",

- сосема се согласуваат 22%,
- делумно се согласуваат 26%,
- неопределени се 14%,
- делумно не се согласуваат 22%, а
- воопшто не се согласуваат 16%.




Постојаното психичко и физичко напрегање и активност е карактеристика на војничката професија која ја намалува привлечноста кај младите за неа. Дел од испитаниците кои веќе се изјасниле дека оваа професија е интересна за нив, овде се согласуваат со тоа дека поради постојаниот напор и работа, таа не е привлечна. Само кај 16% од испитаниците таа останува привлечна и покрај оваа карактеристика. Ова ја потврдува констатацијата во теоретската анализа, каде веќе е кажано дека младите повеќе ги вреднуваат професиите кои им овозможуваат побрза и полесна заработувачка и дека во нивниот систем за вредности работата како психичко и физичко напрегање не завзема високо место.

9. Со исказот "Најголем број од оние кои се вклучуваат во професионалните единици, го прават тоа поради паричните примања и обезбедувањето на својата егзистенција",

- сосема се согласуваат 37%,
- делумно се согласуваат 28%,
- неопределени се 19%,
- делумно не се согласуваат 9%, а
- воопшто не се согласуваат 7%.




Во оваа скала, најголема е согласноста со овој исказ. Бидејќи добар дел од испитаниците (64%) сметаат дека во војничката професија клучно е реализирањето на мотивот за материјална сигурност, може да се претпостави дека и тие би ја одбрале професијата само доколку не најдат друга можност за да го остварат овој мотив, кој мора да признаеме е клучен мотив во секоја професија. Сепак, војничката професија е карактеристична по поизразените физички и психички напрегања и активности кои бараат постојана работа, па мотивот за материјална сигурност секако ќе биде клучен при и зборот на оваа професија, бидејќи веќе видовме дека младите таквата работа не ја вреднуваат многу. Можноста за реализирање на овој мотив можеби ќе биде доволен поттик на младите да се одлучат за војничката професија, но нема да биде доволен за нивната мотивираност во извршувањето на задачите, доколку нема услови за реализирање и на други значајни за нив мотиви.

10. Со исказот "Не би се одлучил да бидам професионален војник затоа што таа професија е исполнета со многу ризик и опасности",

- сосема се согласуваат 25%,
- делумно се согласуваат 30%,
- неопределени се 14%,
- делумно не се согласуваат 19%, а
- воопшто не се согласуваат 12%.




55% од испитаниците не би ја одбрале војничката професија затоа што сметаат дека е ризична и опасна, што значи дека младите (поголем дел од нив) повеќе преферираат професии во кои ќе се чувствуваат релаксирано и безбедно. Со тоа повторно се докажа веќе констатираното во некои искази од претходните скали, дека за младите многу е значајно да го реализираат мотивот за сигурност (не само материјална, туку и социјална и психолошка). Само 12% од испитаниците сметаат дека војничката професија не е ризична и опасна или би ја прифатиле и покрај тоа.

11. Со исказот "Немам никакви афинитети кон војничката професија, бидејќи таа за мене не е воопшто интересна",

- сосема се согласуваат 25%,
- делумно се согласуваат 18%,
- неопределени се 21%,
- делумно не се согласуваат 16%, а
- воопшто не се согласуваат 20%.




Ако во првите искази, речиси половина од испитаниците се изјасниле дека војничката професија е интересна, овде само 20% без двоумење сметаат дека имаат афинитети кон неа поради тоа што е интересна. Тоа значи дека останатите 30% и покрај тоа што војничката професија ја сметаат за интересна, лично не чуствуваат афинитети кон неа и не би ја одбрале. Ова е потврда за констатацијата дека интересот не е клучен во изборот на војничката професија, бидејќи многу други фактори влијаат на тоа да неговиот интензитет се намалува кога ќе се земат во предвид истите. Овие 20% кои не се согласуваат со исказот се испитаниците кои имааат позитивни ставови кон војничката професија и би ја одбрале најмногу поради тоа што за нив е навистина интересна и привлечна.

12. Со исказот "Поради големата дисциплина и организираност во воените колективи, чувствувам одбивност кон војничката профеcја",

- сосема се согласуваат 19%,
- делумно се согласуваат 21%,
- неопределени се 18%,
- делумно не се согласуваат 19%, а
- воопшто не се согласуваат 23%.




Дисциплината и организираноста во воените колективи е причина за чувството на одбивност кон војничката професија кај 40% од испитаниците, но сепак само 19% од нив се потполно сигурни во тоа чувство, а 21% делумно се согласуваат со исказот. Воопшто не се согласуваат 23% од испитаниците и за нив е повеќе од јасно дека не чувствуваат одбивност кон оваа професијаи би се вклучиле во процесот на обуката не само за да го остварат мотивот за материјална сигурност, туку и други мотиви.

И кај степенот на согласување на испитаниците со исказите од оваа скала се забележува извесна дисперзивност, но тие повеќе се движат во оној дел од скалата со кој се изразуваат негативни ставови кон војничката професија. Во најголем процент испитаниците одбегнуваат да даваат најголема согласност со исказите, но мошне мал процент од нив се определува и за најниската согласност со исказите. Најголема согласност имаме со исказите:

- Војничкиот позив ја намалува личната слобода, 55%;
- Не би се одлучил да бидам професионален војник, затоа што таа професија е исполнета со многу ризик и опасности, 55%; и
- Најголем број од оние кои се вклучуваат во професионалните единици, го прават тоа поради паричните примања и обезбедувањето на својата егзистенција, 64%.

Најмала согласност има со исказите:

- Работата во Армијата не е само занимање со кое се обезбедува егзистенција, туку е и посебна чест за секој млад човек, 26%, и
- Војничкиот позив има висок углед во општеството, 34%.

Сите наведени искази упатуваат на негативен став кон војничката професија. Мотиви кои преовладуваат во овие искази се: мотивот за самостојност и мотивот за сигурност (социјална и материјална). Меѓутоа, овие мотиви не дејствуваат кај испитаниците како двигатели кои би ја придвижиле нивната активност кон вклучување во вооружените сили, туку обратно. Единствено материјалната сигурност би можела да влијае како мотив во позитивен правец (да се определат за војничката професија), меѓутоа социјалната сигурност за нив има поголемо значење, затоа што 55% од испитаниците сметаат дека војничката професија е исполнета со многу ризици и опасности, кои тие не ги прифаќаат. Исто така, само 26% од испитаниците сметаат дека војничката проферсија е чест за секој млад човек, а само 34% високо ја вреднуваат и сметаат дека има висок углед во општеството. Според тоа, иако најголем процент од испитаниците се држеле до средниот степен на согласување (делумно се согласуваат и делумно не се согласуваат или се неопределени), сепак крајните резултати покажуваат дека само 20,2% од нив имаат позитивни ставови кон војничката професија, а само 27% се согласуваат дека е привлечна и интересна.

Со оглед на резултатите од испитувањето на ставовите на младата популација кон војничката професија и нејзината слаба мотивираност да се определи за истата, во наредниот период не може да се очекува поголем прилив на кандидати за оваа професија. За професионалните армии, многу е значајно да се обезбеди посакуваниот квантитет на кандидати – доброволци, за да се обезбеди и посакуваниот квалитет во процесот на селекцијата на кандидатите. Во спротивно, АРМ ќе биде во ситуација кога ќе биде принудена да ги прима сите кандидати без оглед на нивниот квалитет, што негативно би се одразило на квалитетот на човечкиот фактор во вооружените сили. Затоа, мора да се води сметка, општеството и АРМ да превземат мерки со кои младата популација би имала попозитивни ставови кон Армијата на Република Македонија и војничката професија, и да се поттикнат некои

мотиви кои се значајни за изградување на позитивна мотивација кај младите за вклучување во вооружените сили.

На мотивацијата за работа и одлично борбено оспособување на војниците во воените колективи, многу може да влијае квалитетот на животот и работата во самите колективи. Првите впечатоци на младите војници, по влегувањето во воените колективи, се поврзани со објектот во кој се сместуваат, изгледот на просториите, условите за живот и работа во нив, облеката и храната која им се нуди, како и изгледот на касарната или тренинг-центарот во кој се сместени. Односот на надлежните лица за нивниот прием и сместување кон нив, како и првиот контакт со старешините, исто така остава голем впечаток и може трајно или долго време да влијае на мотивацијата. Но ова не останува само во колективот, туку како искуство се пренесува на младите цивили кои кон Армијата и војничката професија ќе изградат ставови соодветни на искуствата на нивните роднини и пријатели во единиците. Ако на ова се додаде и значењето кое го има квалитетот на оружјето и опремата со кои се остварува обуката, тогаш сигурно е дека квалитетот на животот и работата во воените колективи е фактор кој може значително да ја зголеми или намали мотивацијата на младите за вклучување во вооружените сили.

Ограничувањето на личната слобода и постојаните психо-физички напрегања се карактеристика на војничката професија, а според резултатите на истражувањето тие најнегативно влијаат на мотивацијата за оваа професија. Ваквата негативност може да се компензира со други поволности на професијата кои позитивно ќе влијаат на мотивацијата. Меѓу нив секако се солидните плати и развивање на широка лепеза на бенефиции за припадниците на вооружените сили (комплетна здравствена грижа, животно осигурување, платен одмор, пензија, инвалидска пензија во случај на повреда, финансиско обезбедување на семејството во случај на смрт и слично). Војските на некои западно-европски држави и на САД, нудат бенефиции за својот персонал, во некои случаи дури и поголеми од оние во цивилниот сектор. Со тоа неповолностите на војничката професија се минимизираат во споредба со поволностите дадени со бенефициите и можноста за реализирање на мотивот на сигурност се зголемува.

Луѓето тежнеат да создаваат и при тоа да ги покажат своите интелектуални и други потенцијали, да напредуваат во службата, да се докажат и да имаат одредена положба во општеството. Затоа е потребно да се превземаат сите можни мерки, во војничката професија младите да добијат можност да ги реализираат овие свои мотиви, со што на неа ќе гледаат како на секоја друга атрактивна професија со можности за напредување и лична афирмација.

Информирањето на младите за можностите кои им ги нуди војничката професија, нејзиното значење за нацијата и државата, запознавањето со елементи од војничкиот живот и слично, исто така има големо значење за зголемувањето на интересот и мотивираноста за војничката професија. За професионалните армии се карактеристични и кампањите и пропагандните активности преку сите медиуми со што актерите настојуваат да ги поттикнат патриотските чувства кај младите.

Пароліте од типот: "Една армија, еден тим, една визија"! "Бидете со најдобрите"! и слично, може многу да придонесат за зголемување на мотивираноста за војничката професија. Поради тоа, сознанието дека споменатите фактори може да ја зголемат мотивацијата не смее да се занемари, туку континуирано да се превземаат мерки и активности на тој план. Армијата не смее да се доведе до ситуација во која ќе нема доволен број кандидати за доброволна служба. Реагирањето на надлежните и одговорни служби треба да биде навремено, планско и организирано, а не задоцнето и неефикасно.

Од факторите кои во истражувањето се земени како независни варијабли, единствено регионалното потекло, националната припадност и материјалната положба се поврзани и остваруваат незначително влијание врз ставовите кон војничката професија.

| | став кон професионалната ангажираност-просек | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | негативен | позитивен | ВКУПНО |
| место на постојано Живеење | град | Број | 224 | 53 | 277 |
| | | % | 0,8 | 0,2 | 1,0 |
| | село | Број | 55 | 18 | 73 |
| | | % | 0,8 | 0,2 | 1,0 |
| | ВКУПНО | Број | 279 | 71 | 350 |
| | | % | 0,8 | 0,2 | 1,0 |

| | став кон професионалната ангажираност-просек | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| национална припадност | | | негативен | позитивен | ВКУПНО |
| | македонец | Број | 195 | 52 | 247 |
| | | % | 0,8 | 0,2 | 1,0 |
| | албанец | Број | 39 | 6 | 45 |
| | | % | 0,9 | 0,1 | 1,0 |
| | србин | Број | 10 | 4 | 14 |
| | | % | 0,7 | 0,3 | 1,0 |
| | турчин | Број | 12 | 2 | 14 |
| | | % | 0,9 | 0,1 | 1,0 |
| | ром | Број | 4 | 2 | 6 |
| | | % | 0,7 | 0,3 | 1,0 |
| | влав | Број | 4 | 2 | 6 |
| | | % | 0,7 | 0,3 | 1,0 |
| | друг | Број | 15 | 3 | 18 |
| | | % | 0,8 | 0,2 | 1,0 |
| | ВКУПНО | Број | 279 | 71 | 350 |
| | | % | 0,8 | 0,2 | 1,0 |

| | став кон професионалната ангажираност-просек | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| вкупни месечни приходи во семејството | | | негативен | позитивен | ВКУПНО |
| | до 5.000 денари | Број | 25 | 2 | 27 |
| | | % | 0,9 | 0,1 | 1,0 |
| | од 5.001 до 10.000 денари | Број | 44 | 12 | 56 |
| | | % | 0,8 | 0,2 | 1,0 |
| | од 10001 до 10.000 денари | Број | 52 | 18 | 70 |
| | | % | 0,7 | 0,3 | 1,0 |
| | од 15.001 до 20.000 денари | Број | 53 | 10 | 63 |
| | | % | 0,8 | 0,2 | 1,0 |
| | од 20.001 до 30.000 денари | Број | 56 | 18 | 74 |
| | | % | 0,8 | 0,2 | 1,0 |
| | од 30.001 до 50.000 денари | Број | 24 | 6 | 30 |
| | | % | 0,8 | 0,2 | 1,0 |
| | над 50.000 денари | Број | 25 | 5 | 30 |
| | | % | 0,8 | 0,2 | 1,0 |
| | ВКУПНО | Број | 279 | 71 | 350 |
| | | % | 0,8 | 0,2 | 1,0 |

| | став кон професионалната ангажираност-просек | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| дали сте член на некоја политичка партија | | | негативен | позитивен | ВКУПНО |
| | да | Број | 47 | 14 | 61 |
| | | % | 0,8 | 0,2 | 1,0 |
| | не | Број | 232 | 57 | 289 |
| | | % | 0,8 | 0,2 | 1,0 |
| | ВКУПНО | Број | 279 | 71 | 350 |
| | | % | 0,8 | 0,2 | 1,0 |

| | став кон професионалната ангажираност-просек | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | негативен | позитивен | ВКУПНО |
| **дали некои од членовите во Вашето потесно семејство е вработен во полиција или АРМ** | да | Број | 58 | 21 | 79 |
| | | % | 0,7 | 0,3 | 1,0 |
| | не | Број | 221 | 50 | 271 |
| | | % | 0,8 | 0,2 | 1,0 |
| | ВКУПНО | Број | 279 | 71 | 350 |
| | | % | 0,8 | 0,2 | 1,0 |

Коефициентот на корелација меѓу регионалната припадност и ставовите кон војничката професија изнесува 0,1, меѓу националната припадност и ставовите – 0,102, а меѓу материјалната положба и ставовите – 0,128.

Може да се заклучи дека ниту еден од предвидените фактори на влијание врз ставовите кон АРМ и професионалното ангажирање во вооружените сили, не остварува значително влијание врз истите. Во прашање е друг фактор, кој во емпириското истражување не бил предмет на анализа, меѓутоа во теоретската разработка на проблемот анализирани се и други фактори како што се: општеството и можностите кои ѝ ги пружа на младата популација, нејзината животна ситуација, зацртаните вредности на младите, информираноста, знаењата и многу други фактори. Во истражувањето дојдов до заклучок дека младите кои тукушто го завршуваат своето средно образование и се на прагот да зачекорат во светот на возрасните, се многу неинформирани, а информираноста е основа за изградување реални ставови кон општествено – значајните процеси и појави во општеството во кое живеат. Формирањето на ставовите е комплексен процес на кој влијаат многу фактори, па затоа и добиените резултати треба така да се сфатат.

# ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Значајна карактеристика на пополнувањето на современите армии е сè поголемото ангажирање на науката во поставувањето и решавањето на проблемите, поврзани со пополнувањето и примена на најсовремени начини и постапки при одбирањето и класификацијата на луѓето. При тоа, најмногу внимание се посветува на процесот на регрутирањето, обезбедување квалитетна обука, зголемување на мотивацијата во процесот на обуката и задржување на соодветното ниво на квалитет и задоволителна бројна состојба на воениот и цивилниот персонал при што трошоците ќе бидат сведени на рационално ниво.

Во државите, со пораст на националниот доход и високо развиена воена технологија, обврзниците кои служат во кратки термини, сè помалку соодветствуваат на барањата кои се однесуваат на перманентноста во обуката и подготвеноста за брзо и ефикасно дејство. Затоа, во овие држави општата воена обврска забрзано се истиснува како начин на пополнување на вооружените сили и се заменува со професионалниот модел на пополнување. Напоредно со тоа, армиите се намалуваат по големина, вклучуваат далеку помал број обврзници, а повеќе специјалисти и техничари во повисоко диференцираните струки.

Причина за професионализација на армиите е и оценката на аналитичарите дека на стабилноста на Европа не ѝ се закануваат надворешни агресии и војни од поголеми размери, туку регионалните конфликти, етничките судири, организираниот криминал, терористички напади, илегална трговија со воена технологија и слично. За справување со вакви опасности по безбедноста, на Европа ѝ се потребни единици за брза интервенција, мобилни, обучени и опремени за широк спектар на дејства, како за мировни, така и за воени операции.

И покрај стремежот, воено – обврзничкиот модел да се замени со професионален модел на пополнување на вооружените сили, сепак повеќето Европски и други земји и понатаму го задржуваат првиот, но со многу поеластичен приод во неговата примена. Во настојувањето да ги професионализираат своите армии, најголем дел од државите го користат

третиот, комбиниран модел на пополнување. Применувајќи го овој модел, дел од своите постојани сили ги пополнуваат со воени обврзници, а останатиот дел (поголем или помал) со професионални војници. Таквиот модел се карактеризира со кратко служење на воен рок и релативно мали обврски на граѓаните во резервниот состав. Во сите Европски држави постои пораст на професионалниот персонал, без оглед на тоа дали воената обврска е укината или не. Намалувањето на вооружените сили, всушност е намалување на воените обврзници, а зголемување на професионалната компонента. Реформираните европски армии и понатаму работат на подобрување на своите способности, за да може во целост да одговорат на барањата и предизвиците на новото време.

Условите на релативен мир и намалени ризици од евентуален надворешен напад, им овозможуваат на малите земји и тие да му посветат поголемо внимание на преструктуирањето на сопствените армии. Новите облици на загрозување на безбедноста на државите, ја наложуваат потребата од воведување на нови облици на обука кои ќе бидат соодветни на колективните напори за спротивставување на таквите загрозувања. Професионализацијата во овие држави може да ги намали трошоците околу тековните потреби за големиот број воени обврзници и создавање можности за поголеми вложувања во современото опремување и обучување на помалиот професионален состав, како и за обука на резервниот состав. Но со намалувањето на воените обврзници се намалува и базата на обученост на граѓаните за воениот состав, што не им оди во прилог на земјите кои развиваат одбранбена доктрина која се потпира на човечкиот потенцијал и чиј резервен состав е носечкиот дел на војската во случај на напад на земјата.

Намалувањето на армиите, т.е. на воено – обврзничкиот состав, ја нарушува општоста на воената обврска, а скратувањето на времетраењето на воениот рок го скратува периодот потребен за смислена и добра обука. Затоа, при професионализациајата на вооружените сили треба да се води сметка да се професионализираат само мирновременските задачи на војската, а во исто време успешно да се спроведува обука на лицата со кои треба да се пополнува резервниот состав. Со тоа би се створила широка база на обучен кадар за

воениот состав, посебно во делот кој ракува со сложените системи на оружје и опрема.

Сепак, професионализацијата го намалува проблемот со недостаток на регрутен потенцијал и овозможува усовршување на регрутниот систем со примена на најсоодветни методи на селекција и професионална ориентација. Основна цел е да се задоволат барањата на структурите кои се пополнуваат, а при тоа да се води сметка за способностите, интелектуалниот потенцијал, стручните знаења и интереси на луѓето.

Основна интенција (определба) на македонската одбранбена стратегија е да дефинира воен одбранбен систем со мала, современа, мобилна и добро опремена армија, изградена според стандардите на НАТО и своите можности и потреби. Определбата на Република Македонија за влез во Алијансата, бара исполнување на одредени критериуми кои се во насока на доградба на одбранбениот систем и постигнување на повисок степен на кооперативност и компатибилност со одбранбените системи на земјите кои се членки на НАТО. Од Република Македонија се очекува да биде активен партнер во глобалната борба против тероризмот, за што ѝ се потребни соодветно обучени и опремени единици. Во таа насока, АРМ го намали својот состав, го заокружува процесот на професионализација со цел да ја зголеми мобилноста и ефикасноста и прави напори да се опреми со модерно, софистицирано оружје кое е по НАТО стандардите. Реформскиот процес кој треба да заврши во 2007 година, подразбира воведување на бригадна поставеност во структурата на армиските сили, развивање на способностите за ирегуларно војување и за справување со идните закани, целосна деполитизација на АРМ, професионализирање на Армијата и тренинг на единиците во согласност со НАТО стандардите. АРМ треба да биде подготвена и оспособена за борба против терористи, да обезбедува одржување на мирот со нетипични воени процедури, политички и административни вештини, а во исто време оспособена и за водење на класична борба. Извршен е и трансфер на надлежностите на Армијата и полицијата врз граничното обезбедување, со кој контролата и обезбедувањето на државната граница преоѓа во надлежност на полицијата.

Компромисот околу бројноста на постојаниот состав е најден на 7 697 војници и старешини, од кои околу 5 500 ќе го сочинуваат борбениот дел на Армијата. Според тоа, процентуалната застапеност на населението во активните вооружени сили изнесува 0,4% што е сразмерно на процентот во најголемиот број земји членки на НАТО. Ако на оваа бројка нема што да ѝ се замери, на предвидениот квантитет на резервниот состав, секако има, бидејќи во пакетот Закони за АРМ се предвидени само 4 850 припадници во резервниот состав. Со оглед на можностите од загрозување на безбедноста на Република Македонија, одбранбените потреби се поголеми. Диспропорцијата меѓу потребите и можностите на државата не би смеела да биде причина за толку драстично намалување на резервниот состав, кое би можело негативно да се одрази врз безбедносната состојба на државата. Предвидената големина на резервниот состав е доволна под услов да се оствари проценката дека на Република Македонија на подолг рок не ѝ се заканува опасност од конвенционална војна. Меѓутоа, безбедносната ситуација во меѓународната заедница може да се смени мошне неочекувано и брзо, како што, впрочем, тоа се случувало многу пати во историјата, па државата треба да води повеќе сметка за квантитетот и обуката на резервниот состав.

Сознанијата добиени од анализа на моделите на резервните состави во повеќе Европски држави, состојбата, условите, можностите и определбата на Република Македонија во изградбата на своите вооружени сили, овозможуваат да се издвои модел на резервен состав кој одговара на предходно споменатите и некои други фактори. Целта на моделот е да се организира, оспособи, опреми и обучи квантитативно мал, но квалитетен резервен состав со можности за брза мобилизација и вклучување во активностите и операциите на АРМ секогаш кога е тоа потребно. Според овој модел, резервниот состав треба да се состои од: 1. Активна резерва, со јачина на бригада, со висок степен на готовност, во состав на здружената оперативна команда, а пополнувањето да биде на доброволна основа; и 2. Воена резерва, со јачина на две пешадиски бригади со низок степен на готовност, пополнувањето да се врши со граѓани од воената евиденција, а истите би се мобилизирале само во случај на агресија и војна, што значи дека нивните

мирновременски обврски во вооружените сили би биле сведени на неопходниот минимум.

При пополнување на вооружените сили, основен услов за успешно борбено оспособување е рационалното користење на расположливиот човечки потенцијал. Степенот на таа рационалност зависи од тоа дали секој човек е поставен на место на кое може најмногу да придонесе за подигање на степенот на борбената готовност. Поради тоа, во подготовките за одбрана големо значење им се дава на изборот, селекцијата и распоредувањето на припадниците на вооружените сили. Ирегуларното војување наметнува барања за современи војници од кои не се бара само физичка способност, туку и соочување со големи интелектуални и психички предизвици, при што селекцијата на луѓето е неопходна и многу корисна. Но, за да се обезбеди квалитет на човечкиот потенцијал, мора да се има доволен квантитет од кој подоцна ќе се врши избор и распоредување според потребите на единиците. Од друга страна пак, обезбедувањето на квантитетот на човечкиот фактор е можно или со строги законски мерки и санкции, или пак со зголемување на мотивираноста на населението да ги исполнува своите обврски кон одбраната и да се вклучува во процесот на борбената обука.

Во овој труд, направен е обид да се утврди влијанието на некои фактори и карактеристики со психолошки и социјално – економски карактер врз мотивираноста на младата популација за вклучување во процесот на борбената обука во вооружените сили. Презентираните резултати од истражувањето се добиени со испитување на учениците од завршната година во средните училишта, на чија група ѝ припаѓаат идните кандидати за професионални војници. Влијанието на факторите е испитувано со испитување на корелацијата меѓу тие фактори со ставовите на учениците кон АРМ и војничката професија. При тоа, во претпоставката за мотивираноста на учениците, основа беше констатацијата дека ставовите се значаен извор на мотивацијата.

Воочено е дека испитаниците изразија мошне негативни ставови кон војничката професија – 79,7%, а помалку негативни ставови имаат кон АРМ – 53,4%. Резултатите дозволуваат претпоставка дека мотивираноста на младата популација за борбено оспособување е многу ниска, што значи дека во

наредниот период бројот на кандидати за доброволно служење во професионалните единици, ќе биде многу мал. Но, кога се работи за доследноста во мерењето на ставовите, треба да се има во предвид дека декларираните ставови не мора секогаш да бидат вистински ставови, ниту тоа дека луѓето секогаш ќе се однесуваат во согласност со своите ставови. Во своето однесување, тие водат сметка не само за ставовите, туку и за последиците од одредено однесување. Ставовите се само еден од условите за мотивираност или немотивираност за некоја акција, но не и единствен услов.Сигурно е дека со анализа на поедини фактори не може во задоволителна мерка да се објасни, а уште помалку да се предвиди мотивираноста на младите за вклучување во процесот на борбената обука. На неа дејствуваат, истовремено, повеќе фактори од различен карактер, чија оптимална комбинација ќе даде најголема веројатност за мотивираноста. При тоа, треба да се има во предвид дека испитаниците се во период на адолесценција, кој е посебно значаен за конечното формирање на личноста.

Доследно може да се заклучи дека слабата информираност на младата популација за прашањата од одбранбената сфера, неповолно влијае на нивните ставови кон АРМ и војничката професија. Посебно е нагласено чувството на страв од претерани обврски во воените колективи, од намалувањето на личните слободи, како и од можноста да учествуваат во некој потенцијален вооружен судир за време на престојот во вооружените сили. Се доаѓа до заклучокот дека информациите кои ги имаат се недоволни не само по квантитет, туку и по квалитет. Новите решенија во одбранбената сфера, доцна и нецелосно допираат до младата популација, поради што и нивните ставови се повеќе неопределени. Сметам дека е неопходно општеството да посвети повеќе внимание на информирањето на учениците во процесот на образованието, посебно за оние процеси и појави кои имаат поголемо општествено значење, како што е одбраната на државата.

Карактеристично за ставовите кон АРМ и војничката професија е тоа што голем дел од испитаниците се изјасниле дека во АРМ не се води доволно грижа да се задоволат потребите и интересите на луѓето, дека строгите правила на однесување ја ограничуваат нивната самостојност и слобода. Очигледно е дека испитаниците имаат повеќе изразен мотив за самостојност,

на строгите правила на однесување во воениот колектив не им одговараат. Слично е и со мотивот за сигурност. Престојот во воениот колектив и војничката професија не може да им обезбеди материјален успех како некои други професии, затоа војничката професија не ја вреднуваат високо, и сметаат дека нема висок углед во општеството. За војничката професија не постои голем интерес. Тој постои само кај испитаниците кои позитивно ја перцепираат во поглед на можностите да ги задоволат своите потреби, а тоа се околу 23%. Ограничувањата на личната слобода, според резултатите, е најнеповолна карактеристика на војничката професија. Сметам дека причините за слабата мотивираност за професионално ангажирање на младата популација во вооружените сили, во најголем дел треба да се бараат во неусогласеноста на нивниот силен мотив за самостојност и ограничувањето на личната слобода во воените колективи.

Од анализата на факторите за кои се предвидуваше дека имаат влијание врз ставовите кон АРМ и војничката професија, резултатите покажаа дека само националната припадност и материјалната положба имаат одредено влијание кое е незначително. Тоа упатува на заклучокот дека во предвид треба да се земат некои други фактори како што се: информираноста и знаењето, карактеристиките на војничката професија, промените во карактеристиките на младата популација и други. При тоа треба секогаш да се има во предвид тежнеењето на луѓето истовремено да задоволат повеќе мотиви. Војничката професија младите ја вреднуваат според тоа колку таа им пружа можности да ги задоволат мотивите со кои се карактеризира нивната генерација, па доколку можат да задоволат повеќе мотиви значајни за нив, дотолку мотивацијата ќе биде поголема. Промените во карактеристиките на младата популација се доста присутни и мора постојано да се следат за да може да се влијае на нивната мотивација за вклучување во вооружените сили.

Сеуште немаме вистински и целосни објаснувања за негативните ставови и слабата мотивираност на младите за војничката професија, и покрај многу отежнатите можности за вработување на младата популација. Меѓутоа, ова истражување и немаше такви претензии, туку врз основа на теоретската анализа и емпириските резултати од истражувањето да го утврди постоењето или непостоењето на влијание на некои фактори врз ставовите кон АРМ и

